# СЛУЖБЕ Н  Г Л А С Н И К

## НА

## ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА


| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на Општина Крива Паланка<br>Издавач : Општина Крива Паланка<br>Излегува по потреба | Број 15<br><br>30.11.2020 | Гласникот е бесплатен |

Врз основа на член 14, став 1, точка 27 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 8/10,08/14 02/18 и 03/19), Советот на Општина Крива Паланка, на седницата одржана на 27.11.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За усвојување на Програма за работа на ЛУ „Градски музеј“ Крива Паланка за 2021 година**

**Член1**

Со оваа Одлука се усвојува Програма за работа на ЛУ „Градски музеј „ Крива Паланка за 2021 година**.**

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила 8-от ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09– 3365/3**
**27.11.2020 год.**
**Крива Палнака**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10,08/14и 02/18),03/19 Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за усвојување на Програма за работа на ЛУ,, Градски музеј’’Крива Паланка**

1. Се објавува Одлука за усвојување на Програма за работа на ЛУ,, Градски музеј’’Крива Паланка што Советот ја донесе на 45-та седница,одржана на ден 27.11.2020 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08-3365/4**
**30.11.2020 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 14 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Палнка“ бр.08/2010, 08/2014, 02/2018 и 03/2019), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 27.11. 2020 година, донесе

**ПРОГРАМА**

**За активности на Општина Крива Паланка во областа на образование за 2021 година**

Образованието е еден од клучните елементи од кои зависат квалитетот на социјалниот и економскиот живот во општеството. Образованието претставува дејност од јавен интерес кое фокусирано на индивидуално ниво дава можност за стекнување знаења, вештини, пристап за критичко размислување, како и правење избор во насока на подобрување на квалитетот на животот на луѓето од било која возраст и пол (деца, млади и возрасни). На општествено ниво пак, дава можност за севкупен развој на заедницата.

Од тука смислата на децентрализацијата во образованието е да се подобри непосредниот пристап и да се унапреди квалитетот на стандардите во спроведување на образованието, со што се овозможува зголемено учество во процесот на донесување на одлуки и во процесот на управување со училиштата како и ефикасна контрола врз воспитно-образовниот процес и квалитетот на наставата, а се разбира и превземање одговорност за негово финанирање.

**ЦЕЛИ**

Основни цели на оваа програма се:

- Обезбедување активен однос на Советот на Општина Крива Паланка кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните (мажите и жените, момчињата и девојчињата) од областа на образованието,
- Изнаоѓање форми за ефикасно и економично одвивање на образовниот процес,
- Планирање на развојот на образованието,
- Подобрување на условите за обавување на образовниот процес,
- Стимулирање на учениците и ученичките за унапредување на нивните знаења.

**АКТИВНОСТИ**

Активностите на Општина Крива Паланка во областа на образованието во 2021 година ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целите на оваа Програма и тоа:

- Подигање на образовното ниво на младите и возрасните кои се надвор од образовниот систем и зајакнување на нивните стручни и социјални компетенции;
- Елиминирање на можноста од создавање на нови генерации на лица кои се исклучени од образовниот процес;

- Овозможување на едукација, стручно усовршување и мотивација на наставниот кадар;

- Вклучување на родителите и учениците во подготовка на план за управување и активизам во образованието;

- Зголемување на делот на општинскиот буџет наменет за развојни активности во образованието;

- Создавање услови за поефикасно и поекономично одвивање на економскиот процес со реализирање на наредните фази на образование.

## ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите од областа на образованието утврдени со оваа Програма ќе се финансираат од средства во Буџетот на Општина Крива Паланка за 2021 година, Министерство за образование и наука, сопствени приходи на училиштата и од донации.

При реализирање на Програмата, Советот на Општина Крива Паланка ќе ги поддржи институциите и здруженијата на граѓани кои ќе реализираат проекти од областа на образованието финансирани од други инвеститори/заинтересирани партнери, фондации, бизнис сектор и др.

| **ПРЕДВИДЕНИ СРЕДСТВА** | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ред. бр. | Активности | Рок | Носител | Министерство за образование | Сопствени приходи | Општина Крива Паланка | Др.извори и донации | Вкупно |
| 1 | Стипендии за талентирани ученици/чки и студенти/тки | септември | Општина Крива Паланка | | | 549.000 | | 549.000 |
| 2 | Субвенциониран превоз на студенти /тки | октомври | Општина Крива Паланка | | | 51.800 | | 51.800 |
| 3 | Прием на првачиња во основните училишта | септември | Општина Крива Паланка | | | 80.000 | | 80.000 |
| 4 | Осигурување за одговорност од предизвикана штета на училишни објекти | тековно | Општина Крива Паланка | | | 100.000 | | 100.000 |
| 5 | Поддршка на талентирани ученици/чки за учество на државни и меѓународни | По потреба | Општина Крива Паланка и училиштата | | | 20.000 | | 20.000 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | натпревари | | | | | | | |
| 6 | Избор на најуспешен просветен работник/чка | 24 -ти мај | Општина Крива Паланка | | | 30.000 | | 30.000 |
| 7 | Реконструкција и уредување на отворени спортски терени и дворни места во училиштата(при утврдување на приоритетите ќе се води сметка за родовиот аспект) | Родовиот аспект ќе биде запазен при утврдување на приоритетите | Општина Крива Паланка | | | 70.000 | | 70.000 |
| 8 | Манифестации организирани од основните и средните училишта по разни поводи | тековно | Основните и средното училиште | | | 20.000 | | 20.000 |
| 9 | Организирана посета на културно-историски настани во градот | тековно | Основните и средното училиште | | | 20.000 | | 20.000 |
| 10 | Учество на општината во партнерски проекти | тековно | Општина Крива Паланка | | | 50.000 | | 50.000 |
| 11 | Обезбедување на училишни објекти | јануари | Општина Крива Паланка | | | 1.800.000 | | 1.800.000 |
| 12 | Непредвидени трошоци | 2021 | Општина Крива Паланка | | | 30.000 | | 30.000 |
| 13 | Блок дотација за основно образование | Тековно 2021 год. | Министерство за образование и наука | | | | | |
| 14 | Блок дотација за средно образование | Тековно 2021 год. | Министерство за образование и наука | | | | | |
| | **СЕ ВКУПНО денари** | | | | | **2.820.800** | | **2.820.800** |

*Во Програмата за активности на Општина Крива Паланка во областа на образование за 2021 година во добар дел е застапено родово сензитивното планирање и планираниот износ на родово одговорна алокација на буџетски средства изнесува 650.000,00 денари.*

**ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ**

Други форми на активности со кои ќе се помага образованието се:

- обезбедување стручна, техничка и друг вид поддршка со кадри и опрема со која располага општината,
- создавање услови за воведување нови образовни профили во образовниот процес,
- зголемување на можностите за професионална ориентација,
- истражувања поврзани со пороците на денешнината (дрога, алкохол и сл.) и застапеноста меѓу учениците/-чките
- анализа на податоците на ученици/-чките кои завршиле основно образование за задолжителноста за упис во средно образование.

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, истата ќе се објави во Службен гласник на Општина Крива Паланка, а ќе се применува од 01.01.2021 година.

**Бр.09-3365/5**
**27.11.2020 година**
**Крива Паланка**

**Совет на Општина Крива Паланка**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10,08/14и 02/18),03/19 Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Програма за активности на Општина Крива Паланка во областа на образование за 2021 година**

1. Се објавува Програма за активности на Општина Крива Паланка во областа на образование за 2021 година , што Советот ја донесе на 45-та седница,одржана на ден 27.11.2020 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08-3365/6**
**30.11.2020 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 157 од Законот за основно образование („Сл.весник на РМ“ бр.103/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012,100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017, 64/2018, 161/2019, 229/2020), член 101 од Законот за средно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017, 64/2018, 229/2020 ), член 22 став 1 точка 8 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 14 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Крива Паланка („Сл.гласник на Општина Крива Паланка“ бр.08/2010, 08/2014, 02/2018 и 03/2019), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 27.11. 2020 година, донесе

## О Д Л У К А

### За распределба на средства од блок дотација за 2021 година

**Член 1**

Блок дотацијата за основно образование за Општина Крива Паланка за 2021 година е 120.677.000, 00 денари.

**Член 2**

Овие средства се распределуваат на двете основни училишта „Илинден“ и „Јоаким Крчовски“ според Правилник за утврдени стандарди и нормативи за распределба на средства донесен од страна на Совет на Општина Крива Паланка бр.09-2528/41 од 30.11.2017 година.

**Член 3**

Основни критериуми за распределба се вкупен број на ученици во училиштата, бројот на паралелки, сменското работење на училиштата, бројот на подрачни училишта, број на вработени во училиштата, број на ученици кои користат превоз.

**Член 4**

Според критериумите за ООУ „Јоаким Крчовски“ припаѓат **60,18%** од блок дотацијата, односно **72.622.572,00 денари,** а на ООУ „Илинден“ припаѓаат **39,82%** од блок дотацијата, односно **48.054.428,00 денари**.

**Член 5**

Во средствата на ООУ „Јоаким Крчовски“ спаѓаат и средствата за ОУД “Боро Менков” во износ од **959.940,00 денари.**

**Член 6**

Распределбата на средства за ОУД „Боро Менков“ е бидејки во домот престојуваат десет ученика кои учат во ООУ „Јоаким Крчовски“, а се сместени во домот за ученици.

**Член 7**

За средното образование блок дотацијата изнесува **47.030.000,00 денари** и целокупниот износ припаѓа на СОУ „Ѓорче Петров“.

**Член 8**

Блог дотацијата за детска заштита изнесува **20.000.000,00 денари** и целокупниот износ припаѓа на ОЈУДГ „Детелинка“.

**Член 9**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Крива Паланка.

**Бр.09-3365/7**
**27.11.2020 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10,08/14и 02/18),03/19 Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за распределба на средства од блок дотација за 2021 година**

1. Се објавува Одлука за распределба на средства од блок дотација за 2021 година , што Советот ја донесе на 45-та седница,одржана на ден 27.11.2020 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08-3365/8**
**30.11.2020 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 22 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ бр.05/02) и член 14 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка бр.08/10, 08/14, 02/18 и 03/19), Советот на Општина Крива Паланка на седница одржана на 27.11.2020 година донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за активностите на Општина Крива Паланка во областа на развојот на информатичко - комуникациската технологија за 2021 година**

**Развојни приоритети и цели**

Програмата за развој на ИКТ е креирана во согласност со националните ИКТ стратегии и Стратегијата за локален развој на Општина Крива Паланка 2015-2020 и претставува продолжување на политиката на Општината во делот на ИКТ од претходните години, односно надградба и усовршување на досегашните постигнувања во насока на ефикасна, лесно достапна и транспарентна општина со висок квалитет на услуги за граѓаните и бизнисите.

Целта на програмата е да се овозможи ефикасно и транспарентно работење на администрацијата, да се подобри квалитетот и достапноста на услугите, а вооедно, да се намалат трошоците со оптимално користење на информатичките и комуникациските технологии.

Активностите на Општината во делот на ИКТ за 2021 година ќе бидат насочени во повеќе области и тоа:

- Континуирано одржување на оперативноста на информатичко - комуникацискиот систем на општината;
- Имплементација на нови ИТ решенија и нивна интеграција со постојниот систем;
- Креирање на услови за развој на електронски услуги;
- Модернизирање на хардверската инфраструктура и примена на современи алатки за подобрување на тековното работење.

**Проектни активности**

Проектните активности се во согласност со законските норми и прописи, националните ИКТ стратегии и Стратегијата за локален развој на Општина Крива Паланка 2015-2020.

1. **Географски информативен систем (ГИС)**

Општина Крива Паланка согласно стратешката определба имплементира решение за Географски информациски систем (ГИС), кој е матица на сите информации што ги поседува општината, кои во себе содржат географска компонента. Тековно е планирано апликацијата да се унапреди со дополнителни модули за прибирање на податоци од граѓаните за потребите на општината.

2. **Подобрување на информатичко – комуникациската инфраструктура**

Општина Крива Паланка ги следи сите новини и измени во делот на примената на ИКТ во работењето на општинската администрација. Во наредниот период се планира набавка на нов

хардвер согласно потребите на Општината и замена на постојниот, кој е стар и дотраен. Согласно потребите ќе се изврши надоградба и набавка на нови апликативни решенија за непречено одвивање на административните процеси во Општината.

**3. Одржување на апликации и хостирање**

Општина Крива Паланка во работењето користи апликации од трети лица како и услуги за хостирање за чие непречено функционирање е предвидено тековно одржување во 2021 година.

**4. Тековно одржување и надградба на хардвер, софтвер и мрежна инфраструктура**

Општина Крива Паланка располага со сервери, десктоп компјутери, преносни компјутери, мултифункциски уреди, принтери и мрежна опрема за кои е предвидено тековно одржување за овозможување на непречено функционирање на службите чие работење е поврзано со користење на ИКТ.

| **Р.бр.** | **Активност** | **Предвидени средства (мкд)** |
|---|---|---|
| 1. | Изнајмување на ГИС инфраструктура и интегрирање во работните процеси | 1.000.000,оо |
| 2. | Подобрување на информатичко – комуникациската инфраструктура (набавка на хардвер, софтвер и лиценци) | 500.000,оо |
| 3. | Трошоци за одржување на апликации од трети лица и хостирање (mt.net/ marnet / edusoft / aspekt/mbs …) | 450.000,оо |
| 4. | Тековно одржување и надградба на хардвер и софтвер и мрежна инфраструктура | 800.000,оо |
| | **ВКУПНО:** | **2.750.000,оо** |

**Преодни и завршни одредби**

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, истата ќе биде објавена во службен гласник на Општина Крива Паланка, а ќе се применува од 01.01.2021 година.

**Бр. 09-3365/9**
**27.11.2020 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10,08/14и 02/18),03/19 Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Програма за активности на Општина Крива Паланка во областа на развој на информатичка технологија за 2021 година**

1. Се објавува Програма за активности на Општина Крива Паланка во областа на развој на информатичка технологија за 2021 година , што Советот ја донесе на 45-та седница,одржана на ден 27.11.2020 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08-3365/10**
**30.11.2020 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 14 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Палнка“ бр.08/2010, 08/2014, 02/2018 и 03/2019), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 27.11.2020 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**За активностите на Општина Крива Паланка во областа на спорт за 2021 година**

**ЦЕЛИ**

Основни цели на Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на спорт во 2021 година се:

- Учество на општината во организирањето и збогатувањето на спортско-рекреативниот живот во градот;

- Создавање услови за реализирање на спортско-рекреативните активности на граѓаните, жените и мажите, девојчињата и момчињата, особено младите и здруженијата на граѓани од областа на спортот;

- Афирмација на Општина Крива Паланка во која особено внимание се посветува на создавањето услови за правилно насочување на младите и организирање на нивните слободни активности;

- Афирмација на сите спортски клубови и поединци кои постигнуваат успех во Македонија и надвор од неа.

**АКТИВНОСТИ**

При креирање на Програмата активностите воглавно се насочуваат кон:

- Изнаоѓање и имплементација на законски решенија кои имплицитно ќе влијаат врз дејноста спорт и физичка култура,
- Сочувување на континуитетот на традиционалните спортски манифестации,
- Поттикнување и поддршка на програмите на спортските клубови,
- Унапредување на училишниот спорт преку мотивиран стручен кадар,
- Обезбедување на расположливост на објектите за спорт во училиштата,
- Развивање на масовниот спорт,
- Подржување на екипи и поединци кои постигнуваат врвни резултати,
- Рекретаивно спортување кај повозрасните жени и мажи,
- Женски крос против семејно и родово базирано насилство.

**ФИНАНСИРАЊЕ**

Финансирањето на активностите утврдени со оваа програма е од Буџетот на Општина Крива Паланка, Агенцијата за млади и спорт, спонзорства, донации и спортски сојузи.

За активностите од областите што ги опфаќа оваа Програма, а кои со својата актуелност и интерес ќе се појават во текот на 2021 година ќе бидат ангажирани дополнителни средства од Буџетот на Општина Крива Паланка.

| ПРЕДВИДЕНИ СРЕДСТВА | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ред Бр. | СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ | Рок | Носител | Агенција за спорт и млади | Сопствени приходи | Општина Кр.Паланка | Др.извори донации | Вкупно |
| 1. | Стипендии за талентирани спортисти и спортистки | 2021 година | Општина КриваПаланка | | | 477.000,00 | | 477.000,00 |
| 2. | Првомајски крос натпревар | 1.мај | Општина Крива Паланка и сите училишта | | | 30.000,00 | | 30.000,00 |
| 3. | Турнир во Пинг-Понг | По утврден календар | Понпонгарски клуб | | | 40.000,00 | | 40.000,00 |
| 4. | Турнир во Кошарка | По утврден календар | Кошаркарски клуб | | | 40.000,00 | | 40.000,00 |
| 5. | Турнир во тенис | По утврден календар | Тениски клуб | | | 40.000,00 | | 40.000,00 |
| 6. | Турнир во мал фудбал | По утврден календар | Фудбалски клуб | | | 40.000,00 | | 40.000,00 |
| 7. | Турнир во карате | По утврден календар | Карате клуб | | | 40.000,00 | | 40.000,00 |
| 8. | Турнир во ракомет | По утврден | Ракометен клуб | | | 40.000,00 | | 40.000,00 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | календар | | | | | | |
| 9. | Спортски натпревари за патрон празници на училишта | По утврден календар | Училиштата во соработка со Општина Крива Паланка | | | 30.000,00 | | 30.000,00 |
| 10. | Подршка на училишен спорт – училишни спортски клубови(ќе се води сметка за еднаква родова застапеност при давањето на поддршка – врамнотеженост помеѓу женски и машки спортски клубови) | По утврден календар | Општина Крива Паланка | | | 50.000,00 | | 50.000,00 |
| 11. | Набавка на спортска опрема и реквизити (еднаква родова застапеност при давањето поддршка ). | По утврден календар | Општина Крива Паланка | | | 25.000,00 | | 25.000,00 |
| 12. | Рекреативно спортување кај повозраните жени и мажи- трка во брзо одење на пензионерки и пензионери | Јануари – Декември 2021 | Здружение на пензионери и пензионерки | | | 20.000,00 | | 20.000,00 |
| 13 | Женски крос/подигање на свеста против семејно и родово базирано насилство | Јануари – Декември 2021 | НВО сектор | | | 20.000,00 | | 20.000,00 |
| | **СЕ ВКУПНО денари** | | | | | **892.000,00** | | **892.000,00** |

*Во Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на спорт за 2021 година во поголем дел е застапено родово сензитивното планирање и планираниот износ на родова одговорна алокација на буџетски средства изнесува 592.000,00 денари.*

**ДРУГИ ФОРМИ НА ДЕЛУВАЊЕ**

Освен со финансиски средства Општина Крива Паланка ќе ги помага спортските манифестации и со:

- доделување награди и признанија;
- обезбедување стручна, техничка и други видови помош.

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, истата ќе се објави во Службен гласник на Општина Крива Паланка, а ќе се применува од 01.01.2021 година.

**Бр.09-3365/11**
**27.11.2020 година**
**Крива Паланка**

**Совет на Општина Крива Паланка**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10,08/14и 02/18),03/19 Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Програма за активности на Општина Крива Паланка во областа на спорт за 2021 година**

1. Се објавува Програма за активности на Општина Крива Паланка во областа на спорт , што Советот ја донесе на 45-та седница,одржана на ден 27.11.2020 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08-3365/12**
**30.11.2020 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 22 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 7 точка 3 од Законот за култура („Службен весник на Република Македонија“ бр.31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18) и член 14 точка 11 од Статутот на Општина Крива Паланка („Сл. гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10, 8/14, 2/18 и 3/19), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 27.11.2020 година, донесе

**ПРОГРАМА**

**За активностите на Општина Крива Паланка во**

**областа на културата и културните манифестации за 2021 година**

## I.ЦЕЛИ

Основни цели на оваа Програма се:

-Обезбедување на активен однос на Општина Крива Паланка кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на културата и уметноста;

-Сочувување и афирмирање на духовното културно наследство на Крива Паланка и Кривопаланечкиот регион;

-Сочувување и афирмирање на културниот идентитет на Општина Крива Паланка и Кривопаланечкиот регион;

-Создавање услови за развој, афирмација и популаризација на културата и уметноста;

-Воведување нови форми и содржини на културно творење и изразување;

-Мотивирање за активно учество на локалните културни установи, организации и поединци/ки во реализирање на Програмата.

## II.АКТИВНОСТИ

Активностите на Општина Крива Паланка во областа на културата ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целите на оваа Програма и тоа:

-Реализирање на манифестации, настани, програми и проекти кои и даваат посебно обележје на Општина Крива Паланка;

-Поддршка на локалните културни установи, организации и поединци/ки во реализирање на Програмата;

-Гостување на еминентни уметници од Република Македонија и странство во Општина Крива Паланка;

-Унапредување на меѓународна културна соработка со збратимени градови на Општина Крива Паланка врз реципрочна основа;

-Остварување на продуктивна соработка со домашни и меѓународни асоцијации, организации и фондации кои го помагаат развојот на културата во локалните заедници;

## 1. Празници, манифестации и настани

| Р.Б рој | **1. Празници, манифестации настани** | **Носител** | **Партнери / Коорганизатори** | **Планирани активности** | **Средства Вкупно (изразени во денари)** |
|---|---|---|---|---|---|
| | **ЈАНУАРИ** | | | | |
| 1 | ***БАДНИК***<br>***5-ти Јануари***<br>Одбележување на празникот Бадник со берење на бадниково дрво; палење на коледарски оган; избор на кум и народна веселба<br>**Место:** Градски плоштад | Општина<br>Крива Паланка | МПЦ - ОА, Кривопаланечко Архиерејско намесништво | - организација и логистика;<br>- продукти и материјали;<br>- промотивен материјал;<br>- водител;<br>- учесници; | 30.000 |
| 2 | **ВОДИЦИ**<br>***19 Јануари***<br>Организирање на настан- осветување на водите во Крива Паланка и фрлање на крст.<br>**Место:** Градски плоштад / Крива Река | Општина<br>Крива Паланка | МПЦ - ОА, Кривопаланечко Архиерејско намесништво | -Подароци за лицата кои ќе го фатат крстот<br>-Обезбедување на чај и топла ракија | 30.000 |
| | **МАРТ** | | | | |
| 3 | **ПОКЛОНЕНИЕ НА СВ. ТЕОДОР ТИРОН - ТОДОРИЦА**<br>***8-ми Март***<br>Организација на манифестација Свечено поклонение на Св. Теодор Тирон со учество на снаи свекрви, група за изворен фолклор и свечена трпеза;<br>**Место:** црква Св. Теодор Тирон, | Општина<br>Крива Паланка | МЗ Конопница<br>МПЦ-ОА КАН<br>Здружение РЗСР Патник Кр. Паланка<br>НУ Центар за култура | - дизајн и печат. на промотивни материјали;<br>- логистика и организација;<br>- продукти и материјали;<br>- ангажирани лица; | 60.000 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | с. Конопница | | | - ученици<br>- музичка придружба | |
| 4 | **КОНКУРС ЗА КАРИКАТУРА**<br>***1-15 Март***<br>Кооганизација на Меѓународен конкурс за карикатура од Манифестацијата „Невестинско Поклонение“<br>**Место:** општина Кр. Паланка | Здружение<br>РЗСР Патник<br>Кр. Паланка | Општина<br>Крива Паланка | - организација и логистика;<br>- хонорари<br>- наградаи<br>- материјали;<br>- промотивен материјал; | 40.000 |
| | **АПРИЛ** | | | | |
| 5 | **ДЕН НА ШЕГАТА**<br>***1-ви Април***<br>Кривопаланечки маскенбал со учество на деца и ученици; пречек и и свечено претставување на маските и избор на најдобри маски<br>**Место**: плоштад Карпошово востание | Општина<br>Крива Паланка и<br>НУ Центар за култура | ЈОУД „Детелинка“<br>ООУ ЈОаким Крчовски<br>ООУ Илинден | - организација и логистика;<br>- продукти и материјали;<br>- промотивен материјал;<br>- водител;<br>- учесници | 60.000 |
| 6 | **ДЕН НА РОМИТЕ**<br>***7-ми април***<br>Одбележување<br>На меѓународен ден на ромите со прием од страна на градоначалникот и свечен коктел<br>**Место**: / | Општина<br>Крива Паланка | / | - продукти и материјали; | 30.000 |
| 7 | **ВЕЛИГДЕНСКА ТРАДИЦИЈА**<br>***21-ви Април***<br>Хепенинг за избор на најдобро украсено велигденско јајце, декорација; дегустација на храна и пригодна музичка програма<br>**Место**: плато пред ЛУ Градски Музеј | ЛУ Градски Музеј | Општина Кр. Паланка<br>НУ Центар за култура | - организација и логистика;<br>- продукти и материјали;<br>- промотивен материјал;<br>- водител;<br>- учесници | 30.000 |
| | **МАЈ** | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 8 | **ДЕН НА ЕВРОПА – ДЕН НА ПОБЕДАТА**<br>***9-ти Мај***<br>Хепенинг со учество на деца и ученици; свечено претставување на штандови и креативни изработки и/или изложбени активности<br>**Место:** Градски плоштад или галериски простор | Општина<br>Крива Паланка | СОУ Ѓорче Петров<br>ООУ Јоаким Крчовски<br>ООУ Илинден<br>ЈУДГ Детелинка<br>НУ Центар за култура<br>ЛУ Градски музеј | - организација и логистика;<br>- продукти и материјали;<br>- промотивен материјал;<br>- водител;<br>- учесници | 30.000 |
| 9 | ***СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ – ДЕН НА ПРОСВЕТАТА И КУЛТУРАТА***<br>***24-ти Мај***<br>Свечена академија по повод празникот со свечена програма и доделување на награди за најдобар просветен работник и најдобар ученик<br>**Место:** НУ Центар за култура | Општина<br>Крива Паланка | СОУ Ѓорче Петров<br>ООУ Јоаким Крчовски<br>ООУ Илинден<br>ЈУДГ Детелинка<br>ОУД Боро Менков | - логистика и организација;<br>- учесници;<br>- промотивен материјал | 80.000 |
| | **ЈУНИ** | | | | |
| 10 | **ЧИТАМЕ МУЗИКА**<br>Организација на интергиран настан: читање / рецитирање / музицирање со цел промоција и популаризација на книжевноста и поезијата и мак.музика<br>**Место:** НУ Центар за култура / Библиотека Кочо Рацин и др. лок. | НУ Центар за<br>култура | Библиотека<br>„Кочо Рацин“<br>Литературен клуб<br>„КАЛИН“ | - логистика и организација;<br>- учесници;<br>- промотивен материјал | 30.000 |
| | **ЈУЛИ** | | | | |
| 11 | ***Трилатерална Погранична средба КРАИШТЕ 2021***<br>***12 јули***<br>Културно – забавна средба со народна веселба (собор) на македонско – српската граница во организација на општините Крива Паланка (Р.С.М), Ќустендил (Р.Б) и Босилеград (Р.С).<br>**Место:** с. Голеш | Општина<br>Крива Паланка | НУ Центар за култура | - логистика и организација;<br>- учесници;<br>- промотивен материјал | 40.000 |
| 12 | ***КРИВОПАЛАНЕЧКО КУЛТУРНО ЛЕТО*** | Општина | НУ Центар за | -музичко - сценски | 400.000 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | ***20 јули - 20 август***<br>Летна културна манифестација со кулрурни содржнини од музичко - сценски, драмски, поетски и ликовен карактер (пр. ОСОГОВ. СТАРОГРАДСКА ВЕЧЕР, УМЕТНОСТ И МУЗИКА и и др)<br>**Место:** разл. локации | Крива Паланка | култура<br>ЛУ Градски Музеј<br>Други здруженија и организации | настани;<br>драмски претстави<br>-поетски читања<br>-ликовни настани;<br>-фолклорни изведби | |
| | **АВГУСТ** | | | | |
| 13 | **„ЏОЈ ФЕСТ“ МУЗИЧКИ ФЕСТИВАЛ**<br>***23-25 Август***<br>Организација на <u>9-то</u> издание на реномираниот музички фестивал „ЏОЈ ФЕСТ“<br>**Место:** плоштад Карпошово востание | Здружение Музички фестивал ЏОЈ ФЕСТ<br>Кр. Паланка | ОО ЏОЈ ФЕСТ | - логистика и организација;<br>- авторски права;<br>-учесници;<br>-промотивен материјал | 400.000 |
| 14 | ***ИНТЕРНАЦИОНАЛЕН ФОЛКОРЕН ФЕСТИВАЛ „Св. Јоаким Осоговски„***<br>***25,26,27 Август***<br>Организација на <u>16-то</u> издание на Интернационалниот Фолклорен Фестивал со учество на гости од Бугарија, Србија, БИХ, Турција, Словачка , Полска и др.<br>**Место:** Градски плоштад | НУ Центар за култура Крива Паланка | КУЗ Карпош<br>КУЗ Фолклористи<br>КУД 8-ми Октомври | - логистика и организација;<br>- авторски права;<br>- учесници;<br>-промотивен материјал | 400.000 |
| | **СЕПТЕМВРИ** | | | | |
| 15 | ***МЕЃУНАРОДНА ЛИКОВНА КОЛОНИЈА „Св.Јоаким Осоговски„***<br>***5-15 Септември***<br>Организација на <u>35-то</u> издание на реномираната Меѓународна Ликовна Колонија Св. Јоаким Осоговски<br>**Место:** Манастир Св. Јоаким Осоговски | Здружение<br>МЛК Св. Јоаким Осоговски<br>Кр. Паланка | Општина Кр. Паланка<br>МПЦ-ОА<br>Кумановско Осоговска Епархија | - логистика и организација;<br>-промотивен материјал | 50.000 |
| | **ОКТОМВРИ** | | | | |
| 16 | ***МЕЃУНАРОДЕН ТЕАТАРСКИ*** | Општина | НУ Центар за | - логистика и | 400.000 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | ***ФЕСТИВАЛ „Св. Јоаким Осоговски“***<br>***6-14 Октомври***<br>Организација на 12-то издание на Меѓунар. Театарски Фестивал со учество на театри од земјата и странство<br>**Место:** НУ Центар за култура | Кр. Паланка<br>и<br>Здружение<br>МТФ Св. Јоаким Осоговски Кр. Паланка | култура | организација;<br>- авторски права;<br>- учесници;<br>-кетеринг<br>- транспорт<br>-промотивен материјал | |
| | **НОЕМВРИ** | | | | |
| 17 | **НАИВА / КРЕАТИВА**<br>***1-5 Ноември***<br>Организација на настан од наивната / аматерската уметност: изложба, перформанс, дизајн, ревија, инсталација и сл.<br>**Место:** НУ Центар за култура или др. локација | НУ Центар за<br>култура | Општина Кр. Паланка | - логистика и организација;<br>- авторски права;<br>- учесници;<br>- кетеринг<br>- транспорт<br>- промотивен материјал | 30.000 |
| 18 | **ЕСЕНСКИ МУЗИЧКИ ВИБРАЦИИ**<br>***5-10 Ноември***<br>Организација на концерти од класичната, џез и соул музиката како и др. типови на стилизирана некомерцијална музика<br>**Место:** НУ Центар за култура или др. локација | Здружение „Центар за аудиовизуелни уметности - Кр. Паланка | Општина Кр. Паланка<br>НУ Центар за култура | - логистика и организација;<br>- авторски права;<br>- материјали и продукти;<br>- учесници;<br>-промотивен материјал | 60.000 |
| | **ДЕКЕМВРИ** | | | | |
| 19 | **„РАСПЕАНО СИМИТЧЕ“ ДЕТСКИ ФЕСТИВАЛ**<br>***1 -15 ти Декември***<br>Организација на 7-мо издание на Музички фестивал за младите кривопаланчанчиња за промоција на нови таленти и негување на музичките вредости<br>**Место:** НУ Центар за култура | Здружение „Центар за аудиовизуелни уметности - Кр. Паланка | Општина Кр. Паланка<br>НУ Центар за култура | - логистика и организација;<br>- авторски права;<br>- материјали и продукти;<br>- учесници;<br>-промотивен материјал | 300.000 |
| 20 | ***НОВОГОДИШНИ ПРАЗНУВАЊА*** | Општина | НУ Центар за | - логистика и | 100.000 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | ***/ФЕСТИВАЛ/***<br>***25-31 Декември***<br>Предновогодишни празнувања / фестивал/ со културни настани, концерти и изложби; конкурс и избор на Избор на новогодишно украсена куќа, тераса и излог во Крива Паланка; дневен новогодишен настан и вечерен концерт<br>**Место**: Плоштад Карпошово востание и други разл. локации | Крива Паланка | култура<br>ЛУ Градски Музеј | организација;<br>- авторски права;<br>- материјали и продукти;<br>- учесници;<br>-промотивен материјал | |
| | **ВКУПНО** | | | | **2.600 000** |

## 2. Одбележување на празници, годишнини, настани и личности

| Р.Б рој | 2. Одбележување на годишнини, настани и личности | Носител | Партнери / Коорганизатори | Планирани активности | Средства<br>Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | **ЈАНУАРИ** | | | | |
| 1. | **БОЖИЌ**<br>***7-ми Јануари***<br>Свечена Божиќна Литургија<br>**Место:** црква Св. Димитриј | МПЦ - ОА, Кривопаланечко Архиерејско намесништво | Општина<br>Крива Паланка | Присуство на градоначалник и претседател на Совет на општина и Советници | 0 |
| | **АВГУСТ** | | | | |
| 2. | **2-ри АВГУСТ - ИЛИНДЕН**<br>***2-ри Август***<br>Свечено одбележување на денот и полагање на свежи цвеќе<br>**Место:** плоштад Карпошово востание | Општина<br>Крива Паланка | Сојуз на борци<br>Здруженија на граѓани<br>Политички партии<br>Локални институции<br>и установи | организација и логистика;<br>- продукти и материјали;<br>- промотивен материјал;<br>- водител;<br>- учесници | 20.000 |
| 3. | ***СВЕТИ ЈОАКИМ ОСОГОВСКИ***<br>***29-ти Август***<br>Прослава на општинскиот празник Св. Јоаким Осоговски - заштитникот на градот Кр. Паланка | Општина<br>Крива Паланка | МПЦ - ОА, Кривопаланечко Архиерејско намесништво | - логистика и организацијаза прием и пречек на гости и делегации од земјата и странство | 30.000 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Место:** / | | | | |
| | **СЕПТЕМВРИ** | | | | |
| 4. | **8-МИ СЕПТЕМВРИ – ден на осамостојувањето**<br>***8-ми Септември***<br>Свечено одбележување на денот на осамостојувањето и полагање на свежо цвеќе на споменик на паднати борци од НОВ<br>**Место:** плоштад Карпошово востание | Совет на Општина<br>Крива Паланка | Сојуз на борци<br>Здруженија на граѓани<br>Политички партии<br>Локални институции<br>и установи | - организација и логистика;<br>- продукти и материјали;<br>- промотивен материјал;<br>- водител;<br>- учесници | 20.000 |
| | **ОКТОМВРИ** | | | | |
| 5. | **8-МИ ОКТОМВРИ - празник на градот**<br>***8-ми Октомври***<br>Организација на празникот на градот со Свечена седница на Советот на општина Крива Паланка, полагање на свежо цвеќе и доделување на осмооктомвриски награди<br>**Место:** плоштад Карпошово востание | Општина<br>Крива Паланка<br>градоначалник | Сојуз на борци<br>Здруженија на граѓани<br>Политички партии<br>Локални институции<br>и установи | - организација и логистика;<br>- продукти и материјали;<br>- промотивен материјал;<br>- водител;<br>- учесници | 60.000 |
| 6. | **11-ТИ ОКТОМВРИ –**<br>**Ден на востанието**<br>***11-ти Октомври***<br>Свечено одбележување на 11-ти Октомври - Ден на востанието на РМ со полагање на цвеќе на спомeникот од НОБ<br>**Место:** плоштад Карпошово востание, споменик од НОБ | Совет на Општина<br>Крива Паланка | Сојуз на борци<br>Здруженија на граѓани<br>Политички партии<br>Локални институции<br>и установи | - организација и логистика;<br>- продукти и материјали;<br>- промотивен материјал;<br>- водител;<br>- учесници | 20.000 |
| | **ВКУПНО** | | | | **150.000** |

## Вкупни трошоци

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **СЕ ВКУПНО (1,2,3)** | | | | **2.750.000** |

## III.ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите од областа на културата утврдени со оваа Програма ќе се финансираат од средствата на Буџетот на Општина Крива Паланка предвидени за 2021 година, средства од Буџетот на Република Северна Македонија, спонзорстава и донации.

При реализација на Програмата, Советот на Општина Крива Паланка ќе ги подржи организаторите на манифестациите и реализаторите на проектите за обезбедување на финансиски средства и друга помош од:

-Министерство за култура на Република Северна Македонија;

-Трговски друштва, јавни претпријатија, фондации и други правни и физички лица;

-Заинтересирани партнери за соработка во земјата и странство;

-Други извори.

| | | |
|---|---|---|
| | **Општина Крива Паланка** | **2.000.000** |
| | **Министерство за култура** | **500.000** |
| | **Други извори и донации** | **250.000** |
| | **ВКУПНО** | **2.750.000** |

## IV.РАСПОРЕДУВАЊЕ НА БУЏЕТСКИ СРЕДСТВА

Содржините предвидени со оваа програма се финансираат со посебни ставки во Буџетот на општината.

По потреба програмата ќе се дополнува со активности за кои ќе се утврди дека се во согласност со целите на Програмата.

## V. МАНИФЕСТАЦИИ ПОДРЖУВАНИ СО ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

### ДЕН НА ОПШТИНАТА

За 8-ми Октомври, Денот на Општина Крива Паланка се подготвува специјална програма проследена со содржини од областа на спортот, културата, свечена седница на Советот на Општина Крива Паланка и оддавање почит на значајни личности, настани и борци учесници во ослободувањето на градот.

## VI.ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

Други форми и активности со кои ќе се помагаат културни манифестации, приредби и проекти се следните:

-обезбедување стручна, техничка и друга подршка со кадар и опрема со која располага општината;

-обезбедување сместувачки услуги за учесниците на одделени манифестации;

Овие форми на активности ќе се реализираат согласно можностите на Општина Крива Паланка.

## VII.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, истата ќе се објавуви во Службен гласник на Општина Крива Паланка, а ќе се применува од 01.01.2021 година.

**Бр.09-3365/13**
**27.11.2020 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10,08/14и 02/18),03/19 Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Програма за активностите на Општина Крива Паланка во областа на културата и културните манифестации за 2021 година**

1. Се објавува Програма за активности на Општина Крива Паланка во областа на културата и културните манифестации за 2021 година , што Советот ја донесе на 45-та седница,одржана на ден 27.11.2020 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08-3365/14**
**30.11.2020 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална Самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02) и член 14 точка 41 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ број 08/2010, 08/2014, 02/2018 и 03/2019), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на 27.11.2020 година, донесе

**ПРОГРАМА ЗА**
**ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ**
**НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА ЗА 2021 година**

**Вовед:**

Програмата за локален економски развој претставува дефиниран збир на активности, кои се планира да се реализираат во текот на 2021 година. Реализацијата на оваа програма треба да потикне и обезбеди континуиран одржлив развој, кој треба да го подобри нивото на животниот стандард на жителите на Крива Паланка.

Општините со Законот за локална самоуправа од 2002 година, имаат надлежност и улога да го водат и спроведуваат планирањето на локалниот економски развој, покрај приватниот сектор како главен двигател на локалниот економски развој, бидејќи мерките на национално ниво не секогаш се во можност прецизно да ги идентификуват потребите на општините.

Битно да се спомене е дека сите мерки кои ги предлага и презема локалната власт се индиректни и поттикнувачки, со што се овозможува откривањето на најдобрите практики за развој и одржлив економски раст да припадне на граѓаните и граѓанките, бидејќи подготвеноста за активно учество на заедницата е пресудна за успешно спроведување на иницијативите.

Вклученоста на цела мрежа луѓе и институции претставува клучен елемент за локалниот економски развој, а физичкиот и човечки капитал, природните ресурси и технолошкото знаење се фактори кои доколку правилно се искористат во голема мера ќе ја унапредат конкурентната способност на локално ниво, но истовремено ќе придонесат за промовирање и создавање дополнителна вредност на постојните локалните бизниси, ќе поттикнат отворање на нови бизниси кои ќе генерират нови вработувања и самовработувања во локалната заедница.

Имајќи ја предвид јасната претстава за пазарниот механизам и двигателите на локалниот економскиот пораст, постојната конкурентна позиција и начинот на функционирање, програмата за поддршка на локалниот економски развој, предвидува мерки за подобрување на деловното опкружување, јакнење на интерсекторската соработка и претприемништвото во заедницата.

Подготовката на програмата се базира врз претходно изработените проценки и анализи на заедницата, стратегиите и плановите за развојот на општината во сите тематски области во кои локалната самопурава има законски надлежности.

**Развојни приоритети:**

Општина Крива Паланка во 2021 година ќе настојува да обезбеди поволни предуслови за локалниот економски развој. За таа цел активностите ќе бидат насочени кон создавање услови за поттикнување на локалниот социоекономски развој, поддршка на проектите и активностите, кои придонесуваат за унапредување на економскиот развој и руралниот развој, како и за привлекување на домашни и странски инвеститори.

Истовремено, залагањата ќе бидат насочени кон унапредување на локалната, регионалната и прекуграничната соработка преку реализација на веќе одобрени проекти и аплицирање за нови проекти пред национални и меѓународни организации, институции и фондови.

Програмата и програмските активности се усогласени со Стратегијата за локален развој на општината, Стратегијата за иновации на Република Македонија 2012 - 2020, Националната стратегија за одржлив развој 2009 - 2030, Националната стратегија за интеграција на РСМ во Европската Унија, Стратешкиот документ за помош на земјата од ЕУ за периодот 2014 - 2020, Национална стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост на РСМ за периодот 2010 - 2020, како и со целите за развој на ООН, согласно на последниот извештај за релизацијата на глобалните цели на Република Северна Македонија.

**Цели:**

**Основната цел на програмата за ЛЕР е:**

1. Постојните ресурси (географската местоположба, природните ресурси и потенцијали, традиција, култура, постојната социоекономска инфраструктура и друго) да се стават во функција на забрзување на социо-економски одржлив развој на локалната заедница.
2. Зголемување на буџетските приходи на општината од донации/грантови од национални и меѓународни институции, организации, агенции и фондови, пред се ефикасно искористување на предпристапните фондови од ИПА 2 Програмата на Европската Унија и други кохезиони фондови на Унијата кои со отпочнување на преговорите ќе ни бидат достапни.

**АКТИВНОСТИ:**

- **Креирање на конкурентни предности на локалното деловно опкружување и бизнис средина примамлива за нови зелени економски ивестиции (домашни и странски).**
    - **Подготовка на урбанистичко-планска и техничка документација**

Активноста се состои од обезбедување на урбанистички услови (урбанистички планови и техничка документација) и градежни парцели (за мини индустриски локации) за реализација на инвестициони проекти на заинтересираните домашни и странски инвеститори. *(Низ подрачјето на општина Крива Паланка поминува гасовод за транспорт на природен гас, кој од Русија преку Бугарија се транспортира во нашата држава, исто на територијата на градот постои главна гасоводна приклучна подстаница.)* Намерата е да се обезбедат сите услови и предуслови за искористување на природниот гас од страна на бизнис секторот како поефтин енергенс со што се јакнат конкурентните предности на локалните производи и услуги, се подобрува деловното

опкружување, а воедно и конкурентната предност на општината за привлекување и реализација на домашни и странски нови инвестициони вложувања.

Ваквите активности ќе се обезбедат преку соодветните буџетски програми на општина Крива Паланка.

- **Подршка на локалниот економски развој преку партиципативно учество на заедницата, отчетност и транспарентност на општината**

Активноста се состои од организирање на буџетски, бизнис, тематски и проектни форуми со цел партиципативно учество на пошироката заедница во планирањето и креирањето на локалните политики и носењето на одлуките во заедницата, а во делот на континуирана отчетност и транспарентност, активноста предвидува поставување на електронска инфо табла во соработка со канцеларијата на ОБСЕ во Република Северна Македонија, во кругот на општината и истата ќе нуди тековни и последователни информации за текот и реализацијата на активностите/проектите и политиките на општината, но ќе биде поврзана и со веб страницата на општината.

Го одбравме форумот како најцелисходна алатка за консултација и партиципативно учество на граѓаните и граѓанките во локалните одлучувачки процеси, поради тоа што кај другите алатки за партиципативно учество граѓаните се консултирани, но крајните одлуки ги носат самите локални власти, додека кај форумот, како демократска консултативна алатка, граѓаните и општинската администрација вклучително и локалните власти дискутираат и заедно ги одредуваат приоритетите и ги носат одлуките и, што е најзначајно, за разлика од другите форми на граѓанско учество, форумот секогаш има повратна информација за текот и реализацијата на форумските одлуки.

Транспарентноста и отчетноста, надополнети со партиципативноста, се основни принципи на доброто владеење и се клучни за јавноста да има информации и увид, но и да учествува во креирањето на општествените политики. Она што е од огромно значење, тоа е граѓаните, во што е можно поголема мера да партиципираат во процесот на донесувањето на одлуки и во креирањето на локалните политики и важните стратешки документи, кои што нив директно или индиректно ги засегаат. Основната претпоставка поаѓа од тоа дека демократскиот капацитет на општините е во диреkна корелација со транспарентноста, отчетноста и партиципативноста.

**Предвиден буџет;**

- **Канцеларија на ОБСЕ во Република Северна Македонија - 220.000,00 денари**
- **Буџет на општина Крива Паланка – 100.000,00 денари**

.

- **Јакнење и развој на мали и средни претпријатија (МСП)**

Активностите на Општина Крива Паланка се фокусираат на развој на различни економски сектори и зголемен раст на МСП преку пристап до подобрена едукација и стекнување на нови вештини и капацитети во секторите, како и пристап до поефтин енергенс со што директно се генерира конкурентна предност на производите и услугите, зголемување на обемот на економските активности, како и пристапот до нови пазари, што пак, од друга страна, е во диреkна корелација со растот и развојот на МСП.

- **Изработка на база на податоци на МСП кои функционираат на територијата на општината.**

Активноста се состои од изработка на детална база со сите карактеристики на фирмите по дејност, по обем на бизнис, суровини, број на вработени, разделени според пол и возраст и сл.

Оваа база ке овозможи полесно утврдување на потребите и приоритетите на фирмите од општина Крива Паланка. За да може да се реализираат што поефикасно и попрактично предвидените активности од обласста на локалниот економски развој, потребно е да се има свежа и секогаш ажурирана база на податоци на сите правни субјекти кои остваруваат деловна активност на територијата на општина Крива Паланка.

**Предвиден буџет;**

- **Нема буџетски импликации**

- **Јакнење на претприемачките вештини и капацитети на постојните и нови - потенцијални претприемачи и претприемачки**

Активноста се состои од обука за менаџмент и претриемништво, како и технолошки иновации на постоечки и нови потенцијални претприемачи и претприемачки и развој на бизнис идеи и бизнис планови, при што ќе се обрне посебно внимание на родовата врамнотеженост на учесниците. Туризам и угостителство, зелена економија и креативни индустрии се избрани како сектори во кои најмногу ќе се делува и кои најповеќе ќе бидат опфатени, а пред се, поради нивниот потенцијал за раст.

**Предвиден буџет;**

- **Буџет на општина Крива Паланка 120.000,00 денари**

- **Подобрени капацитети на локалната бизнис заедница за пристап до капитал за постојни и нови деловни активности:**

Активноста се состои од **континуирано обезбедување на информации и едукација** за постојниоот бизнис сектор во општината, како и потенцијалните нови претприемачи и претприемачки, со цел истиот да се оспособи за пристап и користење на поволни финансиски средства и грантови за раст и развој на постојните бизниси и реализација на нови бизнис идеи и нови технологии и тоа:.

- **Подобрување на капацитетите** за пристап до расположивите поволни кредитни линии од **Европската банка за обнова и развој и пристап до грантови од програмите на ЕУ** кои се насочени кон растот и развојот на МСП, а до кои ние и во моментот имаме пристап, како што се **програмата *ХОРИЗОНТ* 2020** на ЕУ, но со отпочнувањето на преговорите за членство во ЕУ ќе имаме пристап и до други програми чија главна цел е раст и развој на МСП:

- **Подобрени капацитети за пристап до ЕУ инструментот** за претпристапна помош **за земјоделство и рурален развој** кој што нуди една палета на широки можности за профитабилни инвестициони вложувања во земјоделието, во капацитети за производство и преработка на земјоделски производи, која што е децентрализирана и се спроведува од Агенцијата за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој.

- **Потикнување на свеста на локалното население** за искористување на епитетот кој Крива Паланка се уште го има, а тоа е **ЕКОЛОШКИ ЧИСТ РЕГИОН** во кој постојат идеални услови и предуслови за производство на здрава храна – органски произведена храна, за која секојдневно се повеќе и повеќе се зголемува побарувачката и економскиот ефект.

Органското земјоделство е добро за животната средина, подобро за бизнисот бидејќи понудата на пазарот е помала од побарувачката, со што постојат предуслови за раст и истото може да биде сериозен двигател на развојот на руралните средини и да ги одржува истите витални.

**Предвиден буџет;**

- **Мала европска куќа Крива Паланка - 100.000,00 денари**
- **Буџет на општина Крива Паланка - 100.000,00 денари**

- **Раст и развој на туризмот како значаен економски сектор**

Герографската местоположба, изобилството со природни убавини, богатата флора и фауна, прекрасните планински падини, бистри изворски води и реки кои се протегат од 500 до 2000 метри надморска висина, археологијата, богатото културно, историско, градителско и сакрално наследство, етнологијатата и живата култура, но и традиционалните селски домаќинства се непроценливи и нудат широки можности за развој на повеќе видови туризам (транзитен, манастирски, летен, спортско рекреативен, зимски, етно-културен, манифестациски и селски туризам).

- **Развој на туристички локалитети:**

Главните активности на општината во 2021 година ќе бидат насочени кон обезбедување на услови (урбанистичко-плански и технички) за уредување на нови содржини на туристичкиот локалитет „Калин Камен“ и изградба на пристапот и уредување на локалитетот „Станечки Водопади“. Реализацијата на овие два проекти ги градат основите за понатамошен развој на туристичките локалитети, зголемен интерес за инвестициони вложувања од приватниот сектор и развој на повеќе видови туризам (летен, зимски, спортско-рекреативен и селски).

(*Општината апллицираше за планско техничка документација за изградба на така наречен - адреналински парк на локалитетот Калин Камен, кој во првата фаза ги помина квалификациите. Во прекуграничната програма со Србија од ИПА 2 предпристапниот инструмент на ЕУ, аплициравме со проект за изградба и уредување на пристапот – пешачка патека и уредување на локалитетот „Станечки водопади“, кој успешно е квалификуван и очекуваме потпишување на договор до крајот на годината.*).

**Предвиден буџет;**

- **УНДП и Шведската агенција за меѓународен развој СИДА - 1.560.000,00 денари**
- **ИПА 2 - програма за прекугранична соработка со Р. Србија - 4.908.000,00 денари**

### 2.4.2 Развој на селски/агро туризам

**2.4.2.1** Непосредниот допир со природата, традиционалните обичаи и селското стопанство претставуваат посебен потенцијал за развој на селскиот туризам. Селските домаќинства, тајните на селскиот живот и авантурите кои можат да се доживеат привлекуваат се поголем број на туристи. Посебно атрактивни за развој на агротуризмот се ридско планинските села каде е задржана традиционалната архитектура и традиционалниот начин на живеење.
**Активноста се состои од обука и едукација насочена кон руралната жена** (*едукацијата ќе опфати и едно студиско патување во некоја од соседните земји за посета на добри практики и услуги во сверата на агротуризмот*) како на своето секојдневие и работа да му даде додадена вредност и истото да го капитализира и да оствари значаен финансиски ефект, а во функција на развој на селскиот/агро туризам.

Во насока на поттикнување на претприемачкиот дух кај женската популација ќе биде организирана обука од сферата на бизнис менаџментот, лидерството и претприемаништвото во туризмот и во занаетчиството.
Целта на оваа активност е создавање на услови за креирање на приходи (основни или дополнителни) за локалното население од руралните делови на општината, како и поставување на рамка за потикнување на руралниот развој и посебно руралниот туризам како дел од севкупната туристичка понуда на општината.

**Предвиден буџет;**

- **Буџет од други извори – 150.000,00 денари**
- **Буџет на општина Крива Паланка – 180.000,00 денари**

**2.4.3 Јакнење на капацитетите на граѓаните за пристап до капитал за развој на селскиот туризам**

Активноста се состои од обука и едукација на селските домаќинства за пристапот до капитал за реализација на инвестициони вложувања во делот на руралниот туризам и руралниот развој, обука и едукација на потенцијални корисници за можностите што ги нуди ЕУ инструментот за претпристапна помош за земјоделството и руралниот развој, посебно мерката 3 - Диверзификација и развој на руралните економски активности и развој на руралниот туризам, конкретни разработки на условите за аплицирање и подготовка на проектни примери.

ИПАРД програмите претставуваат извонредна можност за диверзификација на руралните земјоделски активности, а производството и пласманот на органските производи во секторот на алтернативниот туризам претставува најпрепознатлив бренд на локалниот туризам. Меѓутоа, проблемот со кој се соочуваме во моментот е недоволно користење на можностите што ги дава ИПАРД програмата и диверзификација на активностите преку поврзување на аграрот, органското производство и туристичката понуда, кое нешто, преку оваа активност, сакаме да го промениме.

**Предвиден буџет;**

- **Буџет од други извори – 50.000,00 денари**
- **Буџет на општина Крива Паланка - 50.000,00 денари**

**2.5 Туристичко претставување и промоција на Општина Крива Паланка и набавка и поставување на туристичка информативна и урбана опрема**

Активностите ќе бидат насочени кон промовирање на туристичките потенцијали и туристичката понуда на општината, можностите за инвестициони вложувања во секторот туризам, со посебно внимание на можностите што ги нуди руралниот туризам.

Активноста се состои од:

**1. изработка на аудио и видео информативни записи, но и подготовка, дизајн и печатење на информативни брошури и друг материјал за маркетинг и промоција на општината;**

**2. набавка и поставување на туристички инфо табли, патокази и друга урбано туристичка опрема**.

**Предвиден буџет;**

- **Агенција за финансиска подршка на земјоделството и руралниот развој на РСМ - 294.300,00 денари.**
- **Буџет на општина Крива Паланка - 352.000,00 денари**

- **Зголемување на буџетските приходи на општината од донации/грантови од национални и меѓународни институции, организации, агенции и фондови и нивна алокација во капитална социоекономска инфраструктура, а со тоа и социо-економски развој на општината.**

- **Сопствено учество во општински, регионални, национални и меѓународни проекти.**

Една од круцијалните активности на Одделението за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија, претставува подготовка, аплицирање и имплементација на проекти во најразлични области, финансирани од домашни и меѓународни донатори, програми, фондации, амбасади и сл. Процесот на имплементација на проектите претставува сложена активност која бара прецизно планирање и реализација како на проектните активности, така и на предвидениот проектен буџет.

Според утврдените правила за апликација за одредени проекти, во зависност од донаторот, покрај обезбедената донација предвидена во проектот, како неопходност се наметнува потребата од обезбедување на **средства за сопствено учество** кои мора да се запазат како прв услов за аплицирање за одреден проект. Секој донатор определува посебни услови кои локалната самоуправа треба да ги обезбеди како составен дел.

Со оваа програмска активност се предвидува сопствено учество во општински, регионални, национални и меѓународни проекти.

Од позначајните планирано е партиципација односно сопствено учество на Општина Крива Паланка за аплицирање и реализација на **меѓународни проекти со посебен акцент за ИПА фондовите**, како и заедничко учество во аплицирање и реализација на проекти со други општини од Република Македонија во рамки на Програмите на различни донатори, меѓународни асоцијации, фондови, амбасади и други, за **меѓуопштинска соработка** и **микрорегионални проекти,** како и партиципација, односно сопствено учество на Општина Крива Паланка за аплицирање и реализација на **регионални проекти** во рамките на **Североисточниот плански регион** согласно Законот за рамномерен регионален развој и Годишната програма за финансирање на регионални проекти на Бирото за регионален развој и проектите со средства од Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, како и други агенции.

**Предвиден буџет;**

- **ИПА 2 инструментот за претпристапна помош - 12.270.000,00 денари**
- **Биро за регионален развој - 5.547.635,00 денари**
- **Буџет на општина Крива Паланка - 2.700.000,00 денари**

3.2 **Изработка на елаборати, студии, планска, стратешка, техничка докуметација, истражувања, ревизии и др.**

Искористување на ИПА 2 предпристапниот финансиски инструмент на ЕУ, како и обезбедување непречен пристап до други финансиски инструменти и грантови на национално и меѓународно ниво за капитални инвестиции во делот на рехабилитација на постојната, како и доизградба, надградба и изградба на нова социо-економска инфраструктура, битна за подобрување на животот и забрзување на развојот на локалната заедница, потребни се одредени услови.

За да се подготви успешна апликација и да се добијат потребните согласности и одобренија потребно е општината да поседува одредена планска, техничка, стратешка и друг вид докуметација, согласно со законските прописи, но и критериумите на донаторите.

Затоа ова активност се состои од изработка на елаборати, студии, планска, стратешка и техничка докуметација, истражувања, ревизии и слично, заради реализација на одредени капитални инвестиции.

**Предвиден буџет;**

- **UN Women, ООН – 180.000,00 денари**

- **Буџет на општина Крива Паланка – 600.000,00 денари**

- **Други оперативни расходи и договорни услуги**

За реализација на одредени активности на програмата за локален економски развој за 2021 година, потребни се одредени средства кои се неопходни за реализација на истите. Овде, пред сѐ, се мисли на договори за одредени услуги со правни или физички лица, односно исплата на хонорари, бидејќи општината во одредени области, а заради ефикасна и квалитетна реализација на активностите, не ја поседува потребната стручна експертиза и истата мора да ја обезбедува со надворешни експерти, вклучително и услуги за превод на проектна, тендерска и друг вид потребна документација за конкурентно аплицирање пред странски донатори.

**Предвиден буџет;**

- **Буџет на општина Крива Паланка – 265.000,00 денари**

- **Градење на капацитети за подобрување на јавните/општинските услуги**

**5.1 Воведување на ИСО 9001:9015 стандардот - II фаза**

Целта на овој проект е имплементација на Стандард за систем за управување со квалитет согласно меѓународните барања, а кој ќе воведе нови стандарди во начинот на работа и во пристапот кон граѓаните. Одговорна општинска администрација подразбира систем на организација на работни задачи, одговорности и систем на контрола, која беспрекорно ќе ја реализира улогата на сервис на граѓаните.

**ISO 9001:2015** е најупотребуваниот стандард за менаџирање на квалитетот и е создаден околку седум принципи на менаџирање на квалитетот и тоа:

- Фокус кон корисниците

- Лидерство

- Вклученост на луѓето

- Подобрување

- Приод кон процеси

- Управување со врски

- Донесување на одлуки врз база на докази

Со воведувањето на стандардот ISO 9001:2015 општината покажува дека нуди услуги со постојан квалитет и услугите се ориентирани кон граѓаните во законска рамка, како и дека општината го зголемува позитивното искуство на граѓаните при извршување на надлежностите на општината и ќе се зголеми функционалноста на општинската администрација.

Имплементацијата на ИСО стандардот 9001:2015 се реализира во 2 фази, со тоа што во тек е реализацијата на првата фаза од воведување на стандардот, а во првата половина од 2021 година планираме да се заврши и втората фаза која се состои од сертифицирање, односно потврда дека општината го имплементирала стандардот од страна на овластена сертификациска куќа за ISO 9001:2015.

**Предвиден буџет;**

- **Буџет на општина Крива Паланка - 120.000,00 денари**

**5.2 Мобилна канцеларија**

Оваа активност се состои од формирање на мобилна канцеларија во рамки на локаната самоуправа во соработка со ЛАГ „Осоговски Лисец“ за давање на стручни совети и помош на земјоделските стопанства, посебно во делот на искористување на ИПАРД фондовите за рурален развој. Мобилната канцеларија ја замислуваме како сервис на граѓаните од руралните средини, со тоа што преку месните заедници канцеларијата ќе биде присутна меѓу нив, ќе им помага и ги советува како во делот на земјоделието, така и во развојот на други рурални економски активности.

**Предвиден буџет;**

- **Буџет на општина Крива Паланка - 200.000,00 денари**

**5.3 Јавно приватно партнерство (ЈПП)**

Активноста се состои од идентификација на области, можности и проекти во локалниот економски развој подобни за модели за ЈПП. Потребата од унапредување на инфраструктурата е непходен предуслов за успешен економски раст. Оттука, недостатокот од инфраструктурни проекти може негативно да влијае на севкупниот економски раст и на креирањето на нови работни места, што и е воочено години наназад, како во земјите членки на Европската Унија, така и ширум светот. Меѓутоа, често пати централната и локалните власти имаат ограничени извори на финансиски средства за инвестирање во капитални инфраструктурни проекти и давање на квалитетни јавни услуги.

Токму затоа, како клучно се наметнува прашањето за изнаоѓање на нови начини на финансирање на исплатливи инфраструктурни проекти и подобрување на квалитетот на јавните услуги. Со цел да се надмине растечкиот јаз помеѓу потребата од инфраструктурни проекти и недостатокот од финансиски средства кај јавниот сектор за реализација на тие проекти, јавно-приватните партнерства (ЈПП) се јавуваат како растечки елемент во „набавката” и подобрувањето на јавните услуги. Во тој контекст, наместо вообичаената практика инфраструктурните проекти и вршењето на јавните услуги да се финансираат исклучиво од централните и/или локалните буџети, преку различните модели на ЈПП се овозможува во нивното финансирање и вршење да биде вклучен и приватниот сектор.

Искуствата покажуваат дека преку моделот на ЈПП можат да се реализираат значајни капитални проекти, да се подобруваат јавните услуги и истите да генерираат одржлив развој на локалната заедница.

**Предвиден буџет;**

- **Буџет на општина Крива Паланка - 120.000,00 денари**

- **Подршка на испораката на услуги од канцеларијата на СИПР**

Општина Крива Паланка како дел од Североисточниот плански регион (СИПР), а со цел успешно функционирање на канцеларијата на СИПР и квалитена испорака на регионални услуги од истата, учествува и ја подржува одлуката на Советот на СИПР, кој го сочинуваат градоначалниците на 6-те општини од СИПР, за плаќање на одреден износ на сметката на СИПР како членарина.

**Предвиден буџет;**

- **Буџет на општина Крива Паланка - 200.000,00 денари**

- **Заедницата на единици на локална самоуправа која е своевиден сервис на единиците на локална самоуправа**

Општина Крива Паланка како основач и членка на Заедницата на единици на локална самоуправа (ЗЕЛС), која е своевиден сервис на единиците на локална самоуправа, активно и континуирано ги користи услугите испорачани од ЗЕЛС и има обврска кон ЗЕЛС да плаќа годишна членарина.

**Предвиден буџет;**

- **Буџет на општина Крива Паланка - 200.000,00 денари**

## БУЏЕТ НА ПРОГРАМАТА
## ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ
## НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА ЗА 2021

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **1** | **Креирање на конкурентни предности на локалното деловно опкружување и бизнис средина примамлива за нови зелени економски ивестиции ( домашни и странски).** | | | |
| **АКТИВНОСТИ** | **ВРЕМЕНСКИ ПЕРИОД** | **РЕЗУЛТАТИ** | **НОСИТЕЛ НА АКТИВНОСТА** | **БУЏЕТ МКД** |
| **1.1 Подготовка на урбанистичко планско техничка документација** | **Континуирано 2021** | **Изградени услови за генерирање на нови инвестициони вложувања** | **-Општинската администрација<br>-Градоначалник<br>- Совет** | **Активноста ќе се реализира преку други оперативни програми** |
| **1.2 Подршка на локалниот економски развој преку партиципативно учество на заедницата, отчетност и транспарентност на општината** | **Континуирано 2021** | **Демократско, транспарентно, отчетно и демократско владеење** | **-Одделение за јавни дејности, ЛЕР и ИТ<br>-Градоначалник** | **320 000,00** |
| **2** | **Јакнење и развој на мали и средни претпријатија (МСП )** | | | |
| **2.1 Изработка на база на податоци на МСП кои функционираат на територијата на општината** | **Јануари – Април 2021** | **Регистар на податоци/информации** | **-Одделение за јавни дејности, ЛЕР и ИТ** | **нема буџетски импликации** |
| 2.2 **Јакнење на претприемачките вештини и капацитети на постојните и нови - потенцијални претприемачи и претприемачки** | **Континуирано 2021** | **Изградени претприемачки капацитети кај 50 учесници/учеснички** | **-Одделение за јавни дејности, ЛЕР и ИТ<br>- Градоначалник<br>- Стопанска Комора на РСМ** | **120 000,00** |
| 2.3 **Подобрени капацитетите на локалната бизнис заедница за пристап до капитал за постојни и нови деловни** | **Континуирано 2021** | **Генерирани нови инвестицини вложувања** | **-Одделение за јавни дејности, ЛЕР и ИТ** | **200 000,00** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **активности** | | | **-Мобилна канцеларија<br>-Градоначалник<br>-Стопанска Комора на РСМ<br>- Мала Европска куќа** | |
| 2.4 **Раст и развој на туризмот како значаен економски сектор:**<br>2.4.1 Развој на туристички локалитети<br>2.4.2 **Развој на селски/агро туризам**<br>**2.4.3Јакнење на капацитетите на граѓаните за пристап до капитал за развој на селскиот туризам** | **Континуирано 2021** | **Генерирани нови инвестицини вложувања** | **-Одделение за јавни дејности, ЛЕР и ИТ<br>- Градоначалнк<br>- Мобилна канцеларија<br>- Стопанска Комора на РСМ** | **• 6 668 000,00/ други извори<br>• 230 000,00/буџет на општина<br><br>Вкупно 6 898 000,00** |
| 2.5 Туристичко претставување и промоција на Општина Крива Паланка и набавка и поставување на туристичка информативна и урбана опрема | **Континуирано 2021** | **Зголемен број на туристи и обем на услуги** | **Одделение за јавни дејности, ЛЕР и ИТ<br>- Градоначалник<br>-ЛАГ ,,Осоговски Лисец,,** | **- 294 300 АФПЗРР<br>- 352 000,00 – буџет на Општина<br><br>Вкупно 646 300,00** |
| **3** | **Зголемување на буџетските приходи на општината од донации/грантови од национални и меѓународни институции, организации, агенции и фондови и нивна алокација во капитална социоекономска инфраструктура а со тоа социоекономски развој на општината.** | | | |
| 3.1 Предвиден буџет од донации/грантови од национални и меѓународни институции, организации, агенции и фондови и нивна алокација во капитална социоекономска инфраструктура | **Континуирано 2021** | **Генерирани нови инвестицини вложувања** | **Одделение за јавни дејности, ЛЕР и ИТ<br>- Градоначалник** | **17 817 635,00** |
| 3.1**Сопствено учество во општински, регионални, национални и меѓународни** | **Континуирано 2021** | **Имплементирани нови инвестициони** | **Одделение за јавни дејности, ЛЕР и ИТ** | **2 700 000,00** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| проекти. | | проекти | - Градоначалник | |
| ○ Изработка на елаборати, студии, планска, стратешка, техничка докуметација, истражувања, ревизии и др. | Континуирано 2021 | -Изработени нови стратешко плански,технички документи<br>- Аплицирани нови проекти | Одделение за јавни дејности, ЛЕР и ИТ<br>- Градоначалник | - 180 000,00 UN Women<br>- 600 000,00 буџет на општина<br><br>Вкупно 780 000,00 |
| 4 | Други оперативни расходи и договорни услуги | | | |
| 4. Други оперативни расходи и договорни услуги | Континуирано 2021 | Извршени експертски и консултантски услуги | Одделение за јавни дејности, ЛЕР и ИТ<br>- Градоначалник | 265 000,00 |
| 5 | Градење на капацитети за подобрување на јавните- општинските услуги | | | |
| 5.1 Воведување на ИСО 9001:9015 стандардот - II фаза | Јануари – Јуни 2021 | добиен сертификат за исполнување на стандардот ISO 9001-9015 | - Раководството за управување со квалитет<br>- Градоначалник | 120 000,00 |
| 5.2 Мобилна канцеларија | Јануари – Март 2021 | Подобрен сервисот на услуги кон граѓаните | Одделение за јавни дејности, ЛЕР и ИТ<br>- Градоначалник<br>-ЛАГ ,, Осоговски Лисец,, | 200 000,00 |
| 5.3 Јавно приватно партнерство (ЈПП) | Континуирано 2021 | Изработена база на податоции - идентификувани области, можности и проекти во локалниот економски развој подобни за модели за ЈПП, насочени кон генерирање на | Одделение за јавни дејности, ЛЕР и ИТ<br>- Градоначалник | 120 000,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **развој** | | |
| **6. Подршка на испораката на услуги од канцеларијата на СИПР/ членарина за 2021 година** | **Континуирано 2021** | **Подобрена испораката на регионални услуги од СИПР** | **Одделение за јавни дејности, ЛЕР и ИТ - Градоначалник** | **I. 000,00** |
| **7.Заедницата на единици на локална самоуправа која е своевиден сервис на единиците на локална самоуправа/ членарина за 2021** | **Континуирано 2021** | **Континуирано користење на услуги од ЗЕЛС** | **Одделение за јавни дејности, ЛЕР и ИТ - Градоначалник** | **200 000,00** |
| | | | **Вкупен буџет** | **30 586 935,00** |
| **Буџет планиран од Буџетот на Општината** | | | **5 307 000,00** | |
| **Буџет планиран од други извори:** | | | **25 279 935,00** | |
| | | **Вкупно** | **30 586 935,00** | |

За реализација на целите на **програмата**, Општина Крива Паланка ќе ги превземе сите потребни активности и ќе ги стави на располагање техничките и човечките ресурси. Ќе соработува со сите чинители (организации, институции и поединци), вклучително граѓанските организации и месните заедници, кои и ќе бидат еден од главните партнери во реализацијата на активностите.

Носител на реализацијата на програмските активности е ***Одделението за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија*** во општината, кое исклучително ќе води сметка за постигање на програмските цели и родовата врамнотеженост при реализација на активностите и алокација на финансиските средства.

**МЕТОДИ НА РАБОТА**

Основни методи кои ќе бидат користени во реализација на активностите се:

- **Работни средби -** Организирани за координација помеѓу интерсекторската работна група за стратешко планирање и буџетирање, Комисијата за еднакви можности при Советот на Општина Крива Паланка, Градоначалникот, општинската администрација и другите партнери во реализација на активностите (експерти од одредени области, НВО-и, целни групи на граѓани и др.) кои ќе учествуваат во имплементацијата на активностите;

- **Дискусионо обучувачки методи -** ќе бидат користени во рамките на спроведување на обуките, предавањата, советувањата и сл. согласно активностите. Во формата на обуките, предавањата, советувањата и сл. ќе се користат современи образовни технологии, аудио визуелни и мултимедијални образовни продукти, во зависност од новонастанатата ковид ситуација и функционирање во услови на епидемија;

- **Истражувачко аналитички методи -** ќе се користат при анализа на постигање на целите. Приоритетно ќе се применуваат методите на анализа, собирање, анализирање и систематизирање на информацијата (интервјуа и анкети со целните групи);

- **Информативно промотивни методи -** овој тип на методи ќе се користи при дистрибуцијата и презентирањето на рекламните и пропагандните материјали, организацијата на обуките, предавањата, советувањата и други потреби согласно содржината на активностите;

- **Правни методи -** ќе се користат при планирањето на програмско оперативните активности, договорни услуги и друго;

- **Финансиско сметководствени методи -** ќе се користат во процесот на подготовка на буџетите за секоја активност поединечно, периодичните и финалните финансиски извештаи за реализација на активностите;

**ФИНАНСИРАЊЕ**

Финансирањето на активностите ќе се реализира со средства од Буџетот на Општина Крива Паланка и буџет од други извори (регионални, национални, меѓународни програми, проекти и фондови).

**МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА**

Одделението за за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија, за текот и реализацијата на програмата тековно ќе го информира Секторот за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој, Градоначалникот, интерсекторската работна група за стратешко планирање и буџетирање и Комисијата за еднакви можности при Советот на Општина Крива Паланка.

Секторот за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој, интерсекторската работна група за стратешко планирање и буџетирање и Комисијата за еднакви можности при Советот на Општина Крива Паланка ќе го следат текот и динамиката на спроведување на Програмата и ќе даваат свои оценки, како и предлози за неопходни промени се со цел постигнување на утврдените цели,

***Одделението за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија,*** до Градоначалникот и Советот на Општината, ќе достави годишен извештај за имплементација на активностите и реализација на програмските цели.

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“, а ќе се применува од 01.01.2021 година.

**Бр. 09 – 3365/15** — **Совет на Општина Крива Паланка**
**27.11. 2020 год.** — **Претседател**

**Крива Паланка** — **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10,08/14и 02/18),03/19 Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Програма за активностите на Општина Крива Паланка во областа на Локалниот економски развој за 2021 година**

1. Се објавува Програма за активности на Општина Крива Паланка во областа на Локалниот економски развој за 2021 година, што Советот ја донесе на 45-та седница,одржана на ден 27.11.2020 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08-3365/16**
**30.11.2020 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

**НАСЛОВ:**

**Програма за социјална, детска и здравствена заштита за 2021 година во Општина Крива Паланка**

**ПРЕДЛАГАЧ:**

Градоначалник на Општина Крива Паланка

Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој

Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија

**МОТО:**

Општина Крива Паланка се грижи за потребите на граѓаните од обласата на Социјалната, здраствента и детската заштита.

**КРИВА ПАЛАНКА**

**2020 година**

**С О Д Р Ж И Н А**

ВОВЕД......................................................................................... .3

ГЛАВНА ЦЕЛ.........................................................................................4

ОБЛАСТИ...............................................................................................5

ЦЕЛНИ ГРУПИ....................................................................................... 6

АКТИВНОСТИ.......................................................................................7-9

АКЦИОНЕН ПЛАН, ВРЕМЕНСКА РАМКА И БУЏЕТ...............................10-14

ФИНАНСИРАЊЕ....................................................................................15

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ.............................................................................16

**В О В Е Д**

Социјалната заштита е дејност од јавен интерес кој се остварува преку јавни мерки и активности заради заштита од ризици, превенција и надминување на социјални проблеми кои неповолно се одразуваат врз добросостојбата на граѓаните за спречување на социјалната исклученост, подобрување на квалитетот на живот и посебно на зајакнување на капацитетите за водење на самостоен живот. Горенаведените состојби ги дефинираме како ризици по основ на мајчинство, болест, смрт, повреда и попреченост.Транзиционите периоди во Република Македонија и во Општина Крива Паланка предизвикуваат системот на социјална заштита да се прилагодува на ново настанатата сосотојба односно проблеми, пад на животниот стандард, намален бруто домашен производ кои предизвикуваат спроведување на низа реформски процеси во областа на социјалната заштита**.** Со стапување во сила на Законот за локална самоуправа и Законот за социјална заштита и со негово изменување, голем дел од надлежностите преминуваат непосредно на локално ниво. Тоа претставува мошне значаен, но и напорен чекор кој пред се претставува процес на зајакнување на капацитетите на субјектите во локалната заедница. За поддршка на Општината во креирање и планирање на активностите и целите за изработка на Програма за Социјална заштита, детска и здраствена заштита за 2021 година, а врз основа на новиот Законот за социјална заштита во Член 141 е формиран Општински совет за социјална заштита кој има за цел мапирање на социјалните проблеми на ранливи групи во општината, да изврши анализа на сегашната состојба и капацитетите и расположливите социјални услуги, а посебно да ги утврди специфичните потреби за развој на социјални услуги во општината за да се дадат квалитетни индикатори за следење и анализа на социјалните аспекти на човечкиот развој на национално односно на локално ниво конкретно во областа на Социјалната заштита.

Основните насоки за развој на социјалната заштита, детската и здраствената заштита се Законот за локална самоуправа, целосно новиот донесен Законот за социјална заштита, Законот за заштита на деца, Законот за семејство, Уставот на РСМ каде се потенцира дека РСМ е социјална држава, Националната програма за развој на социјалната заштита, Стратегијата за деинституционализација, Конвенцијата за лицата со интелектуална и телесна попреченост, Конвенцијата за правата на деца, Меѓународните универзални декларации за човекови права, Конвенцијата за елиминирање на дискриминацијата, Националанта стратегија за семејно насилство, Страегија за домување, Стратегијата за стари лица 2010-2020 година, Одлуките донесени од страна на Советот на Општина Крива Паланка и други подзаконски акти со кои се регулира социјалната заштита.

Оваа програма ги уредува подрачјата на социјалната, детската и здраствената заштита за специфичните потреби на населението на општина Крива Паланка и начинот на остварување на предвидените активности.

Програмата за социјалната заштита за 2021 година на Општина Крива Паланка предвидува соработка со Министерството за труд и социјална политика на Република Северна Македонија, Јавна установа Меѓуопштински Центар за социјална работа, Дневниот центар за лицата со интелектуална попреченост, Црвен Крст на Република Северна Македонија, Општинска Организација-Крива Паланка, Општинска јавна установа Детска Градинка „Детелинка“, Основните Општински училишта „Илинден“ и „Јоаким Крчовски“, Средното Општинско училиште „Ѓорче Петров“ во Крива Паланка, Центарот за вработување-Крива Паланка односно со Агенцијата за вработување во Република Северна Македонија, Здраствениот Дом, Проф.д-р Димитар Арсов-Крива Паланка, УНДП, приватниот сектор и невладините организации.

**ГЛАВНА ЦЕЛ**

**Главна цел на Програмата за социјална, детска и здраствена заштита се:**

-Активна соработка со институциите на локално и национално ниво, со невладиниот и приватниот сектор.

-Изнаоѓање форми за квалитетно живеење на лицата кои имаат потреба од социјална заштита.

-Изнаоѓање форми за социјализација на маргинализирани групи на граѓани.

-Подобрување на животниот стандард на населението во општината.

-Создавање услови за поквалитетни услуги на децата и младите во локалната заедница.

-Инклузија на деца со попреченост во редовниот процес на образование.

-Социјално вклучување на пазарот на трудот на невработени лица кои се на листата на невработени во Центарот за вработување-Крива Паланка.

-Остварување и унапредување на човекови права на лицата со социјален ризик.

-Донесување на Одлуки согласно законските прописи за потикнување на еднакво учество и вклучување во граѓанското општество.

-Развивање на социјални сервисни служби во местото на живеење според принципите на изедначување на можностите на лицата во ризик согласно законските прописи.

**ОБЛАСТИ**

**1. СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА**

**2. ДЕТСКА ЗАШТИТА**

**3. ЗДРАСТВЕНА ЗАШТИТА**

**ЦЕЛНИ ГРУПИ СПОРЕД ОБЛАСТИ**

**1.СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА**

-Лица кои се социјално загрозени, бездомни лица;

-Лица кои се приматели на одредена помош од ЈУ МЦРС кои се неспособни за работа или им е одземнена работната способност;

-Стари и изнемоштени лица без семејна грижа;

-Лица со интелектуална, телесна попреченост и друг вид на попреченост;

-Лица со интелектуална попреченост кои се штитеници во Дневниот центар за лица со интелектуална попреченост;

-Невработени лица кои се на листата на невработени во Центарот за вработување во Крива Паланка;

**2. ДЕТСКА ЗАШТИТА**

-Деца со воспитно социјални проблеми;

-Деца без родители и родителска грижа;

-Деца на улица;

-Деца на самохрани родители;

-Деца  со интелектулана и телеска попреченост;

-Деца со одредена попреченост интегрирани во редовниот процес на образование;

-Деца вклучени во воспитно предучилишното образование;

**3.ЗДРАСТВЕНА ЗАШТИТА**

-Возрасна категорија на граѓани над 62 години;

-Деца на самохрани родители;

-Деца на семејства кои се социјално загрозени;

-Деца кои ја посетуваат предучилишната воспитно-образовна  установа;

-Ученици во основното и средното образованаие;

**АКТИВНОСТИ**

Активности во програмата за социјална, детска и здраствена заштита за 2021 година во Општина Крива Паланка се поделени во областите во кој ќе се делува, а ќе бидат обезбедени одредени права, правно парични надоместоци и права предвидени со оваа програма.

1**.Активност во социјалната заштита:**

-изработка на техничка документација за изградба на Дом за стари лица,

-еднократна парична помош за основни животни потреби, обезбедување на огревно дрво, елементарни непогоди, обезбедување на градежни материјали и други потреби за подобрување на условите за живеење,

-еднократна парична помош за домување на семејства кои немаат сопствено живеалиште,

- живеење со подршка на стари, изнемоштени лица и лица со попреченост во посебни стамбени единици,

-формирање на центар за стари лица за давање помош во домашни услови преку сертификација на негователи и набавка на специјализирано моторно возило за реализација на активностите и задоволување на потребите и корисниците-формирање на групен дом,

-формирање на групен дом.

-соработка и помош на лица со интелектуална попреченост и телесни инвалиди,

-обезбедување на семејна подршка преку соодветни сервиси за подршка во домашни услови,

-вклучување Воспитно-образовни асистенти во редовниот процес на образование,

-Донација на хуманитарни пакети на социјално загрозени лица,

-реконструкција и преадаптација на задружен дом во с.Жидилово за сместување на лица од социјален ризик,

-подобрување на пристапноста до локалните институции на лицата со физички хендикеп преку изградба на пристапни рампи, елеватори.

**2. Активности во областа на детската заштита**

-помош на деца кои потекнуваат од социјално загрозени семејства,

-помош и поддршка на деца Роми кои се опфатени во ОЈУДГ „Детелинка “,

-помош и поддршка на ученици/чки во основното образование кои потекнуваат од социјално загрозени семејства,

-ослободување од финансиски средства, а за учество на организирани екскурзии во училиштата на деца кои се од социјално загрозени или еднородителски семејства,

-субвенционирање на матуранти од социјално загрозени семејства и еднородителски семејства,

-доделување на еднократен надоместок за новороденчиња за првите пет родени во годината,

-право на партиципација во ОЈУДГ „Детелинка“ се остварува на дете на самохрани родители со плата и други месечни приходи во износ на минимална плата,

-поддршка за реконструкција и адаптација на ОЈУДГ „Детелинка“,

-новогодишни пакетчиња за децата.

**3.Активности во областа на здраствена заштита**

-еднократна парична помош на деца  кои боледуваат од ретки и специфични болести,

-формирање, екипирање и опремување на Сензорна соба за деца со специфични потреби (аутизам, даунов синдром..),

-мобилна амбуланта за давање на превентивни, здравствени, социјални, психолошки и советодавни услуги во домашни услови од страна на стручен тим,

-здраствено воспитување на населението преку организирање на едукативни трибини,

-здраствено воспитување на деца и младинци во предучилишната установа  и училиштата преку организирање на едукативни трибини,

-едукативни трибини за штетното влијание врз развојот и здравјето на децата  од прекумерната  употреба на мобилните телефони ,

-едукативни трибини за зависници од наркотични средства,

-подршка на Здруженија на граѓани кои ќе органзираат одбележување на значајни датуми и здраствени активности од областа на здравјето.

## АКЦИОНЕН ПЛАН, ВРЕМЕНСКА РАМКА И БУЏЕТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ

### 1.Активности во областа на социјалната заштита

| Област 1 | Активности | Финанскиски средства-општина | Финансиски средства-други донатори | Рок на имплементација |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Изработка техичка документација за Изградба на Дом за стари лица | 300.000,00 МКД | 200.000,00 МКД | Во текот на годината. |
| 2. | еднократна парична помош за основни животни потреби, обезбедување на огревно дрво, елементарни непогоди, обезбедување на градежни материјали  и други потреби за подобрување на | 300.000,00 МКД | | Во текот на годината. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | условите за живеење. | | | |
| 3 | еднократна парична помош за домување на семејства кои немаат сопствено живеалиште. | 60.000,00 МКД | | Во текот на годината. |
| 4. | живеење со подршка на стари, изнемоштени лица и лица со попреченост во посебни стамбени единици. | 60.000,00 МКД | 600.000,00 МКД | Во текот на годината. |
| 5 | -формирање на центар за стари лица за давање помош во домашни услови преку сертификација на негователи/ки и набавка на специјализирано моторно возило за реализација на активностите и задоволување на потребите на корисниците. | 600.000,00 МКД | 11.164.800,00 МКД | Во текот на годината. |
| 6. | формирање на групен дом. | 30.000,00 МКД | 500.000,00 МКД | |
| 7. | соработка и помош на лица со интелектуална попреченост и телесни инвалиди. | 50.000,00 МКД | | Во текот на годината. |
| 8 | обезбедување на семејна подршка преку соодветни сервиси за подршка во домашни услови. | 100.000,00 МКД | 1.000.000,00 МКД | Во текот на годината. |
| 9 | вклучување воспитно-образовни асистенти/тки во редовниот процес на образование. | 500.000,00 МКД | 700.000,00 МКД | Во текот на годината. |
| 10 | донација на хуманитарни пакети на социјално загрозени лица (50 пакети). | 75.000,00МКД | 100.000,00 МКД | Во текот на годината. |
| 11 | реконструкција и преадаптација на | | 11.133.948,40 МКД | Во текот на |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | задружен дом во с.Жидилово за сместување на лица од социјален ризик. | | | годината. |
| 12 | -подобрување на пристапноста до локалните институции на лицата со физички хендикеп преку изградба на пристапни рампи, елеватори. | | 600.000,00 МКД | Во текот на годината. |
| **ВКУПНО** | | **2.075,000,00 МКД** | **25.998,748,40 МКД** | **28.073,748,40 МКД** |

## 2.Активности во областа на детската заштита

| **Област 2** | **Активности** | **Финанскиски средства од општина** | **Финанскиски Средства од донатори** | |
|---|---|---|---|---|
| 1 | -помош на деца кои потекнуваат од социјално загрозени семејства | 30.000,00 МКД | | Во текот на годината. |
| 2 | -помош и поддршка на деца Роми кои се опфатени во ОЈУДГ„Детелинка “ | 30.000,00 МКД | | Во текот на годината. |
| 3 | -помош и поддршка на ученици во основното образование кои потекнуаваат од социјално загрозени семејства, | 30.000,00 МКД | | Во текот на годината. |
| 4 | -ослободување од финансиски средства, а за учество на организирани екскурзии во училиштата на деца кои се од социјално загрозени или | 102.000,00 МКД | | Во текот на годината. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | еднородителски семејства | | | |
| 5 | субвенционирање на матуранти/тки од социјално загрозени семејства и еднородителски семејства | 44.000,00 МКД | | Мај-Јуни 2021. |
| 6 | доделување на еднократен надоместок за новороденчиња за првите пет родени во годината | 33.335.00 МКД | | Во текот на годината. |
| 7 | право на партиципација во ОЈУДГ „Детелинка“ се остварува на дете на самохрани родители со плата и други месечни приходи во износ на минимална плата | 100.000,00 МКД | | Во текот на годината. |
| 8 | поддршка за надградба и реконструкција ОЈУДГ „Детелинка“ | | 23.500.000,00 МКД | Во текот на годината. |
| 9 | новогодишни пакетчиња за децата | 80.000,00 МКД | | Декември 2021. |
| **ВКУПНО** | | **449.335,00 МКД** | **23.500.000 МКД** | **23.949.335,00 МКД** |

## 3.Активности во областа на здраствена заштита

| **Област 3** | **Активности** | **Финансиски средстваод општина** | **Финансиски средства од донатори** | **Рок на имплементација** |
|---|---|---|---|---|
| **Здраствена заштита** | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1 | еднократна парична помош на деца кои боледуваат од ретки и специфични болести | 120.000,00 МКД | | Во текот на годината. |
| 2 | формирање, екипирање и опремување на Сензорна соба за деца со специфични потреби (аутизам, даунов синдром..) | 30.000,00 МКД | 300.000,00 МКД | Во текот на годината. |
| 3 | мобилна амбуланта за давање на превентивни, здравствени, социјални, психолошки и советодавни услуги во домашни услови од страна на стручен тим | 100.000,00 МКД | 300.000,00 МКД | Во текот на годината. |
| 4 | здраствено воспитување на населението преку организирање на едукативни трибини | 10.000.00 МКД | | Во текот на годината. |
| 5 | здраствено воспитување на деца и младинци во предучилишната установа и училиштата преку организирање на едукативни трибини | 10.000,00 МКД | | Во текот на годината. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 6 | едукативни трибини за штетното влијание врз развојот и здравјето на децата од прекумерната употреба на мобилните телефони | 10.000,00 МКД | | Во текот на годината. |
| 7 | едукативни трибини за зависници од наркотични средства | 10.000,00 МКД | | Во текот на годината. |
| 8 | подршка на Здруженија на граѓани кои ќе органзираат одбележување на значајни датуми и здраствени активности од областа на здравјето | 20.000,00 МКД | | Во текот на годината. |
| **ВКУПНО** | | **310.000,00 МКД** | **600.000,00 МКД** | **910.000,00 МКД** |

| | |
|---|---|
| **Буџет од Општина Крива Паланка** | **2.834.335,00 МКД** |
| **Буџет од други донатори** | **50.098.748,40 МКД** |

| | |
|---|---|
| **ВКУПНО** | **52.933.083,40 МКД** |

**ФИНАНСИРАЊЕ**

Средствата потребни за реализација на Програмата за социјална, здраствена и детска заштита за 2021 година ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Крива Паланка, средствата добиени преку аплицирање од Министерствотот за труд и социјалана полititка на Република Северна Македонија, средства добиени од УНДП, грантови добиени од организации, амбасади, заинтересирани партнери за меѓусебна соработка во земјата и странство.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Градоначалникот на Општина Крива Паланка се грижи за обезбедување на Програмата за социјална, детска и здраствена заштита.

Општина Крива Паланка преку Одделението за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија ќе го следи спроведувањето на програмата, ќе покренува иницијативи, дава мислења и дава предлози во врска со остварување на предвидените активности.

Програмата за социјална, детска и здраствена заштита за 2021 година не е конечна и истата може да се надополнува тековно согласно новонастаната состојба, имајќи го предвид функционирањето и во услови на корона вирус.

Програмата за социјална, детска и здраствена заштита за 2021 година во принцип е родово сензитивна затоа што буџетската алокација на средства во трите области (**социјалната, детската и здравствената заштита)** е во дирекна корелација со најранливите категории на граѓани и граѓанки во заедницата и нивните потреби и приоритети.

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, истата ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Крива Паланка, а ќе се применува од 01.01.2021 година.

**Бр.09-3365/17**
**27.11.2020 година**
**Крива Паланка**

**Совет на Општина Крива Паланка**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10,08/14и 02/18),03/19 Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Програма за социјална,детска и здравствена заштита во Општина Крива Паланка за 2021 година**

1. Се објавува Програма за социјална,детска и здравствена заштита во Општина Крива Паланка за 2021 година , што Советот ја донесе на 45-та седница,одржана на ден 27.11.2020 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08-3365/18**
**30.11.2020 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

## ПРОГРАМА

## НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА ОД ОБЛАСТА НА СОРАБОТКА СО ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ И ФОНДАЦИИ ЗА 2021 ГОДИНА

Во областа соработка со граѓанскиот сектор, Општина Крива Паланка ќе се насочи кон активности за продлабочување и унапредување на соработката со граѓанските организации во насока на креирање активен граѓански сектор, кој активно ќе учествува во креирањето на локалните политики и кој ќе придонесува во развојот на современото општество втемелено на социјална правда и еднакви можности за сите граѓани.

### I. ЦЕЛИ:

Основни цели на Програмата за активностите на Општина Крива Паланка за поддршка на граѓанскиот сектор во 2021 година се:

1. Зајакнување и унапредување на партнерската соработка со граѓанскиот сектор;

2. Создавање услови за реализирање на активности на граѓаните и здруженијата на граѓани;

3. Преку партиципативен демократски процес да се обезбеди средина која поттикнува ефективност и придонес на локалните граѓански организации во имплементацијата на локалните политики и стратегии;

4. Афирмација на Општина Крива Паланка како општина со развиена мрежа на граѓанскиот сектор.

### II. АКТИВНОСТИ

За реализирање на целите на оваа Програма, Општина Крива Паланка ќе ги превземе сите потребни активности и ќе ги стави на располагање сите свои технички и човечки ресурси. Активностите ќе бидат насочени кон реализирање на партнерски проекти од поширок интерес на заедницата, кон градење мрежи и коалиции со граѓанскиот сектор во сите области на делување на локалната самоуправа.

Активностите најмногу ќе се насочуваат кон:

- Идентификација на сегашните потреби на граѓанскиот сектор,
- Обезбедување просторни услови за работа на здруженијата на граѓани од општината;
- Реализација на јавен повик за прибирање на барања за користење на средства од Буџетот на Општина Крива Паланка за 2021 година, наменети за финасирање на иницијативи за проекти и програмски активности на здруженија на граѓани и фондации со седиште во општина Крива Паланка;
- Логистичка поддршка во реализација на акции и иницијативи, вмрежувања, лобирања, остварување на партнерства;

- Поттикнување на моделите за партнерство и заедничко подготвување и спроведување на проекти и активности кои се во интерес на Општината;
- Поттикнување на соработка помеѓу невладиниот сектор, бизнис заедницата и други групи на интерес во различни области на делување, заради подготовка на стратешки документи за Општината.

| **Временска рамка на активности** | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Активности** | | **Месец** | | | | | | | | | | | |
| | | **I** | **II** | **III** | **IV** | **V** | **VI** | **VII** | **VII** | **IX** | **X** | **XI** | **XII** |
| 1. | Идентификација на сегашните потреби на граѓанскиот сектор, | | | | | | | | | | | | |
| 2. | Активности за обезбедување просторни<br><br>услови за работа на здруженијата на граѓани од општината | | | | | | | | | | | | |
| 3. | Реализација на единствен јавен повик за прибирање на барања за користење на средства од Буџетот на Општина Крива Паланка за 2021. Родовиот концепт - еднаквите можности ќе биде дефиниран како еден од елиминирачките критериуми во повикот. | | | | | | | | | | | | |
| 4. | Логистичка подршка во реализација на акции и иницијативи, вмрежувања, лобирања, остварување на партнерства | | | | | | | | | | | | |
| 5. | Поттикнување на моделите за партнерсво и заедничко подготвување и спроведување на проекти и активности кои се во интерес на Општината | | | | | | | | | | | | |
| 6. | Поттикнување на сораборка помеѓу граѓанскиотт сектор, бизнис заедницата и други групи на интерес во различни области на делување, заради подготовка на стратешки документи за развој на локалната заедница | | | | | | | | | | | | |

## III. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Прогама е од Буџетот на општина Крива Паланка, од спонзорства и донации. За активности од областите што ги опфаќа оваа Програма, а кои со својата актуелност, квалитет и општ интерес ќе се појават во текот на 2021 година, ќе бидат издвоени дополнителни средства од Буџетот на општината во Програмите од соодветните области.

Финансирањето на активностите ќе се реализира со средства од Буџетот на Општина Крива Паланка со вкупно 1 200 000 денари.

## IV. ДРУГИ ФОРМИ НА ДЕЛУВАЊЕ

Освен со финансиски средства Општина Крива Паланка, активностите на граѓанскиот сектор ќе ги помага и со:

- Обезбедување стручна, техничка и други видови помош;
- Покровителство;
- Доделување награди и признанија;
- Учество на промотивни и протоколарни средби;
- Организирање трибини, форуми, дебати, кампањи и сл. на теми што се од јавен интерес;

За реализација на целите на Програмата, Општина Крива Паланка ќе ги превземе сите потребни активности и ќе ги стави на располагање техничките и човечките ресурси. Ќе соработува со сите чинители (организации, институции и поединци) и засегнати страни за унапредување на соработката со граѓанските организации, кои се еден од главните партнери во реализацијата на активностите.

Програмата е родово сензитивна и вкупниот буџет на програмата од 1 200 000 денари е родово сензитивен.

**Бр. 09-3365/19**
**27.11.2020 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**ИЗАБЕЛА ПАВЛОВСКА**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10,08/14и 02/18),03/19 Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Програма на Општина Крива Паланка од областа на соработка со здруженија на граѓани и фондации за 2021 година**

1. Се објавува Програма на Општина Крива Паланка од областа на соработка со здруженија на граѓани и фондации за 2021 година , што Советот ја донесе на 45-та седница,одржана на ден 27.11.2020 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08-3365/20**
**30.11.2020 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

# ЛОКАЛЕН АКЦИСКИ ПЛАН ЗА РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ

# ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

# 2021-2023

**СОДРЖИНА**


- **ВОВЕД**
- **ОСНОВНИ ПОИМИ И ТЕРМИНОЛОГИЈА**
- **ПРИОРИТЕТНИ ОБЛАСТИ НА РАБОТА**
- **ДЕФИНИРАНИ ЦЕЛИ**
- **АКТИВНОСТИ**
- **МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА**


## 1. ВОВЕД

Родовата рамноправност во Република Северна Македонија, е загарантирана со Уставот од 1991 година и како фундаментално човеково право претставува една од најважните цели и приоритети за државата. Покрај Уставот, родовата рамноправност е предвидена и регулирана и во други законски прописи и меѓународни договори кои претставуваат составен дел од нашиот правен поредок :

- ✓ Декларација за правата на човекот (1948 год.)
- ✓ Меѓународна конвенција за политички права на жените – еднакви права за двата пола (1952 год.)
- ✓ CEDAW Конвенција на ООН- Конвенција за елиминација на сите форми на дискриминација на жената (1979 год.)
- ✓ Пекиншката декларација и платформата за акција –рамноправност , развој и мир (1995 год.)
- ✓ Европската повелба за еднаквост помеѓу мажите и жените ( 2006г. )
- ✓ Член 9, Устав на Република Македонија/ граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба;
- ✓ Закон за еднакви можности на жените и мажите, пречистен текст / („Службен весник на РСМ“ бр. 201/2015)
- ✓ Закон за заштита од вознемирување на работно место / Службен весник на РСМ,бр. 2013
- ✓ Стратегијата за родова еднаквост на Р.С. Македонија и
- ✓ Националниот план за акција за родова рамноправност стратешки документ на Владата на Република Северна Македонија.

## 2. ОСНОВНИ ПОМИ И ТЕРМИНОЛОГИЈА

### Пекиншка декларација и Платформа за акција

На Четвртата светска конференција за жената, организирана од ОН во Пекинг, НР Кина, во септември 1995, беа донесени Декларација (позната како Пекиншка декларација) и Платформа за акција.

Со прифаќањето на Пекиншката декларација и Платформата за акција, меѓународната заедница се обврза за подобрување на статусот на жените и нивно зајакнување во јавниот и во приватниот живот.

Земјите членки на ООН се обврзаа на имплементација на Платформата за акција која опфаќа области од посебен интерес за жените. Областите се однесуваат на жените и на сиромаштијата, образованието, жените и здравјето, насилството, жените во вооружените конфликти, жените и економијата, жените и моќта и учеството во процесите на донесување на одлуки, институционалните механизми за зајакнување на жените, жените и човековите права, жените и медиумите, жените и животната средина и грижата за женските деца.

### Родова рамноправност

Родовата рамноправност значи праведност при постапувањето со мажите и со жените, во согласност со нивните лични потреби, праведност особено во врска со правата, придобивките, обврските и можностите. Родовата рамноправност е засегната со унапредување на личната, социјалната, културната, политичката и економската рамноправност за сите.

### Родова еднаквост

Родовата еднаквост значи дека различните однесувања, аспирации, потреби на жените и мажите се почитувани, земени предвид, вреднувани и подеднакво потпомогнати. Тоа значи дека нивните права, одговорности и можности нема да зависат од тоа дали тие се родени како машки или како женски. Таа е заснована на принципите на човековите права и социјалната правда.

Во овој контекст, работењето кон целта за постигнување на вистинска родова еднаквост и справување со постојните нееднаквости, често значи да се работи различно со жените и мажите, и да се признае дека мажите и жените имаат различни потреби и приоритети, се соочуваат со различни пречки, имаат различни аспирации и придонесуваат за развојот на различни начини.

**Еднакви можности за жените и за мажите**

Отсуство на пречки за економско, политичко и социјално учество врз основа на полот. Тоа значи промовирање на начелото за воведување на еднакво учество на жените и на мажите во сите области од јавниот и од приватниот сектор, еднаков статус, еднаков третман во остварувањето на сите права и во развојот на нивните индивидуални потенцијали, преку кои тие придонесуваат во општествениот развој, и еднакви придобивки од резултатите произлезени од тој развој.

**Родова перспектива**

Родова перспектива е гледиште кон родовите разлики во секоја дадена политичка област/активност. Општо прифаќање на родовата перспектива во процесот на проценување на импликациите на секое планирано дејство врз жените и врз мажите, вклучувајќи го и законодавството, политиките или програмите во сите области и на сите нивоа. Тоа е стратегија за прашањата и за искуствата на жените и на мажите во настојувањето да станат интегрална димензија на дизајнирањето, спроведувањето, следење и евалуацијата на политиките и програмите во сите политички, економски и општествени сфери, така што жените и мажите ќе имаат еднакви придобивки и нема да се продолжува со нееднаквоста. Крајна цел е да се постигне родова рамноправност**.**

**Родова процена на влијание**

Проценувањето на политичките предлози на сите различни влијанија врз мажите  и жените, со намера да се идентификува дека дискриминаторските ефекти се неутрализирани и дека е спроведена родова еднаквост.

**Родова чувствителност**

Способноста да се сфати и посочи постоењето на родовите разлики, проблеми и нееднаквости и истите да се инкорпорираат во стратегии и акции за нивно надминување.

“Вклучување на родовата рамноправност во главните текови, политики и практики” (Gender mainstreaming) претставува  интегрирање на родовата перспектива во секоја фаза на процесот на градење, донесување, спроведување, следење и евалуација на политики  – притоа, имајќи го предвид промовирањето и унапредувањето на еднаквоста меѓу жените и мажите.  Тоа значи проценка на тоа како политиките влијаат врз животот  и местото на жената и мажот и преземање одговорност истите да се адресираат со создавање простор за секого, од ниво на семејната заедница, до ниво на пошироката заедница,  да придонесат во тој процес на градење заедничка и разбрана визија за постигнување одржлив развој, притоа преточувајќи ги тие политики во реалност.  За да се постигне ова, неопходно е високо ниво на политичка волја, посветеност и разбирање  низ сите структури и сфери во општеството.

**Родово буџетирање**

Родовото буџетирање е одраз на политичката волја и преземени чекори во постигнувањето на родовата рамноправност со примена на практиките на вклучување на родовите перспективи во процесите на буџетирање. Ова не имплицира само посебни буџети за жените, туку значи проценка на буџетите од аспект на родовата рамноправност и вклучување на родовите перспективи на сите нивоа во процесите на буџетирање.

**Зајакнување**

Зајакнувањето се однесува и на мажите и на жените и претставува колективен потфат кој вклучува и индивидуална промена и колективна акција. Зајакнување на жените значи развивање на нивната способност колективно и индивидуално да преземат контрола над своите животи, да ги идентификуваат своите потреби, да ги одредат интересите кои им одговараат. Во повеќето случаи зајакнувањето на жените бара трансформација на поделбата на трудот и општеството.

Законот за еднакви можности од 2015г. ги уредува основните и посебните мерки за воспоставување на еднакви можности на жените и мажите, како и надлежностите, задачите и обврските на одговорните субјекти за нивно обезбедување, со давање на посебен акцент на правната заштита на правото на еднаков третман на жените и мажите.

**Еднакви можности**

Терминот еднакви можности значи промовирање на начелото за еднакво учество на жените и мажите во сите области од јавниот и приватниот сектор, еднаков статус и третман во остварувањето на сите права во развојот на нивните индивидуални потенцијали преку кои тие се оставруваат во општествениот живот.

**Еднаков третман**

Еднаков третман значи отсуство на директна и индиректна дискриминација врз основа на пол согласно со овој и друг закон .

- Дискриминација по основ на пол
- Дирекна и индирекна дискриминација
- Вознемирување по основ на пол
- Сексуално вознемирување
- Потполна еднаквост на жените и мажите
- Еднаква заштита на жени и мажи

- Вклучување на родовите перспективи во главните текови
- Видови мерки за воспсотавување на еднакви можности на жените и мажите

  -основни мерки

  -посебни мерки

  -позитивни мерки

  -охрабрувачки мерки

  -програмски мерки

**Правна заштита на правото на еднаков третман на жени и мажи**

- Заштитата се остварува со поднесување претставки пред:

  - Правен застапник согласно со овој закон
  - Народен правобранител
  - Комисија за заштита од дискриминација или надлежен суд

Овој акциски план за родова рамноправност на Општина Крива Паланка е изработен во согласност, со **Стратегијата за родова еднаквост на Р. С. Македонија и Националниот план за акција за родова рамноправност, стратешки документ на Владата на Република Северна Македонија**, кој ги дефинира целите, мерките, индикаторите, клучните креатори на политиката за унапредување на родовата рамноправност во различните области од животот, одговорните чинители и сите засегнати страни во воспоставувањето на родовата рамноправност и еднаквите можности на жените и мажите во Република Северна Македонија.

Локалната власт има клучна улога во намалување на нееднаквостите и промовирањето на вистинско еднакво општество.

Комисијата за еднакви можности (КЕМ) - како постојано работно тело при Советот на Општина Крива Паланка е утврдена со Статутот на Општина Крива Паланка од 2006г. мандатот на КЕМ како и на другите постојани работни тела – комисии при Советот на Општината е четири години.

Доколку сакаме да изградиме заедница што се базира на еднаквост, многу е битно локалната власт целосно да ја земе во предвид половата димензија и да ја вметне во своите правила на управување, организација и практично работење. Во денешницата и во иднината, вистинската еднаквост помеѓу мажите и жените е исто така клучот за нашиот економски и социјален успех - не само на локално туку и национално ниво.

Основна цел на овој документ е да се подобри статусот на жените и да се обезбеди континуиран развој во реализацијата на родовата рамноправност.

## 3 ПРИОРИТЕТНИ ОБЛАСТИ НА РАБОТА

**Приоритетните области на работа кои ги обработува Локалниот акционен план за родова рамноправност на Општина Крива Паланка се <u>шест стратешки области на дејствување и тоа:</u>**

3. **Човекови права – недискриминација;**

Унапредувањето на човековите права на жената и родовата еднаквост е трајна задача на сите општествени фактори. Република Северна Македонија, согласно со своите уставни определби, но и како земја кандидат за членство во ЕУ, во изминатите години презеде бројни активности на законодавен и функционален план за унапредување на севкупната состојба со човековите права, а во тој правец и на правата на жената и унапредувањето на родовата еднаквост.

Затоа неопходно е континуирано да се работи на информирањето и едукација за правата и родовата еднаквост, запознавање со законската легислатива за заштита на тие права преку спроведување на кампањи и многубројни активности, насочени кон подигнување на свеста и знаењето на јавноста за дискриминација по основ на пол, со цел за воспоставување на општество на еднакви можности и отстранување на сите облици на дискриминација.

4. **Подигање на свеста за грижа на жената за сопственото здравје**

Здравјето е фундаментално човеково право. Секој има право на највисоко ниво на физичко и ментално здравје. Во Република Северна Македонија во последните години се посветува огромно внимание на здравјето на жените и се подготвуваат и имплементираат различни програми,но статистиките и понатаму покажуваат по однос на малигните заболувања за висока стапка на морталитет од заболувања на рак на дојка и матка кај жената, што во прв ред се должи на нивното ненавремено откривање во раната фаза, кога шансите за излекување се поголеми.

Затоа со цел за превенција и заштита на здравјето на жената и понатаму неопходно е континуирано подигање на свеста на жените за грижа за сопственото здравје. вклучително репродуктивното здравје, планирање на семејство и сексуално здравје преку спроведување на кампањи, едукативни предавања и други многубројни активности.

5. **Жената и одлучувачките процеси во локалната заедница;**

Родовиот јаз во стапките на активност и вработеност, родова сегрегација на професиите (на хоризонтално и вертикално ниво), пониското учество на жените на позициите на одлучување и моќ, остануваат предизвици кои ќе бидат земени во предвид како приоритетни во периодот кој следи, со цел за унапредување на родовата еднаквост во општественото и економското живеење.

6. **Жената и пазарот на труд;**

- Учеството на жената на пазарот на труд претставува една од клучните области за подобрување и постигнување на еднаквоста во рамките на родовото движење воопшто. Квалитативниот аспект на рамноправноста по однос на пазарот на труд во себе содржи неколку сегменти: Квалитетни работни места за жените за да се постигне економска независнот на жените; Квалитетни сервиси за усогласување на работата и приватниот живот; борба со стереотипите; Зајакнување на институционалните механизми во поддршката на политичките обврски и имплементација на легислативата. **Повеќе и подобри работни места** е стратешката цел која е во основата на Лисабонската агенда.

**- Жената како домаќинка, земјоделка и сточарка;**

Евидентна е потребата од подигање на свеста на жената за нејзината, улога како домаќинка земјоделска и сточарка, нискиот степен на самодоверба и економска зависност, ја ставаат во подредена положба во семејството и заедницата, бидејќи таа а и другите не и го вреднуваат големиот процент учество во неплатениот труд, односно жената не е свесна за вредноста и вреднувањето на неплатената работа во домот и семејството.

7. **Родово базираното насилство**

Насилството врз жените и мажите значи секој акт на родово базирано насилство кое резултира со или е веројатно да резултира со физичка, сексуална или психолошка штета или страдање на жртвата, вклучувајќи и закани за такви акти, принуда или своеволно лишувања од слобода, без разлика дали се случуваат во јавниот или приватниот живот.

Статистиката покажува дека жртви на родово базирано насилство се најчесто жените и децата.

Затоа е потребно да се зголеми свесноста кај поширокaта јавност за проблемот со насилството / да се подобри информираноста за превенција и заштита од секаков вид на насилство.

8. **Родово одговорно буџетирање**

Родовото буџетирање како релативно понова алатка претставува дел од *стратегијата за вклучување на родовата перспектива во главните текови, политики и практики, насочени кон постигнување на родова рамноправност (gender mainstreaming).*

Стратегијата за воведување на родово одговорно буџетирање во Република Северна Македонија, како национален документ има за цел унапредување на родовата еднаквост преку вклучување на родовата перспектива во главните текови. Прифатен е ставот дека внесувањето на родовата перспектива во буџетските политики на локално ниво, ќе доведе до правилно родово одговорно распределување на средствата, како и подобра транспарентност и одговорност на локалниот/ општинскиот буџет од аспект на родовата рамноправност.

Прашањето на рамноправност и вклучување на родовите перспективи во главните текови, не е прашање единствено на социјална правда, туку е исклучително значајно прашање во справувањето со сиромаштијата и невработеноста, обезбедувањето на еднакви можности и квалитетен живот за сите.

## 4. СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ

- Подобрување на информираноста за човековите права, механизмите за заштита и родовата рамноправност. Препознавање на дискримнацијата врз основа на пол на пазарот на труд (во согласнст со законските одредби), како и информирање за системите за заштита и казнување на кршењето на тоа право;
- Зајакнување на свеста на жените за континуирана грижа и заштита на сопственото здравје; Подобрување на информираноста и одговорноста на младите за сексуалното здравје;
- Промовирање на родовиот концепт и еднаквите можности на жените и мажите во општеството и семејството, потребата од рамноправно учество на жените и мажите во одлучувачките процеси, политичкиот и јавниот живот во локалната заедница / **доследна примена на Законот за еднакви можности на жените и мажите ;**
- Унапредување на економскиот статус на жените, преку јакнење на нивните капацитети и поттикнување на женското претприемништво;
    - Подигање на свеста на жената за нејзината улога како. домаќинка, земјоделка и сточарка;
    - Подобрување на информираноста и знаењата на жените за регулирање на статусот земјоделец и пристапот до ИПАРД фондовите
- Континуирани активности за превенција на женската популација во однос на Зголемување на нивото на сензибилизираност, разбирање и препознавање на појавата на семејно и други видови на родово базирано насилство.;
- Интегрирање на родовите прашања во политиките и финансиските инструменти, родово одговорно буџетирање согласно методологијата и согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите;

- Континуирана дисеминација  на информации за родовата перспктива и реализацијата на активностите од акциониот план.

## 5. АКЦИОНЕН ПЛАН

## 2021-2023

| | |
|---|---|
| **1** | **ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ – Човекови права – недискриминација** |
| **1.1.** | **Стратешки цели:**<br>• Подобрување на информираноста за човековите права, механизмите за заштита и родовата рамноправност<br>• Препознавање на дискримнацијата врз основа на пол на пазарот на труд (во согласнст со законските одредби), како и информирање за системите за заштита и казнување на кршењето на тоа право; |
| **1.2** | **Проблем:**<br>○ Неинформираност на жената за нејзините права – ниска свест на жената за себе и своите права. |
| **1.3** | **Задача/активности:**<br>• Градење на капацитетите кај жените да си ги бараат своите права, преку подигнување на нивото на свесноста<br>• Подигнување на правната писменост со цел унапредување на правната заштита на жената во случај на повреда на нејзините права |
| **1.4** | **Временски период**:<br>**2023** |
| **1.5** | **Резултати:**<br>рани и информирани жените во општината за своите права и механизмите за заштита и препознавање на дискриминација. |
| **1.6** | **Одговорен- институции, организации, лице:**<br>ијата за еднакви можности<br>началник/ општинската администрација |

| | |
|---|---|
| **1.7** | **Мониторинг- институции, организации, лице:**<br>• Советот на општината<br>• МТСП |
| **2** | **ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ - Подигање на свеста за грижа на жените и мажите за сопственото здравје** |
| **2.1** | **Стратешки цели:**<br>• Зајакнување на свеста на граѓаните за континуирана грижа и заштита на сопственото здравје; Подобрување на информираноста и одговорноста на младите за сексуалното здравје. |
| **2.2** | **Проблем:**<br>**II.** Зголемување на процентот на малигните и други болести поврзани за репродуктивното здравје на жената,,<br>**III.** Зголемување на процентот на малигните и други болести поврзани со заболувања на простатата кај мажите;<br>**IV.** Ниска свест и на жените и на мажите за редовни лекарски контроли;<br>**V.** Needуцирани млади за сексуално преносливите болести; |
| **2.3** | **Задача/активности:**<br>• Подигање на свеста за грижа на жените и мажите за сопственото здравје( креирање и имплементирање на одредени мерки);.<br>• Едукација на младата популација за сексуално преносливите болести |
| **2.4** | **Временски период**:<br>➢ **2021 -2023** |
| **2.5** | **Резултати:**<br>➢ Зголемено ниво на информираност за малигните заболувања на репродуктивните органи кај жените и заболувањата на простатата кај мажите;<br>➢ Зголемена превенција и рано откривање на појавата на карцином |

| | |
|---|---|
| | ➢ Едуцирани младите за заштита на сексуалното здравје |
| **2.6** | **Одговорен:**<br><br>ијата за еднакви можности<br>началник/ општинска администрација |
| **2.7** | **Мониторинг:**<br><br>• Советот на општината<br>• МТСП |
| **3** | **ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ - Жената и одлучувачките процеси во локалната заедница;** |
| **3.1** | **Стратешки цели:**<br><br>• Промовирање на родовиот концепт и еднаквите можности на жените и мажите во општеството и семејството, потребата од рамноправно учество на жените и мажите во одлучувачките процеси, политичкиот и јавниот живот во локалната заедница ***/*** доследна примена на Законот за еднакви можности на жените и мажите. |
| **3.2** | **Проблем:**<br><br>• Ниската свест на жената за родовиот концепт и еднаквите можности на жените и мажите во општеството и семејството. |
| **3.3** | **Задача/активности:**<br><br>• Развој и промоција на правата , интересите и можностите на жената. |
| **3.4** | **Временски период:**<br><br>➢ **2021 -2023** |
| **3.5** | **Резултати:**<br><br>➢ Имплементирани одредби од Законот за еднакви можности;<br><br>➢ Зголемен процент на учество на жените во структурите на одлучување на локално ниво; |

| | |
|---|---|
| **3.6** | **Одговорен:**<br><br>ијата за еднакви можности<br>от на општината<br>началник/ општинската администрација |
| **3.7** | **Мониторинг:**<br><br>• Советот на општината<br>• МТСП |
| **4** | **ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ - Жената и пазарот на труд;** |
| **4.1** | **Стратешки цели:**<br><br>• Унапредување на економскиот статус на жените, преку јакнење на нивните капацитети и поттикнување на женското претприемништво;<br>• Подигање на свеста на жената за нејзината улога како. домаќинка, земјоделка и сточарка;<br>• Подобрување на информираноста и знаењата на жените за регулирање на статусот земјоделец и пристапот до ИПАРД фондовите; |
| **4.2** | **Проблем:**<br><br>Економска зависност на жената од мажот (семејството), ниско ниво на самодоверба кај жената.<br>Неинформираност на жената земјоделка за програмата на ЕУ – ИПАРД која предвидува 10 % повеќе средства за жените кои се регистрирани како индивидуални земјоделци. |
| **4.3** | **Задача/активности:**<br><br>4 ,,Зајакнување на капацитетите на жената преку обуки/едукација,,<br>5 Подигање на свеста на жената за нејзината улога во неплатениот труд.<br>6 Подобрување на информираноста и знаењата на жените за регулирање на статусот земјоделец и пристапот до ИПАРД фондовите; |
| **4.4** | **Временски период:**<br><br>➢ **2021 -2023** |
| **4.5** | **Резултати:**<br><br>➢ Број на спроведени обуки |

| | |
|---|---|
| | ➢ Број на учеснички<br>➢ Зајакнати капацитети на жените за претприемништво<br>➢ Подигната свеста на жената за нејзината улога во неплатениот труд,,<br>➢ Подобрена информираност на жените за постапката за регулирање на статусот на индивидуален земјоделец, сточар.<br>➢ Зголемена иницијативност на жените во земјоделството/сточарството; |
| **4.6** | **Одговорен:**<br><br>ијата за еднакви можности<br>началник/ општинската администрација |
| **4.7** | **Мониторинг:**<br><br>• Советот на општината<br>• МТСП |
| **5** | **ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ - Родово базираното насилство** |
| **5.1** | **Стратешки цели:**<br><br>• Зголемување на нивото на сензибилизираност, разбирање и препознавање на појавата на семејно и други видови на родово базирано насилство. Превенција од насилство, насилство врз жените и семејно насилство, (превенција и заштита од родово и полово базирано насилство); |
| **5.2** | **Проблем:**<br><br>Семејно насилство и друг вид на родово базирано насисълство. |
| **5.3** | **Задача/активности:**<br><br>Активности насочени против родово базирано насилство и насилство врз жените вклучувајќи го и семејното насилство и секаков вид на насилство |
| **5.4** | **Временски период:**<br><br>➢ **2021 -2023** |

| | |
|---|---|
| **5.5** | **Резултати:**<br><br>➢ Зголемено ниво на свесност и самодоверба кај жртвите за пријавување на насилството до надлежните институции; |
| **5.6** | **Одговорен:**<br><br>ијата за еднакви можности<br>началник/ општинската администрација |
| **5.7** | **Мониторинг:**<br><br>• Советот на општината<br>• МТСП |
| **6** | **ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ - Родово одговорно буџетирање** |
| **6.1** | **Стратешки цели:**<br><br>• Интегрирање на родовите прашања во политиките и финансиските инструменти, согласно со Законот за еднакви можности на жените и мажите;<br>• Имплементирање на родово одговорно буџетирање. |
| **6.2** | **Проблем:**<br><br>Отсуство на родовата перспектива во буџетските политики на локално ниво**.** |
| **6.3** | **Задача/активности:**<br><br>7 Воведување на родово одговорно буџетирање на локално ниво преку годишните оперативни буџетски програми.<br>8 Активности насочени кон лобирање и подигнување на свеста на релевантните субјекти на локално ниво за значењето на родовите политики и вклучување на родовиот концепт во процесот на креирање на буџетот, локалните политики, програми и проекти во Општината/ Јакнење на граѓански активизам; |
| **6.4** | **Временски период:**<br><br>➢ **2021 -2023** |

| | |
|---|---|
| **6.5** | **Резултати:**<br><br>➢ Подигање на повисоко ниво на родовото одговорно распределување на средства, што ќе продуцира поголема транспарентност и одговорност на локалниот/ општинскиот буџет од аспект на родовата рамноправност |
| **6.6** | **Одговорен:**<br><br>:ијата за еднакви можности<br>началник/ општинската администрација |
| **6.7** | **Мониторинг:**<br><br>• Советот на општината<br>• МТСП |

## 6. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите при Советот на Општина Крива Паланка, координаторката и заменик координаторката за еднакви можности на жените и мажите ќе го следат текот и динамиката на спроведување на ,,Акциониот План,, преку реализацијата на годишните оперативни програми и ќе даваат свои оценки како и предлози за неопходни промени се со цел постигнување на утврдените цели.

До Советот на Општината и Секторот за еднакви можности при Министерството за труд и социјална политика од страна на координаторот за еднакви можности согласно законските обврски се доставуваат редовни годишни извештаи, за имплементација на активностите од оперативните годишни програми, постигнатите резултати и остварените цели, со што во делот на евалуацијата се вклучува и Секторот за еднакви можности при Министерството за труд и социјална политика.

Согласно овој Акциониот план за родова рамноправност 2021 - 2023 на Општина Крива Паланка и Законот за еднакви можности на жените и мажите, ќе се изработува годишна оперативна програма. Целта на годишната оперативна програма ќе биде успешно спроведување на политиките/мерките (проектите) за унапредување на родовата рамноправност предвидени со акциониот план 2021 - 2023.

Во годишните оперативни програми ќе бидат дефинирани конкретните активности, приоритетните области, мерки и цели, кои ќе бидат реализирани, како и конкретната временска рамка за нивна реализација, а се во насока на унапредување на родовата рамноправност, воспоставување на еднакви можности за жените и мажите, како и обезбедување на континуирано унапредување на статусот на жените во Општина Крива Паланка.

**Бр. 09- 3365/21**
**27.11.2020 год.**
**Крива Паланка**

**Совет на Општина Крива Паланка**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10,08/14и 02/18),03/19 Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за усвојување на Локален акциски план за родова рамноправност на Општина Крива Паланка 2021-2023 година**

1. Се објавува Одлука за усвојување на Локален акциски план за родова рамноправност на Општина Крива Паланка 2021-2023 година , што Советот ја донесе на 45-та седница,одржана на ден 27.11.2020 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08-3365/22**
**30.11.2020 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална Самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02), член 14 став 1 од Законот за еднакви можности на жените и мажите, пречистен текст („Службен весник на РСМ“ бр.201/2015) и член 14 точка 41 од Статутот на Општина Крива Паланка (“Службен гласник на Општина Крива Паланка“ број 08/2010, 08/2014, 02/2018 и 03/2019), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на 27.11.2020 година, донесе

# ПРОГРАМА

## За активностите на Општина Крива Паланка во областа на еднаквите можности за 2021 година

### Вовед

Програмата за активностите од областа на еднаквите можности на жените и мажите во Општина Крива Паланка за 2021 година, има за цел да ја промовира и унапреди родовата еднаквост согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите – пречистен текст („Службен весник на РМ“ бр.201/2015) со кој се забранува и казнува секаков вид дискриминација врз основа на пол во јавниот и приватниот сектор во областа на вработувањето и трудот, образованието, социјалната сигурност, културата, спортот, односно во сите сфери на човековото живеење.

Со програмата е предвидено организирање на различни активности (реализација на конкретни мерки – основни и посебни), со цел да се промовира и унапреди родовата еднаквост, граѓаните да се информираат и едуцираат за своите права и за тоа како да реагираат доколку се дискриминирани по основ на пол и други основи и интегрирање на родовите прашања во политиките и финансиските инструменти во локалната заедница.

Општина Крива Паланка **програмата** ќе ја реализира во рамките на своите можности и расположливите средства во Буџетот на Општината за 2021 година за конкретните намени, во соработка со различни здруженија на граѓани, институции и организации, кои работат на полето на родовата еднаквост.

Програмата ќе се спроведува во текот на 2021 година.

Клучните области во општината согласно **Акцискиот план за родова рамноправност на Општина Крива Паланка 2021 – 2023** на кои ќе ги насочиме активностите и ќе ја интензивираме работата во 2021 година за унапредување на состојбата со родовата рамноправност се:

1. **Човекови права – недискриминација**
2. **Родово одговорно планирање и буџетирање**

# I ЦЕЛИ

Основни цели на Програмата за активностите на Општина Крива Паланка за еднакви можности на жените и мажите за 2021 година се:

1. Подобрување на информираноста за човековите права, механизмите за заштита и родовата рамноправност. Препознавање на дискримнацијата врз основа на пол (во согласнст со законските одредби), како и информирање за системите за заштита и казнување на кршењето на тоа право;

2. Интегрирање на родовата перспектива во краткоточното и долгорочно планирање (стратешко планирање и оперативно програмирање) на локалните политики и буџетската алокација на средства во 2021 година:
   - Интегрирање на родовата перспектива во локалните политики и стратешките развојни документи на општината;
   - Интегрирање на родовата перспектива при креирање на буџетските оперативни политики;

3. Јакнење на локалните капацитети (Комисијата за еднакви можности, општинската администрација, НВО и други засегнати страни) со цел постигање на повисоко ниво на родова рамноправност во локалната заедница;

4. Редовна публикација на активности и материјали за родова рамноправност;

# **II** АКТИВНОСТИ 2021

Во контекст на дефинираните цели, активностите најмногу се насочени кон:

- Едукација и информирање на граѓаните и сите чинители за правната рамка и институционалната заштита на основните човекови права;
- Родово сензибилизирано стратешко планирање и буџетирање на локално ниво;
- Јакнење на локалните капацитети ( КЕМ, локална администрација , НВО) со цел подигање на повисоко ниво на родова рамноправност во заедницата;

Во текот на 2021 година во Општина Крива Паланка се планира да се реализираат следните активности од доменот на еднаквите можности.

| **1** | **ЦЕЛ:** Подобрување на информираноста за човековите права, механизмите за заштита и родовата рамноправност.Препознавање на дискримнацијата врз основа на пол (во согласнст со законските одредби), како и информирање за системите за заштита и казнување на кршењето на тоа право; | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Задача** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати** | **Носител на активноста** | **Буџет мкд** |
| **-Градење на капацитети кај граѓаните за препознавање на дискриминацијата и нееднаквиот третман врз основа на пол.**<br><br>**-Подигнување на правната писменост на граѓаните со цел унапредување на правната заштита во случај на повреда на нивните** | **1.1** Општина Крива Паланка во рамки на своите можности и во соработка со здруженија на граѓани и поединци-експерти, ќе организира работилници, и трибини ( 2 настани) за граѓаните на кои би се дискутирало за различни теми од областа на: законската регулатива за еднакви можности на жените и мажите и, фундаменталните човекови права, како и за механизмите кои ги штитат тие права. | Континуирано<br><br>2021 | Едуцирани граѓани во насока да станат посензитивни и да ги препознаваат различните видови на дискриминација со особен акцент на дискриминацијата врз основа на полот, како и за законските можности за поднесување претставки до релевантните | -Комисијата за еднакви можности<br><br>-Градоначалник<br><br>-Општинска администрација | **1.1 30.000,00**<br>**1.2 6000,00**<br>**1.3 4000,00** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **права** | | | институции во случаи на дискриминација по различни основи. | | |
| | 1.2 Подготовка на печатен материјал, покани, флаери и сл. за потребите на настаните | | | | |
| | 1.3 Промоција и медиумска промоција на активностите. | | | | |
| **Вкупно** | | | | | **40.000,00** |

| | |
|---|---|
| **2** | **ЦЕЛ:** Интегрирање на родовата перспектива во краткоточното и долгорочно планирање (стратешко планирање и оперативно програмирање) на локалните политики и буџетската алокација на средства во 2021г.<br>- **Интегрирање на родовата перспектива во локалните политики и стратешките развојни документи на општината**<br>- **Интегрирање на родовата перспектива при креирање на буџетските политики** |

| Задача | Активности | Временски период | Резултати | Носител на активноста | Буџет мкд |
|---|---|---|---|---|---|
| **2.1 Родова сензибилираност на локалните политики и плански и развојни документи на општината** | 2.1.1 Подготовка на профил на Општината базиран на родово разделени информации – податоци;<br>2.1.2 Анализа од родов аспект на постојните плански и развојни | Континуирано<br>2021 | Усвојување на родово одговорни политики родово сензибилизирани стратешки и развојни | -Интерсекторската работна група за стратешко планирање и буџетирање | **20.000,00** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | документи во општината;<br>2.1.3 КЕМ – зголема аналитичка активност на комисијата за еднакви можности и нејзината улога и моќ во одлучувачките процеси во локалната заедница во делот на , одобрувањето и усвојување на родово сензибилизирани локални политики и плански и развони документи; | | документи на општината. | -Комисијата за еднакви можности<br><br>-Градоначалник<br><br>-Општинска администрација | |
| **2.2 Воведување на родово одговорно буџетирање на локално ниво преку родово сензитивно планирање на расходите во оперативните годишни буџетски програми на општината.** | Вклучување на родовиот концепт во процесот на креирање на буџетот, локалните политики, оперативни програми и проекти во општината преку родова анализа на истите од страна на интерсекторската работна група за стратешко планирање и буџетирање и Комисијата за еднакви можности<br><br>(Интерсекторската работна група за стратешко планирање и буџетирање и Комисијата за еднакви можности на жените и мажите (КЕМ) при Советот на Општина Крива Паланка ќе ги разгледува развојните планови и други акти и предлог-одлуките пред да бидат усвоени од Советот на Општината и за истите ќе доставува мислење и препораки, а воедно ќе учествува и во креирањето на стратешките документи за Општината согласно Законот.) | Јуни-Декември<br><br>2021 | Подигнато на повисоко ниво родовото одговорно планирање и распределување на средствата, што ќе продуцира поголема транспарентност и одговорност на локалниот/ општинскиот буџет од аспект на родовата рамноправност | -Интерсекторската работна група за стратешко планирање и буџетирање<br><br>-Комисијата за еднакви можности<br><br>-Градоначалник<br><br>--Општинска администрација | **20.000.00** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | | | | | **40.000,00** |
| **3** | **ЦЕЛ:** Јакнење на капацитетите на Комисијата за еднакви можности и општинската администрација со цел постигање на повисоко ниво на родова рамноправност во локалната заедница; | | | | |
| **Задача** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати** | **Носител на активноста** | **Буџет мкд** |
| **Едукација за промовирање и унапредување на еднаквите можности на жените и мажите** | 3.1 Учество на семинари, работилници, панел дискусии и округли маси поврзани со правото на еднаквите можности за сите. | Континуирано<br>2021 | Зајакнати и оспособени капацитетите и знаењата на локалната власт и локалната заедница, што ќе резаултира со повисоко ниво на родова рамноправност во заедницата. | Комисијата за еднакви можности<br>-Градоначалник | **30.000,00** |
| **Вкупно** | | | | | **30.000,00** |
| 4 | **ЦЕЛ:** Редовна публикација на активности и материјали за родова рамноправност | | | | |
| **Задача** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати** | **Носител на активноста** | **Буџет мкд** |
| **Дисеминација на информации и материјали за еднакви можности** | 4.1 Публицирање на информации преку дистрибуција на печатени материјали во општинскиот центар за услуги, веб страната на општината и други форми на дисеминација на информации<br>. | Континуирано<br>2021 | Обезбеден пристап до информациии за родова рамноправност во локалната заедница | Комисијата за еднакви можности<br>-Градоначалник | **10.000,00** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| **Вкупно** | | | | | **10.000,00** |
| **СЕ ВКУПНО** | | | | | **120.000,00** |

За реализација на целите на Програмата, Општина Крива Паланка ќе ги превземе сите потребни активности и ќе ги стави на располагање техничките и човечките ресурси. Ќе соработува со сите чинители (организации, институции и поединци) и засегнати страни за унапредување на родовата рамноправност на локално ниво, вклучително граѓанските организации кои и ќе бидат еден од главните партнери во реализацијата на активностите.

**III МЕТОДИ НА РАБОТА**

Основни методи кои ќе бидат користени во реализација на активностите се:

- **Работни средби** - Организирани за координација помеѓу КЕМ, Интерсекторската работна група за стратешко планирање и буџетирање , Градоначалникот (општинската администрација) и другите партнери во реализација на активностите (експерти од одредени области, НВО-и, целни групи на граѓани и др.) кои ќе учествуваат во имплементацијата на активностите;

- **Дискусионо обучувачки методи** - ќе бидат користени во рамките на спроведување на обуките, предавањата, советувањата и сл. согласно активностите. Во формата на обуките, предавањата, советувањата и сл. ќе се користат современи образовни технологии, аудио визуелни и мултимедијални образовни продукти во зависност од новонастанатата ковид ситуација и функционирање во услови на епидемија.

- **Истражувачко аналитички методи -** ќе се користат при и анализа на постигање на целите. Приоритетно ќе се применуваат методите на анализа, собирање, анализирање и систематизирање на информацијата (интервјуа и анкети со целните групи);

- **Информативно промотивни методи -** овој тип на метод ќе се користи при дистрибуцијата и презентирањето на рекламните и пропагандните материјали, организацијата на обуките, предавањата, советувањата и други потреби согласно содржината на активностите;

- **Правни методи** - ќе се користат при планирањето на програмско оперативните активности согласно законските надлежности на општината.

- **Финансиско сметководствени методи** - ќе се користат во процесот на подготовка на буџетите за секоја активност поединечно, периодичните и финалните финансиски извештаи за реализација на активностите;

**IV ФИНАНСИРАЊЕ**

Финансирањето на активностите ќе се реализира со средства од Буџетот на Општина Крива Паланка.

## V. МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите при Советот на Општина Крива Паланка и Интерсекторската работна група за стратешко планирање и буџетирање ќе го следат текот и динамиката на спроведување на Програмата и ќе даваат свои оценки како и предлози за неопходни промени се со цел постигнување на утврдените цели.

До Советот на Општината, Градоначалникот и Секторот за еднакви можности при Министерството за труд и социјална политика од страна на координаторот за еднакви можности на жените и мажите ќе биде доставен годишен извештај за имплементација на активностите и реализацијата на целите, со тоа во делот на евалуацијата се вклучува и Секторот за еднакви можности при Министерството за труд и социјална политика.

## VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, истата ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Крива Паланка, а ќе се применува од 01.01.2021 година.

**Бр. 09 – 3365/23**
**27.11. 2020 год.**
**Крива Паланка**

**Совет на Општина Крива Паланка**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10,08/14и 02/18),03/19 Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Програма за активностите на Општина Крива Паланка во областа на еднакви можности за 2021 година**

1. Се објавува Програма за активностите на Општина Крива Паланка во областа на еднакви можности за 2021 година , што Советот ја донесе на 45-та седница,одржана на ден 27.11.2020 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08-3365/24**
**30.11.2020 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на Законот за водите Службен весник бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 і 52/16) , Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води. (сл.весник на РМ бр 68/04, 28/06, 103/08, 17/11, 54/11, 163/13, 10/15, 147/15 I 31/16), Одлуката за комунален ред (Сл.гласник бр. 8 од 28.06.2013 г.) і ~len 14 od Statutot na Op{tina Kriva Palanka**,** (Службен гласник на Општина Крива Паланка, бр 08/10, 08/14, 02/18 I 03/19) Советот на Општина Крива Паланка на седницата на ден 27.11.2020 год., донесе

**П Р О Г Р А М А**

**За изградба, реконструкција и одржување на локалната**

**водоводна и канализациона мрежа во Општината Крива Паланка за 2021**

**година**

**Вовед**

Со оваа Програма се предвидуваат активностите за наредната година кои ќе бидат преземени од страна на општина Крива Паланка и ЈП Комуналец во насока на изградба, доизградба, реконструкција и одржување на водоводната и канализациоана мрежа, како и осовременување на начинот на мерењето, мониторингот и наплата на услугите од страна на ЈП комуналец како надлежен субјект за стопанисување и управување со мрежата.

Проектирањето, изградбата и одржување на хидротехнички објекти е во согласност и со Законот за просторно и урбанистичко планирање, Законот за градење и др. материјални закони кои ја третираат оваа област.

Врз основа на горенаведените закони, како и Законот за комунални дејности (Сл. весник на РМ бр.95/2012) општина Крива Паланка има донесено Одлука за комунален ред и нејзино спроведување на подрачјето на општина Крива Паланка (Сл.гласник бр.8/2013) со што уште подетално се уредени начинот на организирање и вршење на комуналните дејности како и мерките за спроведување на комуналниот ред за физички и правни лица на подрачјето на општината, а кои се однесуваат на водоснабдување и одведување на отпадни води.

Водите, како добра од општ интерес, се во сопственост на Република Македонија и уживаат посебна заштита на начин и под услови определени со закон.

Води се површинските води, вклучувајќи ги и постојаните водотеци или водотеците во коишто повремено тече вода, езерата, акумулациите, изворите и подземните води; Површински води се сите проточни и непроточни води на површината на земјата; Подземни води се водите коишто се наоѓаат под површината на земјата во зоната на сатурација и се во директен контакт со површината или со потслоевите;

Водите не се предмет на правото на сопственост на физички и правни лица, без оглед на правниот режим на земјиштето на коешто се наоѓаат. Користење на водите ги опфаќа активностите на акумулирање, зафаќање, црпење, пренасочување на површинските и на подземните води, како и активностите на одведување и испуштање, како и другите дејства врз водите. Користењето на водата е во обем, под услови и на начин определени со закон, како и во согласност со актите донесени врз основа на закон.

Акумулирањето, зафаќањето, црпењето, користењето, пренасочувањето, одведувањето и испуштањето, како и другите дејства врз водите се вршат под услови, на начин и во постапка утврдени со нзакон. Забрането е секакво испуштање на отпадни води, материи и супстанции во водите освен под услови, на начин и во постапка определени со закон.

Заради остварување на јавниот интерес при користењето на водите, како и заради остварувањето на правата и обврските на правните и на физичките лица да користат или испуштаат води, правото на користење на водите од водните тела и правото на испуштање во водните тела, се доделува водно право на правните и на физичките лица под услови и на начин утврдени со закон. Правното или физичкото лице се стекнува со водно право врз основа на дозвола за користење на водата и дозвола за испуштање во вода.

Водостопански услуги се сите услуги со коишто се обезбедува зафаќање, црпење, акумулирање, третман и дистрибуција на површинските или на подземните води, или собирање и прочистување на отпадните води кои се одведуваат во површинските води;

Урбана отпадна вода е отпадната вода од домаќинствата или мешавина од отпадната вода од домаќинствата и индустриската отпадна вода и/или водата од врнежи;

Река е внатрешно водно тело коешто постојано или повремено тече по површината на земјата, но коешто може во дел од својот тек да тече и под земја;

Реципиент е водно тело, крајбрежно земјиште и водни живеалишта кои ги примаат испуштените води согласно со членот 79 од овој закон, како и канализационите системи и системите за одводнување во кои се испуштаат води, доколку истите не се вклучени во заеднички систем за одведување и за третман на отпадни води.

1. **Локална водоводна мрежа**

Општи напомени

Како што беше погоре споменато, водата е природно богатство кое мора да се цени и чува, особено во услови кога светот се повеќе и повеќе се соочува со недостиг на здрава и квалитетна вода за пиење, а последиците од климатските промени во иднина ќе бидат се поизразени.

Поради специфичната конфигурација на земјиштето и теренот на кој се простира Крива Паланка, водоснабдувањето во градот и околните населби во изминатитот период се решавал парцијално. Главниот извор и доводни цевководи потекнуваат од м.в. Калин Камен од каде водата доаѓа до главниот резервоар, а потоа гравитационо се дистрибуира кон резервоарите во високите зони Лев и Десен брег на Крива Река. Мрежата во градското подрачје е постојано проширувана и доградувана, со што и водоснабдувањето значително е подобрено. Треба да се има во предвид дека во тој период како материјал за изградба на цевководите воглавном биле користени азбестно-цементни цевки, поретко керамички или челични, кај кои имајќи го во предвид долгиот временски период на експлоатација и векот на траење, константно се јавуваат оштетувања во мрежата кои предизвикуваат се почести проблеми и дефекти во водоводната мрежа. Од тие причини, во изминатиов период дел од примарната водоводна мрежа во градот беше реконструирана и донекаде овој проблем беше ублажен, но сепак во останатиот дел од примарната и во најголем дел од секундарната мрежа соочени сме со појава на загуби во мрежата и проблеми со квалитетот и квантитетот на испорака на водата за пиење до домаќинствата во тие делови од градот.

За надминување на оваа состојба Општината Крива Паланка и јавното комунално претпријатие “Комуналец“ во минатото преземале повеќе мерки за делумна реконструкција на цевководите, доградба на системот и изградба на нови објекти за водоснабдување (бунари).

Постоечката локална водоводна мрежа се градела преку повремено обезбедување на финансиски средства од разни меѓународни фондови и програми, државни институции, странски и домашни донации, средства на локалното население, како и крајни корисници, kade Општината учествувала со извесни средства и ја обезбедувала потребната техничка документација и добивање на неопходните одобренија и согласности;

Покрај дотогаш изградената мрежа за водоснабдување која беше во ф-ја, во изминатите неколку години преку проектот на Владата и Министерството за транспорт и врски за „Водоснабдување и одведување на отпадни води“ се реализираа значајни проекти за долготрајно решавање на проблемот со водоснабдување.

-Беше ставен во ф-ја водоснабдителниот систем Станачка река , односно се реконструира зафатот на Станачка Река, доводот и се изврши доопремување и поврзување на Филтер станицата.

-Се направи издвојување на високата зона на десниот брег на Крива Река во посебна водоснабдителна зона со резервоар за обезбедување на доволни количини на вода и соодветен притисок за водоснабдување на истата.

-Се направи издвојување на високата зона на левиот брег на Крива Река во посебна водоснабдителна зона и резервоар за обезбедување на доволни количини на вода и соодветен притисок за водоснабдување на истата.

-Се изврши реконструкција на дел од мрежата во урбаното подрачје со замена на азбестно-цементните цевки со полиетиленски.

Посебен проблем представува водоснабдувањето на некои приградски населби и селата каде се изградени помали водоводи кои служат за водоснабдување на одредени маали, а кои се градени претежно од самите жители, без соодветна техничка документација, но кои се уште во функција и се единствен извор за водоснабдување на месното население.

Дел од ваквите водоводи не се целосно завршени, не е обезбедена контрола на потрошувачката и квалитетот на водата, не се поставени водомери, а особено не се ставени во рамноправна положба сите корисници, бидејќи тие што се на пониски нивоа имаат премногу вода, а оние кои се на повисоки нивоа воопшто немаат вода. Дел од вака изградените водоводи, иако и Општината и ЈП ,,Комуналец“ имаат вложено значителни финансиски средства, се уште ги одржуваат месните заедници и локалното население, т.е. самите корисници.

Месните заедници не може да изнајдат средства за одржување на квалитетот на водата, како и за тековно одржување на водоводите, ра истите иако се изградени во поново време се оставени на забот на времето, пропаѓаат многу бргу и под голем знак прашалник е и квалитетот на водата за пиење.

Според законската регулатива предвидена во Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води (Сл.весник 68/2004 и измените), како и Законот за водите (Сл. весник 87/2008 и измените), Одлуката за комунален ред (Сл.гласник бр. 8 од 28.06.2013 г.) предвидено е со водоснабдителните системи да управува и да ги одржува јавно претпријатие.

Јавното претпријатие е должно редовно да го контролира квалитетот на водата, да испорачува квалитетна вода и да ги одржува водоводните системи во исправна состојба.

Vakvite активности во врска со водоводните системи беа предвидени и во помал del bea реализирани i со Програмите за поранешните години.

Преземањето на сите поголеми селски водоводни системи од страна на Општината и нивно преодтстапување на стопанисување и одржување на ЈП „Комуналец“ треба да биде приоритет и да се интензивира и усогласи со законот што во крајна линија е за доброто на самото месно население, т.е самите корисници. Само на таков начин водоводите можат да се спасат од нивно puinирање и пропаѓање, да се има контрола на потрошувачката на вода со што ќе се задоволат потребите на сите корисници и само на тој начин ќе имаме контролирана исправна и здрава вода за пиење.

## 1.1 Проекти за водоснабдување предвидени за реализација преку грант од Владата на РМ и ЕИБ

Какјо што беше погоре споменато Преку реализацијата на проектот на Владата на РМ и ЕИБ ,,**Водоснабдување и одведување на отпадни води“** од вкупно предвидените средства за општина Крива Паланка во износ од 1.238.971,оо евра (76.196.716.оо ден). Од тие средства преку досега реализираните 4 подпроекти искористени беа околу 760.000,оо евра, а во тек на реализација е и последниот подпроект од оваа програма со која комплетно ќе бидат искористени предвидените средства, а тоа е:

**-Проект за замена и инсталација на мерни инструменти и нивна интеграција во мобилна мрежа за далечинско отчитување комплет со надоградба, инсталација и конфигурација на опрема за отчитување во општина Крива Паланка.**

Посебен проблем за ЈП Комуналец представува отежнатото отчитување на водомерите за регистрација на потрошената вода поради нивната дотраеност, делумна неисправност, како и недостапност. Поради ова се јавува дисконтинуитет на месечните отчитувања, неточна и неажурна евиденција. ЈП Комуналец кое стопанисува со мрежата има губиток на дел од приходите по основ на дистрибуирана вода до домаќинствата и правните лица, како и зголемени трошоци за одржување.

Со проектот се планира имплементација на современа мерна техника, односно исфрлање од употреба на старите водомери и нивна замена со нови со можност за интегрирање во систем за далечинско очитување. Со примена на водомери со далечинско отчитување ќе се овозможи ажурно и прецизно мерење на испорачаната вода до крајните корисниции прибирање и обработка на податоците во софтверза отчитување, мониторинги визуелизација. Системот за далечинско отчитување на водомери функционира врз база на примање на сигнали од радио модули со радио врска кои се вградуваат на водомерите и се со батериско напојување со времетраење на батеријата од 10-15 години. Со поставување на ултразвучни водомери на повеќе локации на градската мрежа ќе може да се мери протокот на вода, со што ќе се овозможи откривање на дефекти во мрежата, губитоци и нелегални приклучоци**.**

**Според добиените информации од страна на ЈП Комуналец кое е вклучено во реализација на проектот, досега се монтирани околу една третина од предвидените околу 4500 водомери, така да проектот ќе продолжи да се реализира и во наредната година.**

## 1.2 Проекти за водоснабдување предвидени за реализација преку средства од Министерства, Агенции и др., Буџетот на општината и ЈП Комуналец

-Изградба на секундарна мрежа за водоснабдување во с. Луке (потпишан е договор со Изведувач и се очекува во најскоро време да се започне со реализација) Најголем дел од градежните работи зависно од временските услови може да завршат и до крајот на оваа година.

- Реконструкција и доизградба на водоводен систем кон с. Конопница со крак кон населба

Мезовски Ливади (фазно) (овој проект е веќе аплициран за грант средства од преостанатите и неискористени пари од други општини и се надеваме дека ќе биде одобрен, барем за фазна изградба во зависност од доделените средства. (инаку вкупната вредност е околу 29 мил. денари)

- Поврзување на високата зона од нас. Домачки Дол со резервоар и мрежа во населба Баглак

-Доизградба и санација на веќе изградените водоводи во с. Конопница од захватите на Селска река

-Поврзување на главна водоводна мрежа со постоечки селски водоводи во с. Конопница

-Реконструкција на водоводна мрежа на делови од десен брег на Крива Река за кој е изработена техничка документација.

-Евидентирање и на други порано изградени локални водоводни системи во Општина Крива Паланка преку кои се снабдувааат со вода за пиење делови од населените места и нивно преземање и предавање на ЈП „Комуналец“ – Крива Паланка на понатамошно стопанисување и одржување.

-Реконструкција или санација на дел од селски водоводи кои не се преземени и со кои се уште управуваат месни заедници и режиски одбори, а во соработка со истите и со месното население.

## 1.3 Техничка документација за водоснабдување

Во изминатата година беше докомплетирана техничката докуменатација за Реконструкција и доизградба на водоводен систем кон с. Конопница со крак кон населба Мезовски Ливади и беше обезбедено одобрение за градење, а во тек е изработка на техничка документација за следниве проекти за водоснабдување.

-Изработка на техничка документација за водоводна мрежа на локалитет испод детска градинка Детелинка

-Изработка на техничка документација за водоводна мрежа во дел од с. Градец (кај поранешно школо)

-Изработка на техничка документација за водоснабдување на дел од локалитет Калин Камен (кофинансирано од приватни лица и фирми)

-Изработка на техничка документација за водоснабдување на дел од с. Конопница (реконструкција на водовод Вирови-Грамаѓе)

-Изработка на техничка документација за водоснабдување на дел од с. Мождивњак

-Докомплетирање на техничка документација за порано изготвени проекти за изградба и реконструкција на водоснабдителни системи.

-Изработка на нова техничка документација според барања и потреби на месни заедници, проценка на стручните служби од општината и ЈП Комуналец.

**П Р И Х О Д И:**

| | |
|---|---|
| **1.Влада на РМ -Проект ,,Водоснабдување и одведување на отпадни води“**<br>*напомена: овие средства се грант и не одат преку буџетот на општината | **44.400.000 ден.** |
| **2.Други извори на средства од државни институции** | **7.500.000 ден.** |
| **3. Буџет на Општината** | **2.000.000 ден.** |
| **4. Учество на ЈП „Комуналец“** | **1.200.000 ден.** |

**ВКУПНО. 55.100.000 ден.**

**Р А С Х О Д И:**

| | |
|---|---|
| **1.Инсталација на нови водомери**<br>*напомена: овие средства се грант и не одат преку буџетот на општината | **29.400.000 ден.** |
| **Реконструкција и доизградба на водоводен систем кон с. Конопница со крак кон населба Мезовски Ливади (фазно)**<br>*напомена: овие средства се грант и не одат преку буџетот на општината | Очекувани средства<br>**15.000.000** |
| **2.Поврзување на високата зона од нас. Домачки Дол со резервоар и мрежа во населба Баглак 3.** (доколку се обезбедат средства од други извори) | **6.000.000 ден.** |
| **3.Изградба на секундарна мрежа во с. Луке** | **2.500.000 ден.** |
| **4.Реконструкција и санација на постојни водоводи кои ќе бидат превземени од Општината, односно ЈП Комуналец** | **1.000.000 ден.** |
| **5. Изработка и доработка на техничка документација за водоводи** | **1.000.000 ден.** |
| **6. Експропријација** | **200.000 ден.** |

**ВКУПНО 55.100.000,оо**

## 2. Локална канализациона мрежа

Во минатото канализациона мрежа е градена главно во урбаниот дел од градот, па поради тоа не се изготвуваше посебна Програма за канализациони системи, туку тоа беше третирано во склоп на Програмата за уредување на градежно земјиште. Бидејќи во поново време се започна со изградба на канализации и во дел од селските средини, се наложи потреба за изготвување на посебна Програма во рамките на која ќе бидат предвидени мерките и активностите поврзани со оваа област.

Урбаниот дел генерално е покриен со канализациона мрежа со приклучок на главните колектори или испуст директно во речните токови. Најголем проблем е што поради недостаток на финансиски средства во минатото не се довршени левиот и десниот колектор по течението на Крива Река и не е изградена предвидената пречистителна станица. Општината од неодамна има изработено Основен проект за продолжување на лев колектор и спојување на лев со десен колектор до Пречистителна станица. Во натамошниот период треба да се спроведе експропријација и да се направи проект за соодветна пречистителна станица, како и да се обезбеди другата потребна документација во смисла на дозволи, одобренија и сл.

Во минатото, како и кај водоснабдителните системи треба да се напомене дека надвор од градското подрачје се изградени само неколку парцијални канализациони водови во некои приградски населби и села со помало или поголемо учество на месното население за ограничен дел од население. Дел од нив се преземени и со нив стопанисува и ги одржува ЈП Комуналец , но поголем дел се уште се непредадени и има проблеми при нивното функционирање.

Изминативе неколку години поголеми канализациони мрежи со средства обезбедени од Агенцијата за финансиска подршка на земјоделието и руралниот развој се изградени во с. Мождивњак (околу 11 км.) и с. Длабочица (околу 800 м.) Дурачка Река (1,4 км), а преку Бирото за регионален развој и канализација во с. Конопница во должина од околу 1,3 км.

Оваа година се започнати и веројатно ќе продолжат работите и во наредната година за изградба на следниве канализациони мрежи: Изградба на канализација -дел од Mezovski livadi и Крстата падина за кои веќе се склучени Договори со Изведувач на работите и истиот е воведен во работа.

Доколку има нови повици во наредната година од страна на министерствата или други институции соодветно ќе биде аплицирано.

### 2.1 Изградба и реконструкција на канализациона мрежа

1. Изградба на канализација -дел од Мезовски Ливади и Крстата Падина
2. Изградба на секундарна фекална мрежа Бојанов Дол

3. Изградба на канализација на дел од Осичка маала (Бурови Бавчи)

4. Доизградба на канализација во населба Цонев Рид.

5.Изградба на канализациона мрежа за локалитет испод детска градинка „Детелинка“(фазно)

6. Реконструкција, доизградба или санација на други помали делови и краци од канализациони мрежи преку ЈП Комуналец за кои ќе се појави потреба.

Доколку се обезбедат средства од други извори би се аплицирало со следниве проекти:

7. Доизградба на главен колектор и спојување на десен со лев колектор до локалитет на пречистителна станица за фекални води (фазно)

8. Дислокација на дел од лев главен колектор према техничка документација (фазно)

Напомена: Реализацијата на Програмата во многу ќе зависи од евентуален прилив на средства по однос на апликации од домашни и меѓународни институции.во текот на наредната година. Во тој случај соодветно ќе бидат зголемени средствата предвидени во приходниот и расходниот дел.

**2.2 Изработка на техничка документација**

1 Докомплетирање на техничка документација за Доизградба на главен колектор и спојување на десен со лев колектор до локалитет на пречистителна станица за фекални води
2 Доработка и докомплетирање на техничка документација за изградба на канализациона мрежа за локалитет испод детска градинка Детелинка
3. Проект за канализација населба Грамаѓе";

4. Проект за канализација делови од село Конопница

5. Подготвителни активности за изработка на техничка документација за главна пречистителна станица за град Крива Паланка

6. Изработка и доработка на техничка документација според барања и потреби на месни заедници, проценка на стручните служби од општината и ЈП Комуналец.

**П Р И Х О Д И:**

| | |
|---|---|
| **1.Средства од министерства, агенции и др. институции** | **9.000.000 ден.** |
| **2. Буџет на Општината** | **3.000.000 ден.** |
| **3. Учество на ЈП „Комуналец“** | **2.000.000 ден.** |

**ВКУПНО. 14.000.000 ден.**

**Р А С Х О Д И:**

| | |
|---|---|
| **1. Изградба на канализациони системи** | **11.000.000.оо** |
| **2. Доизградба и санација на постојни канализации кои ќе бидат превземени од Општината, односно ЈП Комуналец** | **2.000.000,оо** |
| **3. Експропријација** | **500.000,оо** |
| **4. Изработка на техничка документација** | **500.000,оо** |

**Вкупно : 14.000.000,оо ден.**

**Бр.3365/25**
**27.11.2020 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10,08/14и 02/18),03/19 Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Програма за изградба,реконструкција и одржување на локалната водоводна и канализациона мрежа во Општина Крива Паланка за 2021 година**

1. Се објавува Програма за изградба,реконструкција и одржување на локалната водоводна и канализациона мрежа во Општина Крива Паланка за 2021 година , што Советот ја донесе на 45-та седница,одржана на ден 27.11.2020 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08-3365/26**
**30.11.2020 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на Законот за градежно земјиште ("Службен весник на РМ" бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и 275/19), Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост ("Службен весник на РМ" бр.193/16) и член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка, („Службен гласник на Општина Крива Паланка“, бр.08/10, 08/14, 02/18, 03/19) Советот на Општина Крива Паланка, на седницата одржана на 27.11.2020 година, донесе:

# П Р О Г Р А М А

## За уредување на градежно земјиште во Општина Крива Паланка за 2021 година

ВОВЕД:

Изготвувањето и донесувањето на Програмата за уредување на градежно земјиште во Општина Крива Паланка претставува законска обврска на Општината.

Спроведувањето на програмата за уредување на градежно земјиште односно планирањето, проектирањето и изведувањето на инфраструктурните објекти и другите градежни активности поврзани со уредување на градежното земјиште ќе се врши согласно на донесените урбанистичките планови на град Крива Паланка, како и према донесените општи акти за населените места, односно друга важечка планска документација.

. Напоменуваме дека Програмата треба да биде усогласена со Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост кој го донесува Министерството за транспорт и врски. Работите кои не се дефинирани или прецизирани со Правилникот ги уредуваат други одредби од оваа Програма.

Програмата за уредување на градежно земјиште за 2021 година ги опфаќа следните делови кои понатаму се подетално разработени

- Просторот кој е предмет на уредување.
- Обемот на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште.
- Обемот и степенот на опремување на градежното земјиште со објекти на основната и секундарната комунална инфраструктура.

- Извори на финансирање на Програмата.
- Пресметување на трошоците за уредување на градежно земјиште.
- Висина на надоместокот за уредување на градежното земјиште и неговата распределба.
- Начин на распределба на средствата за финансирање за изградба и одржување на инфраструктурата.
- Динамика на извршување на програмата.

Кога уредувањето на земјиштето се врши преку учество на приватен партнер според Законот за градежно земјиште и други законски прописи меѓусебните права и обврски меѓу правното или физичко лице и општината ќе бидат уредени согласно со одредбите кои произлегуваат од тие закони.

1. ПРОСТОР КОЈ Е ПРЕДМЕТ НА УРЕДУВАЊЕ

Градење на објект се врши на уредено градежно земјиште.

Уредувањето на градежното земјиште во рамките на подрачјето утврдено со генерален и детален урбанистички план го вршат општините.

Доколку општината не го уредува земјиштето, истото го врши инвеститорот на сопствен трошок за што инвеститорот не го плаќа целиот надоместок за уредување на градежно земјиште.

Уредувањето на градежното земјиште ќе се врши врз основа на оваа Програма. Експропријација на сопственоста и правата кои произлегуваат од неа, на земјиште, згради и други објекти (недвижности) и растенија заради изградба на објекти од комуналната инфраструктура предвидени со Програмата за уредување на градежно земјиште се врши како јавен интерес на трошок на општината.

Под уредување на градежно земјиште се подразбира изградба на објекти од комуналната инфраструктура поради:

- Обезбедување непречен пристап до градежната парцела од јавен пат.

- Обезбедување на приклучок на водоводна мрежа.

- Обезбедување на приклучок во канализација (фекална и атмосферска).

- Обезбедување приклучок на електрична, и друга инсталација со приклучоци до градежната парцела.

Уредувањето на градежното земјиште може да биде извршено целосно или делумно.

Уредувањето на градежното земјиште за изградба на објекти надвор од границата на урбаниот опфат на населено место, како и во случаите кога уредувањето не е предвидено со Програмата го врши инваститорот на сопствен трошок.

2. ОБЕМ НА РАБОТИТЕ ЗА ПОДГОТВУВАЊЕ И РАСЧИСТУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

2.1. Подготвителни работи за уредување и опремување на градежното земјиште се сметаат следните работи:

- Изготвување на Генерален урбанистички план,
- Изготвување на Детален урбанистички план,
- Изготвување на друга урбанистичко –планска документација предвидена со закон
- Оформување на техничка документација на ниво на Основен проект,
- Извршување на основни геомеханички испитувања,
- Решавање на имотно-правните односи со поранешните сопственици.

2.2. Расчистување на градежно земјиште ќе се врши при изградба на:

-Основна инфраструктура, основни градски сообраќајници и објекти од водоводна, канализациона и електрична мрежа.

2.3. Опремување на градежното земјиште

Под опремување на градежното земјиште со комунални објекти и инсталации од колективно и индивидуално значење надвор од локацијата ќе се сметаат следните работи:

- Проектирање и изградба на улици надвор од локации, односно приспособување на постојниот пристапен пат и обезбедување пешачки пристап до објектот;

- Кога се решава пристап само за една семејна куќа, сопственикот сам го гради пристапот, а добива само помош за следните работи:

* Проектирање и изведба на водоводна мрежа 30 м од границата на градежната парцела до местото на приклучување.

* Проектирање и изведба на фекална канализација 30 м од границата на градежната парцела до местото на приклучување.

*Проектирање и изведба на ниско напонска електрична мрежа 30м од границата на градежната парцела до објектот.

2.4.Трошоците за дворно уредување, потпорни и оградни зидови, пристапни патеки, дворни зеленила, приклучни и други видови такси се на терет на инвеститорот.

2.5.Трошоци за изградба на објекти кои се од заеднички интерес на општината и инвеститорот, го заштитува индивидуалниот станбен објект а се во делот на изградбата на основната комунална инфраструктура улици, патишта, водовод, канализација и друго ќе бидат градени во соодност 50:50%.

За населени места за кои се уште нема урбанистички планови општината нема обврска да го уредува градежното земјиште.

2.6. Превземените обврски во уредувањето на градежното земјиште се до донесување на оваа Програма ќе се извршуваат според програмата за уредување на градежно земјиште за претходната година, односно според договорените обврски, а ќе се финансираат од средствата на оваа Програма.

3. ОБЕМ И СТЕПЕН НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ СО ОБЈЕКТИ

НА ОСНОВНАТА И СЕКУНДАРНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

Под степен на уреденост на градежното земјиште се подразбира обемот на опременост на земјиштето со објекти од комунална инфраструктура со задоволување на заедничката и индивидуалната комунална потреба до границите на градежната парцела.

Степенот на уреденост на градежното земјиште може да биде:

Основен, повисок или понизок од основниот.

- Основен степен на уреденост на градежното земјиште со комунална инфраструктура опфаќа:

- непречен пристап до градежната парцела од јавен пат (улица со

тротоари), пешачки патеки и др. површини согласно урбанистички планови,

- подземна електрична мрежа ,

- улично осветлување,

- водоводна мрежа,

- фекална канализациона мрежа, и

- атмосферска канализација.

- Повисок степен на уреденост на градежното земјиште со комунална инфраструктура ги опфаќа објектите од став (2) на овој член, како и:

- ПТТ (оптичка - телекомуникациска) мрежа,

- топлификациска мрежа,

- паркинг простори,

- гасоводна мрежа,

- пречестителна станица за отпадни води.

- Понизок степен на уреденост на градежното земјиште со комунална инфраструктура опфаќа:

- непречен пристап до градежната парцела од некатегоризиран јавен пат,

- сопствено водоснабдување(нема приклуочок на водоводна мрежа),

- септичка јама (нема приклучок на фекална канализација);

- сопствен одвод на атмосверски води (нема приклучок на атмосверска канализација);

- нестандардно улично осветлување;

- надземна нестандардна електрична мрежа.

Во 2021 година уредување ќе се врши според оваа Програма, а ќе бидат третирани повеќе локалитети во градот.

3.1. ИЗРАБОТКА НА ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

3.1.1. Техничка документација за атмосферска канализација

-Докомплетирање на техничка документација за „Десен брег“ (на потегот од Мотел до Осички мост, нас. Бегови бавчи и дел од Ул.Херој Карпош и ул. Македонска) во рамките на кои е предвидена и атмосферска канализација на одредени делови.

-Докомплетирање на техничка документација за дел од ул. „Лозановска“

-Проект за атмосферска канализација за населба „Грамаѓе“.

-Проекти за атмосферска канализација на делови од порано асфалтирани улици.

Напомена:атмосферските канализации најчесто се предвидуваат во техничките документации за улици

3.1.2 Техничка документација за регулација на буици и водотеци

-Докомплетирање на техничка документација за регулација на дел од Дурачка Река

-Доработка на техничка документација за регулација на дел од „Куков дол“,

-Изработка на техничка документација за дел од „Домачки дол“,

-Изработка на основен проект за дел од „Трештен Дол“ и

-Изработка на техничка документација за други помали долови или делови од постоечки долови

3.1.3 Изработка и доработка на техничка документација за потпорни зидови

- Докомплетирање на техничка документација за потпорен зид на ул „Никола Тесла“

- Докомплетирање на техничка документација за потпорен зид на ул „Кочо Рацин“

- Докомплетирање на техничка документација за потпорен зид на ул „Калин Камен“

- Изработка на техничка документација за изградба, реконструкција или санација на други потпорни зидови каде ќе се појави итна потреба

3.1.4 .Изработка на техн.документација за спортско-рекреативни и детски игралишта.

3.1.5. Изработка на техничка документација за пристапни пешачки патеки.

3.1.6. Изработка на техничка документација за јавни пристапни скали.

3.1.7 Изработка на техничка документација за санација на свлечишта.

3.1.8 Изработка на техничка документација за изградба, реконструкција и санација на мостови и пропусти.

-Техничка документација за мост за моторен сообраќај на Крива Река на м.в. Крстата Падина

-Докомплетирање на техн.документација за монтажни колско пешачки мостови на Крива Река на мајор коритото на неколку локации.

3.1.9. Техничка документација за уредување на јавни површини и поставување на урбана опрема

-Техничка документација за уредување на просторот од Соларски Мост кон вливот на Дурачка Река во Крива Река.

-Техничка документација за уредување на просторот испод станбени згради између „Зелен пазар“ и дол „Единство“

3.2 ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА

3.2.1. Изградба и реконструкција на атмосферски канализации

-Изградба на атмосферска канализација за делови од десен брег -нас.Бегови бавчи и дел од Ул.Херој Карпош и ул.Македонска).

- Зафаќање на атмосферски води од ул. „Лозановска“ и спроведување во Куков Дол

- Зафаќање и одведување на атмосферски води на делови од постоечки улици.

3.2.2. Изградба на регулации на буици и водотеци, уредување на речни корита, одржување и чистење

- Доизградба на минор коритото на Крива Река.
- Изградба на дел од регулација на корито на Дурачка Река
- Изградба на регулација на дел од Бабин дол.
- Изградба на регулација на дел од Домачки Дол.
- Изградба на регулација на дел од Дол Г.Делчев (Житни магацин до Крива Река).
- Уредување на делови од мајор коритото на Крива Река
- Чистење и одржување на регулирани и нерегулирани водотеци.

3.2.3. Изградба, реконструкција и санација на потпорни ѕидови

- Изградба на дел од потпорен ѕид на улица „Баглачка“,( остаток од фаза 1 и фаза 2)
- Изградба на дел од потпорни ѕидови на улица „Калин Камен“ ,
- Изградба на дел од потпорен ѕид на улица „Кочо Рацин“,(нас.Мечковци)
- Доизградба на дел од потпорен ѕид на улица „Никола Тесла“-лев крак-
- Доизградба на потпорен зид помеѓу ул. „Македонска“ и ул. „Херој Карпош“,

-Други потпорни ѕидови на постоечки локални улици и патишта, чија изградба или реконструкција е неопходна заради заштита на патот.

-Санација, односно тековно одржување на постоечки потпорни зидови

3.2.4. Изградба на спортско -рекреативни и детски игралишта

- Изградба и реконструкција на маалски спортски ,детски и забавни игралишта.
- Партерно уредување на спортски комплекс во Крива Паланка, (по фази)

3.2.5. Изградба на пристапни рампи

- Изградба на пристапни рампи кон јавни објекти.

3.2.6. Изградба на пристапни пешачки патеки

- Доизградба на пешачка патека од улица Македонска кон ул. „Х.Карпош“
- Пешачка патека (тротоар) покрај крак од ул.„11-ти Октомври“.
- Доизградба на пешачки патеки во Спротивска маала ( улици: „Македонска, Херој Карпош и Моша Пијаде“ кон нас. Баглак)
- Изградба и реконструкција на други-неспомнати пешачки патеки во делови од градски и приградски населби.

3.2.7. Изградба на скали предвидени по урбанистички план

- Изградба на скали на ул. „Никола Тесла“;
- Изградба на скали на ул. „Чупино Брдо“ (спој со Осоговска).
- Други помали пристапни скали

3.2.8. Изградба на рекреативни патеки

- Изградба на патека покрај Бабин Дол на потег мотел Македонија- Света вода - Манастир
- Изградба на пешачка патека по дел од трасата на главниот цевковод, Висока зона-лев брег.

3.2.9. Санација на свлечишта

- Санација на свлечиште кај ул.„Ристена Гоговска“.
- Санација на други свлечишта од итен карактер.

3.2.10. Изградба, реконструкција и санација на мостови и пропусти

- Санација на постоечки оштетени пешачки мостови
- Изградба на армирано-бетонски пропуст на Скрљавски дол-Нас.Скрљава

- Изградба или поставување на други а.б. пропусти

3.2.11. Партерно уредување на јавни површини и поставување и одржување на урбана опрема

Напомена:Започнатите инфраструктурни објекти од порано ќе имаат приоритет за нивно довршување во текот на 2021 година.

Со оваа Програма се планира доколку бидат времено ангажирани лица преку социјални програми и сл. а во соработка со ЈП Комуналец-Крива Паланка да се вршат одредени градежно-занатски работи од помал обем како што се: санација и тековно одржување на помали потпорни и обложни зидови, доградба на мали должини на фекална и атмосферска канализациона мрежа, чистење и одржување на водотеци, реконструкција на пристапни пешачки патеки и скали, поплочување на делови од пристапни улици и тротоари, уредување на паркови и зеленила, како и други градежни работи наведени погоре во Програмата,

3.2.12 РЕКОНСТРУКЦИЈА И ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДСКИ ПЛОШТАД

3.3. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА

-Експропријација се предвидува да се врши на делови од приватен имот за реализација на објекти ко се погоре наведени.

-Кога заради уредување на градежно земјиште е потребно да се постави инфраструктура на туѓо земјиште или друга недвижност Општината Крива Паланка надлежни органи со Решение воспоставува комунална службеност заради изградба и поставување на објектот

4. ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

I-ва екстра зона која ги опфаќа:

- Ул. "Св. Јоаким Осоговски" од Соларски мост - до мост на Нимулија кај стара Автобуска станица.

Општина Крива Паланка во 2020 година успешно продолжи со стабилизација на мрежата за јавно осветлување и подобрување на услугата за испорака на квалитетно јавно осветлување на граѓаните. Трендот на модернизација на постоечката мрежа за јавно осветлување ќе продолжи и во 2021 година. Утврдувањето на приоритетите, активностите и потребните средства и начините за подобрување на услугата за обезбедување на квалитетно јавно осветлување за локалното население, согласно постоечките услови и можностите, врз основа на извршената анализа и увиди на лице место ќе се изврши со Програмата за изградба, реконструкција и одржување на јавното осветлување во Општина Крива Паланка за 2021 година. Програмата е всушност континуитет на имплементацијата на програмата од претходната година, надополнета со одредени нови активности, произлезени од новосоздадените услови на терен. Во рамки на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на мрежата за јавно осветлување се опфатени следните активности:

**А. Изработка на техничка документација за јавно осветлување;**

**Б. Изградба и доизградба на нови и постоечки делници за јавно осветлување во опсегот на мрежата за јавно осветлување;**

**В. Тековно одржување и оптимизација на постојниот инсталиран систем за јавно осветлување**

<u>**А. Изработка на техничка документација за јавно осветлување**</u>

Во 2020 година Општина Крива Паланка успешно имплементираше ГИС ситем за софтверска евиденција на комуналната инфраструктура. Во ГИС системот комплетно е внесена подлогата за нисконапонската мрежа за напојување на градот со електрична енергија. Во 2021 година планирано е започнување на процесот на внесување и на мрежата за јавно осветлување, но претходно е потребно геодетско снимање и евидентирање на истата. За таа цел во 2021 година се планира да се започне со снимање на опфатот на мрежата за јавно осветлување и внесување на иститот во ГИС системот на општината.

Покрај снимање на опфатот, се предвидуваат и активности поврзани со изготвување на проектно-техничка документација за доизградба и изградба на нови линии и делови од постоечката мрежа. Со изготвувањето на проектно-техничка документација и технички решенија се создаваат услови за аплицирање со проекти од оваа област во различни грантови и кредитни програми. Како приоритети за 2021 година се предвидени изработка на проектно-техничка документација за:

- изградба на урбано јавно осветлување покрај минор корито на Крива Река на потегот Шанин Мост-Бегови Баавчи

- изградба на урбано јавно осветлување на потег ТС Болница – ТС Скрљава

За реализација на овие активности во 2021 година ќе бидат инвестирани 1.000.000,00 денари.

**<u>Б. Изградба и доизградба на нови и постоечки делници за јавно осветлување во опсегот на мрежата за јавно осветлување</u>**

Со процесот на урбанизација на општината и зголемувањето на бројот на објекти за домување и дејност на граѓаните се јавува постојана потреба од изградба на нови линии и доизградба и проширување на делови од мрежата за јавно осветлување и во 2021 година е предвидено понатамошен континуитет на оваа активност. Се предвидува изградба изградба на следните нови линии:

- дел од заобиколница–потег дел спроти Бегови Бавчи–до мост на Крива Река кај петља на влез во градот – обезбедени се уште неколку метални столба кои ќе бидат поставени на наведениот потег

- потег накај манастир, по т.н. руски пат – изготвена е техничка документација и во тек добивање на одобрение за градба

- потег ТС Болница – ТС Скрљава покрај долот

- пешачка патека од ул.„Моша Пијаде“–Трновска маала;

- с.Конопница (повеќенаменско игралиште- м.в. Габрика);

- дел од с.Конопница (потег Конопнички пат – накај Пролетерски гаражи)

- дел од с.Конопница (потег Боболожин Дол – Стублица – Лиска) по новоасфалтираната улица

Во делот на довршување и доизградба на постоечките делници од мрежата за јавно осветлување ќе бидат поставени дополнителни сијалици, светилки, електрични столбови и проводник, а ќе има активности во населбите Грамаѓе, Цонев Рид, Дивјанци/Баглак 3 , Спротивска Маала, Трештен Дол, Лозаново, Мизовски Ливади и селата: Луке, Трнци, Жидилово и Самоков, Узем, Дурачка Река, Станци, Мождивњак (м.в. Чивл`к, Антовце, Момин Дол, Серафимовце и Дубје) и други населени реони каде има потреба и технички можности за поставување на светилки. Тековно ќе продолжи одржувањето на мерните системи во трафостаниците со цел да се изврши целосно осамостојување на системот за јавно осветлување и ќе се подобри ефикасноста на самиот процес на одржување.

За реализација на овие предвидени активности во 2021 година ќе бидат инвестирани 1.200.000,00 денари.

**В. Тековно одржување и оптимизација на постојниот инсталиран систем за јавно осветлување**

Во 2021 година ќе се продолжи со оптимизација и модернизација на постојниот систем за јавно осветлување со континуирана замена на постојниот тип на дотраени и оштетени светилки, сијалици и други делови и елементи од мрежата за јавно осветлување. Континуирано ќе се врши замена на прегорени/дотраени живините сијалици 125W и натриумови сијалици 110, 150 и 250W, со штедливи FLC и неонски сијалици од 35-55 W, ЛЕД сијалици 30-50W и 12-18W на одредени јавни површини (паркови, игралишта, паркинзи) каде се бара помала оптимизирана светлина, со цел да не се наруши квалитетот на услугата за јавно осветлување. Во текот на 2021 година се планира и поинтензивна монтажа и инсталација на ЛЕД светилки како замена на постоечките светилки (со фасонка и трафо) на остатокот од главната улица Свети Јоаким Осоговски и другите поголеми краци и улици во другите градски населби.

Во делот на стабилизација напојувањето на мрежата во 2021 година континуирано ќе се спроведува и делумна реконструкција на инсталираната мрежа на повеќе детектирани локации со поставување/замена на постоечките со изолирани проводници и замена на дотраени дрвени столбови во соработка со ЕВН.

Со реализација на оваа активност ќе се продолжи со трендот на поквалитетно осветлување, поголема трајност на светилките, но и помала потрошувачка на електрична енергија, без притоа да

се наруши ефективноста и ефикасноста на услугата за јавно осветлување, но и подобрување на општата состојба со мрежата.

За тековно одржување на постојниот инсталиран систем за јавно осветлување во 2021 година ќе бидат инвестирани 1.300.000,00 денари.

**ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ**

1. Приходи од наплата на такса за јавно осветлување.. .................. 11.500.000,00

**Вкупно: 11.500.000,00**

**РАСХОДИ**

1. Потрошена електрична енергија за јавно осветлување и за објекти во сопственост на Општина Крива Паланка .......................................................................... 8.000.000,00
2. Изработка на техничка документација ......................................................... 1.000.000,00
3. Изградба и доизградба на нови и постоечки делници за јавно осветлување во опсегот на мрежата за јавно осветлување ................... 1.200.000,00
4. Тековно одржување и оптимизација на постојниот инсталиран систем за јавно осветлување ....................................................................... 1.300.000,00

**Вкупно 11.500.000,00**

Контрола на спроведувањето на Програмата по однос на динамиката и наменското користење на средствата ќе врши Општина Крива Паланка.

Г.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Програмата стапува на сила со денот на донесувањето, истата ќе се објави во Службен гласник на Општина Крива Паланка, а ќе се применува од 01.01.2021

**Бр. 09 -3365/31**
**27.11.2020 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10,08/14и 02/18),03/19 Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## З А К Л У Ч О К

**За објавување на Програма за изградба,реконструкција и одржување на јавното осветлување во Општина Крива Паланка за 2021 година**

1. Се објавува Програма за изградба,реконструкција,одржување на јавното осветлување во Општина Крива Паланказа 2021 година, што Советот ја донесе на
45-та седница,одржана на ден 27.11.2020 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08-3365/32**
**30.11.2020 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на Законот за јавна чистота (Службен весник на РМбр. 111/08, 64/09, 88/10, 114/10, 23/11, 47/12, 163/13, 44/15, 147/15 и 31/16) ичлен 14 од Статутот на Општина Крива Паланка (Службен гласник на Општина Крива Паланка-бр. 8/2010, 8/2014 и 2/2018), Советот на Општина Крива Паланка на седницата, одржана на 27.11.2020 година, донесе:

**ПРОГРАМА**

**За одржување на јавна чистота во град Крива Паланка**

**за 2021 година**

**Вовед**

Донесувањето на оваа годишна програма за одржување на јавната чистота претставува законска обврска произлезена од членот 12 од Законот за Јавна чистота и член 7 од Одлуката за одржување на јавна чистота (Службен гласник на Општина Крива Паланка бр. 10/08).

Годишната програма за јавна чистота содржи : вид и обем на работите кои што треба да се извршат, потребни финансиски средства, временски рокови, односно периоди за извршување на работите, динамика и начин на вршење на работите .

Одржувањето на јавната чистота на јавните површини во градот претставува основа за отстранување на причините кои ја влошуваат животната и работната средина на луѓето. Редовното и целосно чистење на јавните површини во градот чисти речни регулациони корита и дрвореди по улиците ја подобруваат животната и работната средина на граѓаните, и секако допринесуваат за подобрување на естетскиот лик на градот. Успешноста во справувањето и одржувањето на јавната чистота на јавните површини зависи од степенот на загадувањето на истите, од видот на улиците ( асфалт, коцка, калдрма, земја и сл.) од моментните пречки при чистење на истите, потоа од фреквенцијата на сообраќајот, од организацијата и опременоста со технички средства при чистењето, од бројот на вработените кои ја извршуваат оваа работа и секако од културното ниво на граѓаните.

Состојбата со улиците и јавните површини во Крива Паланка според конфигурацијата на теренот е таква што истите тешко се одржуваат и чистат. Најголем дел од локалните споредни улици немаат хидрантска мрежа која би служела за миење и прскање на улиците особено во летниот период. Главната улица „Св.Јоаким Осоговски“ која е главна сообраќајница за локален сообраќај и за пешаци, во поголем дел има хидрантска мрежа, но честопати е преоптоварена со сообраќај.

Главната па и споредните асфалтни улици се нагрдуваат со отпадоци што секојдневно ги фрлаат граѓаните поради ниската еколошка свест и култура но и поради недостаток на соодветни садови за отпадоци и јавни тоалети.

Друг проблем е што при појава на изобилни врнежи поради конфигурацијата на теренот се таложат наноси од песок по асфалтираните улици, а возилата кои доаѓаат од неасфалтирани улици исто така вршат нарушување на улиците со нанесување на кал и земја. Проблем е и

непостоењето на атмосферска канализација на дел од веќе асфалтираните улици, па при поројни дождови доаѓа до поплавување на истите, а потоа и до излевање на водите помешани со кал и песок и на самата главна улица.

Во текот на минатите неколку години асфалтирани се најголем дел од приклучните улици на главната улица Св.Јоаким Осоговски кои имаат и атмосферска канализација, со што во значителна мерка е намалена појавата на донесување на наноси и атмосферски води по главната улица.

Ова се само дел од причините кои ја потенцираат потребата секоја година да се донесува програма за одржување на јавната чистота , а се со цел и задача за подобрување на јавната чистота во градот .

Годишната програма за јавна чистота за 2021 година опфаќа неколку нивоа на работи и тоа :

- **Метење на јавни површини;**
- **Миење ( рачно перење и прскање ) на јавни површини;**
- **Зимско одржување на приоритетни отворени јавни површини;**
- **Чистење и одржување на речни регулациони корита и долови;**
- **Чистење на наноси од јавни површини, улици и локални патишта;**
- **Одржување на постоечки атмосферски канализации**
- **Изградба и уредување на јавни санитарни јазли**
- **Поставување и одржување на соодветни садови за отпад на јавни површини;**
- **Чистење на рабници од јавни површини**

Годишната програма за одржување на јавната чистота за 2021 година согласно членот 7 став 1 од Законот за Јавна чистота („Службен весник на РМ бр. 111 од 3 Септември 2008 година) ќе ја реализира и извршува јавното претпријатие за комунални услуги **ЈП “Комуналец”** основано од Општината Крива Паланка.

Во случај на неквалитетно вршење на работите согласно членот 7 став 2 од Законот за Јавна чистота („Службен весник на РМ бр. 111 /2008) Општината може со Одлука на Советот на општината горе наведените работи да ги отстапи на извршување на правно лице регистрирано за вршење на овие работи, согласно со закон.

Правата и обврските меѓу Општината Крива Паланка и Јавното претпријатие за комунални услуги согласно член 8 од Законот за јавна чистота се уредуваат со посебен Договор кој содржи :

- вид и обем на работите - ( реализација на Програмата )
- начин и рок на плаќање за извршување на работите;
- гаранција за исполнување на обврските од договорот и друго.

Реализација на Програмата и контрола врз извршувањето на Програмата и Договорот ќе врши Одделението за инспекција, преку комуналната инспекција и ќе ги потврдува квантитетот и квалитетот на извршените услуги.

Јавното комунално претпријатие или друго правно лице регистрирано за вршење на работите од Програмата должно е да поднесе Извештај за реализација на Програмата пред Советот на Општината .

Во програмата за 2021 год. се ажурирани податоците и се вметнати нови уредени јавни површини, како и сите ново асфалтирани улици и јавни површини кои имаат потреба од чистење и одржување.

## ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ЈП “КОМУНАЛЕЦ” ЗА 2021 ГОДИНА

## А. МЕТЕЊЕ НА ЈАВНИ ПОВРШИНИ

### А.1 Метење на јавни површини секој работен ден ( Прва зона )

| Ред. Број | Име на улица | Ширина во метри | | М | М | $М^2$ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | тротоар | коловоз | вкупна ширина | вкупна должина | вкупна површина |
| 1. | Ул. „Св. Јоаким Осоговски“ со тротоарите на потег од Осички мост до касарна | 2 х1,50 | 7.0 | 10.0 | 3.000 | 30.000 |
| 2. | ул. „Св.Јоаким Осоговски“- крак 2 од Соларски мост до спој со крак 1 | 6.0 | 2х 1,5 | 6.0 | 380.0 | 2280 |
| 3. | Плоштади | / | / | / | / | 1800 |
| | Нов плоштад кај општина | / | / | / | / | 800 |
| | | | | | | |
| | Стар полоштад | / | | / | / | 1000 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4. | Паркиралишта : | / | / | / | / | 4290 |
| | пред пензионерски дом | / | / | 4.0 | 20.0 | 500 |
| | спроти рест. Балкан | / | / | 3.50 | 15.0 | 190 |
| | покрај Дом на култура | / | / | / | / | 1050 |
| | меѓу Партизан и Општина | / | / | / | / | 300 |
| | зад стара месара | / | / | / | / | 350 |
| | Кај автобуска станица | / | / | / | / | 1500 |
| | Позади општина | / | / | / | / | 400 |
| 5. | Мостови | / | / | / | / | 1641 |
| | - Соларски мост | / | / | 9.0 | 24.0 | 216 |
| | - Осички мост | / | / | 10.0 | 35.0 | 350 |
| | - Градечки мост | / | / | 8.0 | 35.0 | 280 |
| | - Голем мост | / | / | 10.0 | 35.0 | 350 |
| | - Мост зад Дом на Култура | / | / | 7.0 | 12.0 | 90 |
| | - мост пред Далфис | / | / | 10.0 | 10.0 | 110 |
| | - Виолетов мост | / | / | 7.0 | 35.0 | 245 |
| **Вкупно:** | | | | | | **40.011** |
| **Пресметка : 40011 м2 x 49 ден/ м2 /год.= 1.960.539ден.** | | | | | | |

**А.2 Метење на јавни површини два пати во месецот (Втора зона)**

| Ред Бр. | Име на улица | Ширина во метри | | | ДолжинаП | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | коловоз | тротоар | Вкупна ширина | Вкупна должина | Вкупна површина |
| 1 | ул. Никола Тесла-основнатрасаилевкрак | 4.0 | / | 4.0 | 321.0 | 1284 |
| 2 | ул. Илинденска | / | / | 4.0 | 550.0 | 2200 |
| 3 | ул. Св. ,,Јоаким Осоговски (од Осички мост до мотел и од касарна до излез од градот) | 7.0 | / | 7.0 | 2000 | 14000 |
| 4 | ул. Јане Сандански | 3.50 | / | 3.50 | 300.0 | 1050 |
| 5 | ул. Прохор Пчински со ново асфалтирани делови | 3.50 | / | 3.50 | 450.0 | 1575 |
| 6 | ул. Борис Кидрич | 3.50 | / | 3.50 | 100.0 | 350 |
| 7 | ул. Партизанска- асфалтиран дел (Осички мост - Дабо ) | 6.0 | / | 6.0 | 200.0 | 1200 |
| 8 | Новоасфалтираникраковиодулицивонас. ОсичкаМаала. | 4.0 | / | 4.0 | 250,о | 1000 |
| 9 | ул. Херој Карпош со ново асфалтиран крак | 5.0 | / | 5.0 | 950 | 4750 |
| 10 | ул. 8-ми Октомври | 4.50 | / | 4.50 | 1350.0 | 6075 |
| 11. | ул. Моша Пијаде | 4.50 | / | 4.50 | 300.0 | 1350 |
| 12 | ул.Осоговска | 3.50 | / | 3.50 | 300.0 | 1050 |
| 13 | Плато-Амбар маало | / | / | / | / | 245 |
| 14 | Дел од ул. Наско Тамбурков | / | / | / | / | 400 |
| | Вкупно: | | | | | **36529** |

**Пресметка : 36529м2 x 4.0 ден/ м2 /год.= 146.116,оо ден.**

**А.3 Метење на јавни површини два пати во месецот -Третазона**

| Ред Бр. | Име на улица | Ширина во мж | | мж | м | $м^2$ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | коловоз | Тротоаи | Вкупна ширина | Вкупна должина | Вкупна површина |
| 1 | ул. Македонска | 5.0 | / | 5.0 | 300.0 | 1500 |
| 2 | ул.Димитар Арсов | 4.50 | / | 4.50 | 350.0 | 1575 |
| 3 | ул. Ратко Минев | 4.0 | / | 4.0 | 200.0 | 800 |
| 4 | ул. 17 МУБ | 6.0 | / | 6.0 | 480.0 | 2880 |
| 5 | ул. 3-та МУБ | 5.0 | / | 5.0 | 90.0 | 450 |
| 6 | ул.НаскоТамбурков | 5.0 | / | 5.0 | 500.0 | 2500 |
| 7 | ул . Димитар Влахов | 4.0 | / | 4.0 | 250.0 | 1000 |
| 8 | ул. Чупино Брдо | 4.0 | / | 4.0 | 150.0 | 600 |
| 9 | ул. Гоце Делчев | 3.0 | / | 3.0 | 500.0 | 1500 |
| 10 | ул. Борис Арсов | 3.0 | / | 3.0 | 150.0 | 450 |
| 11 | ул. Единство со ново асфалтиран крак | 3.50 | / | 3.50 | 800.0 | 2800 |
| 12 | ул.Јане Јакимовски | 3.0 | / | 3.0 | 130.0 | 390 |
| 13 | ул. Орце Николов | 3.0 | / | 3.0 | 100.0 | 300 |
| 14. | ул.ЈоакимКрчовски | 3.0 | / | 3.0 | 500.0 | 1500 |
| 15. | ул. Лозановска | 3.0 | / | 3.0 | 730.0 | 2190 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 16. | ул. 11-ти Октомври со ново асфалтиран крак | 4.0 | / | 4.0 | 300.0 | 1200 |
| 17. | 8 Септември - асфалтиран дел | 5.0 | / | 5.0 | 300.0 | 1500 |
| 18. | Тротоар покрај регулација на Крива Река | 3.0 | / | 3.0 | 3.100 | 9300 |
| 19 | ул.КоцеМеталец | 3.0 | / | 3.0 | 200.0 | 600 |
| 20 | ул. ПереТошев со ново асфалтиран крак | 3.0 | / | 3.0 | 650.0 | 1950 |
| 21 | ул. ГоранСтојановски | 4.0 | / | 4.0 | 380.о | 1520 |
| 22 | ул. КлиментОхридски | 5.0 | / | 5.0 | 280.0 | 1400 |
| 23 | ул. Пиринска | 3.5 | / | 3.5 | 320.0 | 1120 |
| 24 | ул.Осоговска | 3.5 | / | 3.5 | 540.0 | 1890 |
| 25 | ул.ВераЈоциќ | 3.5 | / | 3.5 | 1130.0 | 3955 |
| 26 | ул.Н.Тамбурков-новоизграденкрак | 3.5 | / | 3.5 | 700,0 | 2450 |
| 27 | ул.Биљинска | 3.5 | / | 3.5 | 211,0 | 738 |
| 28 | ул.Дивјанска | 3.5 | / | 3.5 | 240,0 | 840 |
| 29 | ул. ГоранСтојановски | 3.5 | / | 3.5 | 90 | 315 |
| 30 | ул. КочоРацин | 3.5 | / | 3.5 | 600 | 2100 |
| 31 | БорчевакафеанадоШаровмост | 3.5 | / | 3.5 | 1200 | 4200 |
| 32 | НовделДивјанскамаала | / | / | / | / | 720 |
| 33 | НовделРаткоМинев-нас.Баглак | / | / | / | / | 2002 |
| 34 | Новиделовиул.ГоцеДелчев | / | / | / | / | 1878 |
| 35 | Нов дел од ул. Никола Карев нас.Белево | 4 | / | 4 | 605 | 2420 |
| 36 | ул.Пролетерска | 4 | / | 4 | 150 | 600 |
| 37 | ул.Вардарска | 4 | / | 4 | 200 | 800 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно: | | | | | **63933** |

**Пресметка : 63.933м2 x 3,9 ден/ м2 /год.= 249.338,ооден.**

Напомена: На вкупната површина се додаваат и новоасфалтираните улици во текот на изминатата година.

Вкупно трошоци за метење на јавни површини :

Прва зона **1.960.539,00 ден.**

Втора зона **146.116**,00 **ден.**

Трета зона **249.339,00 ден.**

**Вкупно : 2.355.993,00 ден.**

## Б. МИЕЊЕ НА ЈАВНИ ПОВРШИНИ

### Б.1 Миење на јавни површини два пати во месецот

Рачно перење на улици со цистерна или од хидрант

(сите површини од 1-ва зона)

| Ред. Број | Име на улица | Ширина во м | | м | м | $M^2$ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | тротоар | коловоз | вкупна ширина | вкупна должина | вкупна површина |
| 1. | Улиц „Св.Јоаким Осоговски“ **со** тротоарите на потег од Осички мост до касарна | 2 X 1,50 | 7.0 | 10.0 | 3.000 | **30.000** |
| 2. | ул. „Св. Јоаким Осоговски“- крак 2 од Соларски мост до спој со крак 1 | 6.0 | 2x 1,5 | 6.0 | 380.0 | 2280 |
| 3. | Плоштад | / | / | / | / | **1800** |
| | Новплоштадкајопштина | | | | | **800** |
| | Стар плоштад | | | | | 1000 |
| 4. | Паркиралишта : | | | | | **3180** |
| | пред пензионерски дом | / | / | 4.0 | 20.0 | 500 |
| | спроти рест. Балкан | / | / | 3.50 | 15.0 | 190 |
| | покрај Дом на култура | / | / | / | / | 1050 |
| | просторот меѓу Партизан и Општина | / | / | / | / | 300 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | зад стара месара | / | / | / | / | 350 |
| | На влез во автобуска станица | / | / | | | 790 |
| | Позадиопштина | | | | | 400 |
| 5. | Мостови | / | / | | | **1641** |
| | - Соларски мост | / | / | 9.0 | 24.0 | 216 |
| | - Осички мост | / | / | 10.0 | 35.0 | 350 |
| | - Градечки мост | / | / | 8.0 | 35.0 | 280 |
| | - Голем мост | / | / | 10.0 | 35.0 | 350 |
| | - Мост зад Дом на Култура | / | / | 7.0 | 12.0 | 90 |
| | - мост пред Далфис | / | / | 10.0 | 10.0 | 110 |
| | - Виолетов мост | / | / | 7.0 | 35.0 | 245 |
| **Вкупно:** | | | | | | **38901** |

**Пресметка : 38901м$^2$ x 1,1 ден/ м$^2$ /x14 = 599.075,00 ден.**

**Б.2 Миење на јавни површини еден пат во месецот**

Рачно перење на улици со цистерна или од хидрант

( втора зона - 7 месеци во годината)

**Овде спаѓаат сите улици и јавни површини од 2-ра и 3-та зона за метење**

| Ред Бр. | Име на улица | Ширина во метри | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | коловоз | тротоар | Вкупна ширина | Вкупна должина | Вкупна површина |
| 1 | ул.Никола Тесла-основнатрасаилевкрак | 4.0 | / | 4.0 | 321.0 | 1284 |
| 2 | ул. Илинденска | / | / | 4.0 | 550.0 | 2200 |
| 3 | ул.Св.,,ЈоакимОсоговски (одОсичкимостдомотелиодкасарнадоизлезодградот) | 7.0 | / | 7.0 | 2000 | 14000 |
| 4 | ул.ЈанеСандански | 3.50 | / | 3.50 | 300.0 | 1050 |
| 5 | ул. Прохор Пчински со ново асфалтирани делови | 3.50 | / | 3.50 | 450.0 | 1575 |
| 6 | ул. Борис Кидрич | 3.50 | / | 3.50 | 100.0 | 350 |
| 7 | ул.Партизанска асфалт. дел(Осичкимост-Дабо) | 6.0 | / | 6.0 | 200.0 | 1200 |
| 8 | Новоасфалтираникраковиодулицивонас. ОсичкаМ. | 4.0 | / | 4.0 | 250,о | 1000 |
| 9 | ул. Херој Карпош со ново асфалтиран крак | 5.0 | / | 5.0 | 950.0 | 4750 |
| 10 | ул. 8-ми Октомври | 4.50 | / | 4.50 | 1350.0 | 6075 |
| 11. | ул. Моша Пијаде | | | | | 1350 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 4.50 | / | 4.50 | 300.0 | |
| 12 | ул.Осоговска | 3.50 | / | 3.50 | 300.0 | 1050 |
| 13 | Плато-Амбармаало | / | / | / | / | 245 |
| 14 | Делодул.НаскоТамбурков | / | / | / | / | 400 |
| | Вкупно: | | | | | **36529** |

| Ред Бр. | Име на улица | Ширина во метри | | м | м | $м^2$ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | коловоз | Тротоари | Вкупна ширина | Вкупна должина | Вкупна површина |
| 1 | ул. Македонска | 5.0 | / | 5.0 | 300.0 | 1500 |
| 2 | ул. Димитар Арсов | 4.50 | / | 4.50 | 350.0 | 1575 |
| 3 | ул. Ратко Минев | 4.0 | / | 4.0 | 200.0 | 800 |
| 4 | ул. 17 МУБ | 6.0 | / | 6.0 | 480.0 | 2880 |
| 5 | ул. 3-та МУБ | 5.0 | / | 5.0 | 90.0 | 450 |
| 6 | ул. Наско Тамбурков | 5.0 | / | 5.0 | 500.0 | 2500 |
| 7 | ул . Димитар Влахов | 4.0 | / | 4.0 | 250.0 | 1000 |
| 8 | ул. Чупино Брдо | 4.0 | / | 4.0 | 150.0 | 600 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 9 | ул. ГоцеДелчев | 3.0 | / | 3.0 | 500.0 | 1500 |
| 10 | ул. Ул. Борис Арсов | 3.0 | / | 3.0 | 150.0 | 450 |
| 11 | ул. Единство со ново асфалтиран крак | 3.50 | / | 3.50 | 800.0 | 2800 |
| 12 | ул. ,,Јане Јакимовски | 3.0 | / | 3.0 | 130.0 | 390 |
| 13 | ул. Орце Николов | 3.0 | / | 3.0 | 100.0 | 300 |
| 14. | ул. Јоаким Крчовски | 3.0 | / | 3.0 | 500.0 | 1500 |
| 15. | ул. Лозановска | 3.0 | / | 3.0 | 730.0 | 2190 |
| 16. | ул. 11-ти Октомври со ново асфалтиран крак | 4.0 | / | 4.0 | 300.0 | 1200 |
| 17. | 8Септември-асфалтиран дел | 5.0 | / | 5.0 | 300.0 | 1500 |
| 18. | Тротоар покрај регулација на Крива Река | 3.0 | / | 3.0 | 3.100 | 9300 |
| 19 | ул.КоцеМеталец | 3.0 | | 3.0 | 200.0 | 600 |
| 20 | ул. ПереТошев со ново асфалтиран крак | 3.0 | / | 3.0 | 650.0 | 1950 |
| 21 | ул. ГоранСтојановски | 4.0 | | 4.0 | 380.о | 1520 |
| 22 | ул. КлиментОхридски | 5.0 | | 5.0 | 280.0 | 1400 |
| 23 | ул. Пиринска | 3.5 | | 3.5 | 320.0 | 1120 |
| 24 | ул.Осоговска | 3.5 | | 3.5 | 540.0 | 1890 |
| 25 | ВераЈоциќ | 3.5 | | 3.5 | 1130.0 | 3955 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 26 | Н.Тамбурков-новоизг.крак | 3.5 | | 3.5 | 700,0 | 2450 |
| 27 | ул. Биљинска | | | 3.5 | 211,0 | 738 |
| 28 | ул. Дивјанска | | | 3.5 | 240,0 | 840 |
| 29 | ул. ГоранСтојановски | 3.5 | / | 3.5 | 90 | 315 |
| 30 | ул. КочоРацин | 3.5 | / | 3.5 | 600 | 2100 |
| 31 | БорчевакафеанадоШаровмост | 3.5 | / | 3.5 | 1200 | 4200 |
| 32 | НовделДивјанскамаала | / | / | / | / | 720 |
| 33 | НовделРаткоМинев-нас.Баглак | / | / | / | / | 2002 |
| 34 | Новиделовиул.ГоцеДелчев | / | / | / | / | 1878 |
| 35 | Нов дел од ул. Никола Карев нас.Белево | 4 | / | 4 | 605 | 2420 |
| 36 | ул.Пролетерска | 4 | / | 4 | 150 | 600 |
| 37 | ул.Вардарска | 4 | / | 4 | 200 | 800 |
| Вкупно: | | | | | | **63933** |

**Вкупна површина за миење еднаш месечно 36.529+63.933=100.462 м$^2$**

**Пресметка : 100462.00м2 x 1,1 ден/ м2 /x7 =773.557,ооден.**

Вкупно трошоци за миење на јавни површини :

Прва зона **599.075,оо ден.**

Втора зона **773.557,оо ден.**

**Вкупно : 1.372.632,оо ден.**

**В.**Зимско одржавање на Јавни **- отворени површини**

Зимски период од ( 01. 11 до 01. 04 ) во тековната година или 5 месеци т. е. 22 недели

| Ред број | Име на улица | Ширина во м | | м | м | $м^2$ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | коловоз | Тротоар. | Вкупна ширина | Вкупна должина | Вкупна површина |
| 1 | Тротоари на ул. ,,Св Јоаким Осоговски,, на потегот од Осички мост до Касарна | / | / | 2 x1.5<br>3.0 | 2000 | 6000 |
| 2 | Тротоар шеталиште покрај регулација на Крива Река | / | / | 1.5 | 3000 | 4500 |
| 3 | Патека покрај регулација на Дурачка Река од Соларски мост до Дом на култура и центар за социјални работи | / | / | 2.0 | 350 | 700 |
| 4 | Влез во зелен пазар со скалите | / | / | 2.5 | 50 | 125 |
| 5 | Скали од ул.,,Св.Јоаким Осоговски,,кон нас. Бегови бавчи | / | / | 5.0<br>2x2.5 | 100<br>2x50 | 500 |
| 6 | Паркиралишта<br>- околу дом на култура<br>- спроти рест. Балкан<br>- меѓу Партизан и Општина<br>- стар зелен пазар | / | / | 4.0 | 750 | 3000 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | - пред пензионерски дом | | | | | | |
| 7 | Плоштади Градски парк<br><br>Нов плоштад кај општина | / | | / | / | / | 2350<br><br>1000 |
| 8. | Градски зелен пазар | / | | / | / | / | 1550 |
| 9. | Тротоари на мостови | / | / | / | / | | **325** |
| 10. | Патека и скали кон Виолетов мост | | | | | | 250 |
| Вкупно: | | | | | | | **20.300** |

Вкупно трошоци за зимско одржување: **Пресметка : 20300м2 x 3,9 ден/ м2 /= 79.170 денари - едно чистење на снегот од наведените површини.**

**Во просек во годината има четири пати обилни врнежи од снег со дебелина на снег од над 10 см.**

**Вкупно : 4 x 79.170 =316.680,ооденари**

**Г. ЧИСТЕЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА РЕГУЛАЦИОНИ КОРИТА И ДОЛОВИ**

Оваапозицијагиопфаќаследнивеактивности:

-Чистењенананоси, утовар и одвоз на соберен материјал од регулациите.

Според искуството од последните години честа е појавата на поројни дождови кои предизвикуваат наноси регулациите на водотеците, па неопходно е нивно повремено чистење и одржување.

Мерна единица за исплата на правното лице ќе биде 590 ден./ м3 соберен, утоварен и депониран земјен материјал на соодветна локација.

-Чистење и одржување на регулациони корита и долови ......150.000,оо ден.

**Вкупен предвиден паушален износ во износ од : 150.000,оо денари**

**Д. ЧИСТЕЊЕ НА НАНОСИ ОД ЈАВНИ ПОВРШИНИ**

Оваапозицијагиопфаќаследнивеактивности:

-Чистење, утовар и одвоз на соберен материјал од јавни површини;

Според и скуствотото од последните години честа е појавата на поројни дождови кои предизвикуваат наноси на локалната патна мрежа иј авните површини, па неопходно е нивно постојано чистење и одржување.

Мерна единица за исплата на правното лице ќе биде 590 ден./ м3 соберен, утоварен и депониран земјен материјал на соодветна локација.

**Вкупен предвиден паушален износ во износ од : 60.000,оо денари**

## Ѓ.Одржување на постоечки атмосферски канализации

Оваапозицијагиопфаќаследнивеактивности:

Чистењенапостоечкирешеткиишахтисоутовариодвознаизваденматеријал;

-Чистењенапропустисоутовариодвознаизваденматеријал;

Мерна единица за исплата на правното лице ќе биде 590 ден./ м$^3$ соберен, утоварен и депониран земјен материјал на соодветна локација.

**Вкупен предвиден паушален износ во износ од : 60.000,оо денари**

**Е. УРЕДУВАЊЕ и ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНИ САНИТАРНИ ЈАЗЛИ**

Во реализацијата на оваа програма се предвидува :

-Доуредување на тоалетот на Градскиот зелен Пазар...**50.000 денари**

-Доуредување на тоалетот кај градски парк.....................**50.000 денари**

-Одржување на јавни тоалети за една година..................**180.000 денари**

**Вкупен предвиден паушален износ во износ од : 280.000 денари**

**Ж. ПОСТАВУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА СООДВЕТНИ САДОВИ**

**ЗА ОТПАДОЦИ НА ЈАВНИТЕ ПОВРШИНИ**

Во реализацијата на оваа програма се предвидува :

1. Набавка на нови 15 контејнери со запремнина 1,1 м$^3$, со што би се извршила целосна замена на старите контејнери во градското подрачје
2. Набавка на нови 30 мали садови за отпад со запремнина од 30-50 литри како дополна и измена на постојните садови за отпад ;
3. Поправка на старите контејнери ( замена на тркала, поклопци, и фарбање и нивно поставување на места каде има потреба ).

**паушален износ во износ од : 300.000,ооденари**

**3. Чистење на рабници на јавни површини.**

Оваа позиција ги опфаќа следните активности:

-Чистење на трева и плевел од рабниците од коловозната - саобраќајна лента и рабници од пешачката стаза, утовар и одвоз на соберениот материјал

Мерна единица за исплата на правното лице ќе биде 16.00 ден/метар ,соберен утоварен и депониран материјал на соодветна локација. Се предвидува два пати годишно да се очистат ивичнаците од јавни површини.

**Вкупен предвиден паушал во износ од 50.000.00 ден.**

**S. Чистење и одстранување на шут и комунален смет од диви депонии.**

Оваа позиција ги опфаќа следните активности:

Одстранување и чистење на шут и комунален смет од диви депонии и транспорт до градска комунална депонија.

Мерна единица за исплата на правното лице ќе биде 590 ден/м3 ,соберен утоварен и депониран материјал на соодветна локација. Се предвидува два пати годишно да се очистат дивите депонии.

Доколку се користи само машина (скип) за распространување на материјал и уредување на простор мерна единица ќе биде 1600 ден/раб.час

**Вкупен предвиден паушал во износ од 80.000.00 ден.**

# Р Е К А П И Т У Л А Р

| Бр. | Програмски работи | Планиран износ во денари |
|---|---|---|
| **1.** | - Метење на јавни површини; | **2.355.993,оо** |
| **2.** | - Миење(рачно перење и прскање - на јавни површини; | **1.372.632,оо** |
| **3.** | - Зимско одржавање на приоритетни отворени јавни површини; | **316.680,оо** |
| **4.** | - Чистење и одржување на речни регулациони коритаидолови | **150.000,оо** |
| **5.** | - Чистење на наноси од јавни површини | **60.000,оо** |
| **6.** | - Одржување на постоечки атмосферски канализации | **60.000,оо** |
| **7.** | - Доуредување и одржување на јавни санитарни јазли | **280.000,оо** |
| **8.** | - Поставување и одржување на садови за отпад на јавни површини | **300.000,оо** |
| **9.** | - Чистење на ивичнаци на јавни површини | **50.000, оо** |

| | | |
|---|---|---|
| **10.** | - Чистење и одстранување на шут и комунален смет од диви депонии | **80.000,оо** |
| | **Вкупно :** | **5.025.308,оо** |

**Бр.3365/33**
**27.11.2020 година**
**КриваПаланка**

**Совет на општина Крива Паланка**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10,08/14и 02/18),03/19 Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Програма за јавна чистота во град Крива Паланка**
**за 2021 година**

1. Се објавува Програма за јавна чистота во град Крива Паланка за 2021 година, што Советот ја донесе на 45-та седница,одржана на ден 27.11.2020 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08-3365/34** — **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**30.11.2020 год.** — **Градоначалник,**
**Крива Паланка** — **Борјанчо Мицевски с.р**

# ПРОГРАМА

# ЗА ПОДИГАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ГРАДСКОТО ЗЕЛЕНИЛО

# ВО КРИВА ПАЛАНКА ЗА 2021 ГОДИНА

## ВОВЕД

Согласно на Законот за урбано зеленило Сл.весник 11/18 како и согласно Правилникот за планирање, проектирање, подигање и одржување на зеленилото Сл.весник 205/2019 а со цел квалитетно и стручно одржување на градското зеленило и цветните површини, Секторот Паркови и Зеленило при ЈП Комуналец Крива Паланка ја изготви Предлог годишната програма за подигање и одржување на зеленилото за 2021 год. по парковски објекти во рамките на подрачјето на град Крива Паланка.

Со оваа Годишна оперативна програма за подигање и одржување на зеленилото се дефинираат следните податоци:

а) Површини под јавно зеленило, според намената ,функцијата и степенот на одржување утврден од страна на Јавното предпријатие за управување со зеленилото или правното лице регистрирано за таа намена ;

б) Преглед за потребите за одржување и тоа :

1.Одржување на зелени површини : Рачно косење, гребулање на трева пред машинско косење, машинско косење, собирање трева, чистење и изнесување на зелен отпад (лист, искосена трева, искастрени гранки итн.) поливање на зелени површини;

2. Одржување на дрвенасти и грмушасти растенија: окопување дрвја, грмушки и жива ограда, кроење на грмушки, дрвја во дрвореди и жива ограда, фито заштита и полевање дрвореди со цистерна;

3. Одржување на цвеќе: одржување на жардињери, одржување на цветни површини: плевење, прашење, садење и расадување окопување и прашење, како и плевење и кроење на рози;

4. Потребен број на извршители и финансиски средства согласно интензитетот и видот на одржување за секоја јавна зелена површина.

В) Подигање на зеленило, коешто опфаќа реконструкција на старото и оштетено зеленило, како и подигнување и озеленување на нови површини при изградба на комунални инфраструктурни објекти.

При изготвување на оваа програма земен е предвид фактот дека начинот и интензитетот на одржување на зеленилото е менлив елемент и тоа во зависност од климатските услови, потребите на градот, структурата на градот и неговата распространетост.

Секторот Паркови и Зеленило се занимава и со производство на саден материјал за цветен расад кој е наменет за потребите на самото претпријатие за пополнување на цветните површини во градот Крива Паланка.

**ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ**

Цел на програмата на Секторот Паркови и Зеленило е да се прикаже обемот на работа која ја извршува секторот , како и финансиските средства кои се потребни за извршување на наведените активности во 2021 година.

**Преглед на постоечки зелени површини за одржување во м²**

| **Зелени површини** | **Тревник** | **Цвеќе** | **Рози** | **Патеки** | **Друго** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Борчева кафана | 570 | 30 | / | 10 | 40 | 650 |
| Влез и излез на градот | 526 | 189 | 25 | 100 | 60 | 900 |
| ЗП пред Касарна | 126 | / | / | / | 24 | 150 |
| ЗП Стар Пролетер | 126 | / | / | / | 62 | 188 |
| Парк околу Градски Музеј | 284 | / | 6 | 180 | 15 | 485 |
| ЗП Градски парк | 1 280 | 235 | / | 340 | 7 | 1 862 |
| Ролерско –Пешачка патека | 9493 | 7 | 200 | 2400 | / | 12100 |
| Пазарска патека | 3043 | 50 | 47 | 360 | 10 | 3510 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ЗП од Лилав мост до Сточен пазар | 1500 | / | / | / | / | 1500 |
| Стара Кожара | 954 | 72 | / | / | 72 | 1098 |
| Сквер и косина кај Големиот мост(грб и шешир) | 699 | 39 | 20 | / | 42 | 800 |
| Парк на ул.Ул.Херој Карпош(Карчо) | 785 | 11 | 13 | 200 | 22 | 1031 |
| ЗП позади згради Херој Карпош | 1787 | / | / | / | 10 | 1797 |
| Косина на ул .Ратко Минев (Неки ) | 270 | / | / | / | / | 270 |
| Ул. 8 ми Октомври | 105 | 45 | / | / | 19 | 169 |
| ЗП пред Автобуска станица | 90 | / | / | / | / | 90 |
| Кадиска Чешма | / | 31 | 5 | 50 | / | 86 |
| Дрвореди на Ул.Св.Ј.Осоговски | / | 52 | / | / | 45 | 97 |
| Ул.Партизанска | 40 | / | 1 | / | / | 41 |
| ЗП ул.Моша Пијаде(гаражи) | 217 | / | / | / | / | 217 |
| Пешачка патека Стара вада | 1 400 | / | / | / | / | 1 400 |
| **Вкупно** | **23 295** | **761** | **317** | **3 640** | **428** | **28 441** |

Во табелата се прикажани сите зелени површини кои ги одржува Секторот Паркови и Зеленило , во табеларниот приказ во колоната друго се прикажани во зелена површина Борчева Кафана број на дрвја и грмушки, зелена површина раскрсница на влез број на жардињери (54 m²) и фонтана (6 m²), зелена површина Касарна и Стар Пролетер број на жардињери, објект Музеј број на дрвја, грмушки и фонтана( 5 m²) ,пзелена површина Градски парк (7 m²) површина на фонтана, зелена површина пазарска патека фонтана,

зелена површина Стара Кожара број на жардињери, зелена површина околу Големиот Мост број на жардињери (36 m²) и грбот на Општина Крива Паланка (6 m²), зелена површина на ул. Херој Карпош број на дрвја( 15 m²) и фонтана ( 7 m²) , зелена површина позади згради Херој карпош број на рвја, зелена површина на ул. 8 ми Октомври број на дрвја (6 m²) и жардињери (13 m²) , ул Св. Јоаким Осоговски број на дрвја (45m²) .

Во следниот преглед ќе бидат прикажани бројот на дрвја ( зимзелени и листопадни) кои се застапени во претходните објекти изразени по единки :

| **Зелена површина** | Дрвја |
|---|---|
| Ул.Св Јоаким Осоговски | 45 |
| Музеј – парк | 10 |
| Градски парк | 26? |
| Ул.Херој Карпош-парк | 15 |
| Ул. 8 ми Октоври-парк | 12 |
| Ул.Херој Карпош –згради | 29 |
| Пред Автобуска станица | 3 |
| Стара Кожара | 37 |
| ЗП покрај Големиот Мост | 24 |
| ЗП Осичка Мала (гаражи) | 28 |
| ЗП Стар Пролетер | 12 |

## Преглед на површини за косење

| **Зелена површина** | Површина (м2) |
|---|---|
| ЗП покрај главната Ул.С.Ј.Осоговски | 4400 |
| Простор позади згради на ул.Св.Ј.Осоговски | 1470 |

| | |
|---|---|
| Простор позади сама зграда на ул. Херој Карпош и покрај канал | 793 |
| Простор позади згради на ул.8 ми Септември | 2200 |
| Речно корито на Крива Река | 15000 |
| Простор околу Спортски терени | 6000 |
| Речно корито на Дурачка река | 1245 |
| Дол ул.Единство | 1323 |
| Домачки Дол | 2700 |
| Ул.Баглачка и ЗП пред Метеоролошка | 3177 |
| Нас.Илинден | 1 460 |
| Дол ул Прохор Пчински | 250 |
| Ул.Херој Карпош | 130 |
| Скали Пролетер | 164 |
| Ул.Ратко Минев и дол Бавчалк | 208 |
| Ул.11 ти Октомври | 182 |
| Ул.Партизанска | 276 |
| Ул. Кочо Рацин | 401 |
| Ул.Вера Јоциќ | 1072 |
| Ул.Ловачки | 469 |
| Ул.Климент Охридски | 1 214 |
| Ул.8 ми Октомври | 1 500 |
| Ул .Осички мост –Бабин Дол-Градски базент | 1040 |
| Стар и нов пат Манастир Св.Јоаким Осоговски | 4 967 |
| **ВКУПНО** | **42820** |

Во оваа табела се прикажани површините во градското подрачје каде се врши само операцијата косење и собирање на тревната вегетација од страна на секторот Паркови и Зеленило при ЈП Комуналец - Крива Паланка. Бројот на планирани косења зависи од климатските услови и истиот се движи од 1 до 5 пати во текот на годината.

## 1.Одржување на постоечки зелени површини

### Зелена површина Борчева Кафана

| Р.бр | Вид на работа | Ед.мера | Количина | Бр. на операции | Вкупно површина | Цена/ден | Износ/ден |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Машинско косење сите опе. | М² | 570 | 10 | 5700 | 8,5 | 48 450 |
| 2 | Поливање со систем | м² | 640 | 25 | 16000 | 1,3 | 20 800 |
| 4 | Садење сезонско цвеќе | бр | 626 | 1 | 626 | 21 | 13 146 |
| 5 | Садење грмушки | бр | 20 | 1 | 20 | 115 | 2 300 |
| 6 | Плевење и окоп.(тренд.цвеќе) | м² | 70 | 3 | 210 | 18 | 3 780 |
| | | | | | | **Вкупно:** | **88 476** |

Оваа Зелена површина е во функција за пасивна рекреација .За одржување на оваа зелена површина потребниот број на извршители е 2( два) извршители.

Според извршените мерења на површините , бројот на садници и бројот на операции во текот на годината за реализација на програмата за оваа зелена површина се потребни финансиски средства од 88 476 ден .



### Зелена површина Раскрсници на влез и излез на градот

| Р.бр | Вид на работа | Ед.мера | Количина | Бр. на операции | Вкупно површина | Цена/ден | Износ/ден |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Машинско косење сите опе. | М² | 526 | 10 | 5260 | 8,5 | 44 710 |
| 2 | Поливање со црево | м² | 794 | 25 | 19850 | 1.3 | 25 805 |
| 3 | Кроење грмушки(трендафили) | бр | 57 | 1 | 57 | 19 | 1 083 |
| 4 | Садење сезонско цвеќе | бр | 1 430 | 2 | 2860 | 21 | 60 060 |
| 5 | Садење трендафили | бр | 30 | 1 | 30 | 135 | 4 050 |
| 6 | Плевење и окоп.(тренд.цвеќе) | м² | 268 | 6 | 1608 | 18 | 28 944 |
| | | | | | **Вкупно:** | | **164 652** |

Оваа Зелена површина е во функција за пасивна рекреација .За одржување на оваа зелена површина потребниот број на извршители е 3(три) извршители.

Според извршените мерења на површините , бројот на садници и бројот на операции во текот на годината за реализација на програмата за оваа зелена површина се потребни финансиски средства од 164 652 ден .



## Зелена површина пред Касарна

| Р.бр | Вид на работа | Ед.мера | Количина | Бр. на операции | Вкупно површина | Цена/ден | Износ/ден |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Машинско косење сите опе. | М² | 126 | 8 | 1008 | 8,5 | 8 568 |
| 2 | Поливање со црево | м² | 150 | 25 | 3750 | 1.3 | 4 875 |
| 3 | Садење на цвеќе | бр | 300 | 2 | 600 | 21 | 12 600 |
| 4 | Плевење и окоп.(тренд.цвеќе) | м² | 24 | 6 | 144 | 18 | 2 592 |
| 5 | Собирање лист | м² | 126 | 10 | 1260 | 1,1 | 1 386 |
| | | | | | **Вкупно:** | | **30 021** |

Оваа Зелена површина е во функција за пасивна рекреација .За одржување на оваа зелена површина потребниот број на извршители е 2(два) извршители.

Според извршените мерења на површините , бројот на садници и бројот на операции во текот на годината за реализација на програмата за оваа зелена површина се потребни финансиски средства од 30 021 ден .

## Зелена површина кај Стар Пролетер

| Р.бр | Вид на работа | Ед.мера | Количина | Бр. на операции | Вкупно површина | Цена/ден | Износ/ден |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Машинско косење сите опе. | М² | 126 | 10 | 1 260 | 8,5 | 10 710 |
| 2 | Поливање со црево | м² | 150 | 25 | 3750 | 1.3 | 4 875 |
| 3 | Садење на цвеќе | бр | 603 | 2 | 1206 | 21 | 25 326 |
| 4 | Плевење и окопување | м² | 48 | 6 | 288 | 18 | 5 184 |
| | | | | | **Вкупно:** | | **46 095** |

Оваа Зелена површина е во функција за пасивна рекреација .За одржување на оваа зелена површина потребниот број на извршители е 2(два) извршители.

Според извршените мерења на површините , бројот на садници и бројот на операции во текот на годината за реализација на програмата за оваа зелена површина се потребни финансиски средства од 46 095 ден .



**Зелена површина околу Градски Музеј**

| **Р.бр** | **Вид на работа** | **Ед.мера** | **Количина** | **Бр. на операции** | **Вкупно површина** | **Цена/ден** | **Износ/ден** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Машинско косење сите опе. | М² | 284 | 10 | 2840 | 8,5 | 24 140 |
| 2 | Поливање со црево | м² | 300 | 4 | 1200 | 1.3 | 1 560 |
| 3 | Кроење грмушки(трендафили) | бр | 12 | 1 | 12 | 19 | 228 |
| 4 | Кроење дрвја | бр | 16 | 1 | 16 | 190 | 3 040 |
| 5 | Собирање смет | м² | 284 | 30 | 8520 | 0.5 | 4 260 |
| 6 | Плевење и окоп.(тренд.цвеќе) | м² | 16 | 2 | 32 | 18 | 576 |
| 7. | Метење патеки | м² | 180 | 24 | 4320 | 0.5 | 2 160 |
| 8. | Чистење фонтани | м² | 5 | 10 | 50 | 125 | 6 250 |
| 9. | Чистење на патеки од снег | м² | 180 | 4 | 720 | 4.1 | 2 952 |
| 10. | Тресење на снег од дрвја | Бр. | 16 | 4 | 64 | 84 | 5 376 |
| | | | | | **Вкупно:** | | **50 542** |

Оваа Зелена површина е во функција за активна рекреација .За одржување на оваа зелена површина потребниот број на извршители е 2(два) извршители.

Според извршените мерења на површините , бројот на садници и бројот на операции во текот на годината за реализација на програмата за оваа зелена површина се потребни финансиски средства од 50 542 ден .



## Зелена површина Градски Парк

| Р.бр | Вид на работа | Ед.мера | Количина | Бр. на операции | Вкупно површина | Цена/ден | Износ/ден |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
Општинската депонијата се користи од 1983 година. Моментално е со површина од 9.000 м$^2$. На депонијата дневно се отстрануваат околу 30-35 м$^3$, главно комунален отпад. Според проценките волуменот на остранетиот отпад на депонијата изнесува околу 175.000 м$^3$. Површината повремено се натапкува со булдожер и повремено се препокрива. Разнесувањето на лесна фракција од отпадот се забележува на границата од депонијата. Општинската депонија е целосно несанитарна и скоро целосно е исполнета.

Од страна на Општина Крива Паланка изработен е проект кој е одобрен од Министерството за животна средина и просторно планирање за затварање и рекултивација на депонијата.

Со приклучување на Општина Крива Паланка во регионалниот систем на управување со отпад за Североисточниот плански регион, постоечката депонија треба да се затвори и рекултивира.

До отпочнување на работа на регионалната депонија за Североисточниот регион потребно е да се изнајдат можности за проширување на постоечката локација со експропријација на околно земјиште.

Во меѓувреме, мора да се опстојува на доследно спроведување на мерки за рециклирање и компостирање, со цел намалување на вкупниот отпад кој ќе заврши на општинската депонија, односно на определената времена депонија до изградба на регионалната депонија.

Во врска со депонијата за земјен материјал и градежен шут потребно е изнаоѓање и определување на нова локација за одлагање на градежен шут согласно законските прописи и тоа во што е можно најбрз можен рок.

## 8. Начинот на функционирање на интегрираната мрежа за преработка и за отстранување на отпадот

Интегрираното управување со отпад подразбира следење на создавањето на отпад, минимизирањето на место на настанување, собирање, транспорт, третман и одлагање, што резултира со одржливо управување со отпадот со добра покриеност и создавање на доволно соодветни капацитети за давање услуги на собирање, транспортирање и депонирање до изградба и пуштање во функција на регионална депонија.

Сите правни лица и физички лица создавачи на отпад, согласно Законот за управување со отпад се должни да имаат склучени договори за собирање и транспортирање на отпад со овластени собирачи на отпад.

Врз основ на податоците од ЈП Комуналец, на територијата на општината Крива Паланка, редовните услуги за собирање на отпад се главно лимитирани на урбаните средини и на дел од руралните средини. Урбаниот дел од општината е покриена со 100 % со услуга за собирање на отпадот, додека околу 20% е покриеноста во руралните делови, претежно во руралните места кои се наоѓаат покрај магистралниот пат и оние рурални места кои се во пониските делови на општината и до кои има пристапни патишта. Во 2021 година од страна на ЈП Комуналец е планирано зголемување на опфатот на организирано собирање .

ЈП „Комуналец“ освен услугите за собирање на комунален отпад, спроведува и други активности како што се: чистење на улиците, јавни паркови и зелени површини, одржување на гробишта и пазари, речни корита, скверови и др.

Собраниот комунален отпад во целост се одложува на општинската депонија со делумна претходна селекција на хартија, пластика и електронски и електричен отпад.

## 9. Реализација на мониторингот и на информативниот систем во областа на управувањето со отпад

Мониторингот на состојбите со отпадот во Општината Крива Паланка ќе се реализира преку создавање на релевантна база на податоци за состојбите со отпадот во општината која што треба да ја оформи ЈП Комуналец во соработка со општината. Мониторингот за 2021 година ќе се спроведе со пополнување на обрасците за идентификација и транспортот на отпадот како и со изготвување на годишните извештаи за управување со отпад. Овие се задолжителни за ЈП Комуналец и за поголемите фирми односно компании кои продуцираат поголеми количини на отпад. Локалната администрација преку овие инструменти во секој момент ќе може да има преглед на состојбите во областа на управување со отпадот. Се разбира дека ваквата пракса целосно сеуште не постои и затоа истата мора што поскоро односно во 2020 година да се воведе за да системот на мониторинг на состојбите со отпадот и информирањето за истите да почне во вистинска смисла да функционира. Затоа мора да се има разбирање и што поскоро да се поведе сметка кај Општината и општинското јавно претпријатие за згоелемување на човечките ресурси и капацитети за следење на состојбите со управување со отпадот, собирање и доставување на податоци за видот и количините на отпад, начинот на создавање, контрола, обработка и анализа на податоците.

## 10. Други мерки од важност за управувањето со отпад

Со Програмата се предвидува и затварање на дивите депонии (ѓубришта). Со цел намалување на бројот на диви депонии кои се создаваат на територијата на општина Крива Паланка се предвидува зголемување на опфатот за собирање на комунален отпад, преку поставување на садови за отпад и редовен транспорт на истиот.

## 11. Програмски мерки и активности за 2021 година

**Област 1: Приклучување кон регионален систем за собирање, транспортирање и депонирање на отпад и затварање и ремедијација на постојната депонија**

| Задачи | Активности | Одговорна институција | Временска рамка | Буџет (денари) | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|---|
| Учество во активностите за реализација на регионалниот пристап во управувањето со отпад за Североисточен регион | Согласно барањата на Североисточниот регион | Општина Крива Паланка во соработка со другите општини од Североисточниот регион | 2021 континуирано | Регионален План за управување со отпад за Североисточен регион | Буџет на РМ, ИПА фонд, Јавно приватно партнерство, буџет на општина |

**Област 2: Итна интервенција во системот за собирање на комунален отпад**

| Задачи | Активности | Одговорна институција | Временска рамка | Буџет (денари) | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|---|
| Замена и поправка на дотраени садови за собирање на отпад со нови | -Замена на дотраени садови со нови садови– 40 бр. (до 200л.)<br>-Поправка на 30 бр. на садови | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец | 2021 континуирано | 150.000 | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец |
| Набавка на нови садови за проширување на опслуженото подрачје | -Набавка на нови контејнери – 20 бр. од 1,1 $м^3$ (10 нови за замена на стари и 10 за проширување на опфат)<br>-Определување на 10 нови локации за поставување контејнери и | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец | 2021 континуирано | 400.000 | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | нивно Поставување | | | | |
| Поставување на корпи за отпадоци на шеталиштето покрај магистралниот пат, главна улица и други јавни површини | -Избор на локации за поставување<br>-Набавка (изработка) на 30 корпи за отпадоци и нивно поставување | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец | 2021 континуирано | 60.000 | Општина Крива Паланка |

**Област 3: Итна интервенција во собирање на инертен отпад**

| **Задачи** | **Активности** | **Одговорна институција** | **Временска рамка** | **Буџет (денари)** | **Извори на финансирање** |
|---|---|---|---|---|---|
| Определување на нова локација за инертен отпад (градежен шут, земја и сл.) | -Формирање на тим за изнаоѓање на нова локација за одлагање на градежен шут<br>-Изготвување на Одлука<br>-Усвојување на Одлука од страна на Совет на Општина Крива Паланка<br>-Обезбедување на соодветна техничка документација и дозволи | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец | 2021 континуирано | 300.000 | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец |

**Област 4: Превенција на отпад**

| **Задачи** | **Активности** | **Одговорна институција** | **Временска рамка** | **Буџет (денари)** | **Извори на финансирање** |
|---|---|---|---|---|---|
| Јавна кампања и едукација | -Изработка на информативни ливчиња<br>-Одржување на 3 едукативни кампањи и 2 обуки во училиштата | Општина Крива Паланка, Граѓански здруженија и консултанти | 2021 континуирано | 60.000 | Општина Крива Паланка |
| Организирање на акции за собирање на | -Реазлизација на акции | Општина Крива Паланка, ЈП | Континуирано 2021 | 150.000 | Општина Крива Паланка и ЈП |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| разновиден отпад | | Комуналец, основните, средното училиште и граѓански здруженија | | | Комуналец |

**Област 5: Организиран систем за селективно собирање и рециклирање**

| **Задачи** | **Активности** | **Одговорна институција** | **Временска рамка** | **Буџет (денари)** | **Извори на финансирање** |
|---|---|---|---|---|---|
| Реализација на јавна кампања за потребите од рециклирање | -Подготвување на работен план за подигање на јавната свест<br>-Дефинирање на целни групи<br>-Работни средби и предавања на различни нивоа | Општина Крива Паланка, консултанти | 2021 континуирано | 20.000 | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец |
| Воведување на селективно собирање на хартија, ПЕТ амбалажа, стакло, батерии и отпад од електронска и електрична опрема | -Обезбедување на финансиска конструкција<br>-Определување на локации за собирни центри и за складирање на рециклиран отпад<br>-Определување на локации за еко острови за селектиран отпад<br>-Набавка на садови за селекција на отпад – 30 бр.<br>Набавка на машина за балирање и дробење<br>- Постапка за добивање на дозвола за складирање и третман<br>- Зголемување на капацитетот на постојните собирни пунктови и определување на | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец, консултанти | 2021 Континуирано | 1.000.000 | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец, МЖСПП |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | нови локации за поставување на истите за постапување со електричен и електронски отпад | | | | |

**Област 6: Компостирање на биоразградлив отпад**

| **Задачи** | **Активности** | **Одговорна институција** | **Временска рамка** | **Буџет (денари)** | **Извори на финансирање** |
|---|---|---|---|---|---|
| Продолжување на процесот на централизирано биокомпостирање и продолжување на кампањата за домашно биокомпостирање | -Примена на нови техники и пракси за централно биокомпостирање<br>-Доуредување на локација за централизирано биокомпостирање и ставање во функција<br>-Јавна кампања и Едукација на населението, правни и физички лица за селектирање на биоразградливиот отпад, негово биоконпостирање и користење | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец, консултанти | 2021 континуирано | 100.000 | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец, МЖСПП |

**Област 7: Диви депонии**

| **Задачи** | **Активности** | **Одговорна институција** | **Временска рамка** | **Буџет (денари)** | **Извори на финансирање** |
|---|---|---|---|---|---|
| Изработка на План за затварање на диви депонии | -Анализа на теренот<br>-Проценка на ризикот<br>-Проценка на финансиски средства потребни за затварање<br>-Рангирање диви депонии по приоритет | Општина Крива Паланка и ЈП Комуналец (потребна е консултантска помош) | 2021 Континуирано | 30.000 | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец, МЖСПП |
| Затварање и | -Алоцирање на | Општина | 2021 | 100.000 | Општина |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ремидијација на диви депонии | средства од буџет на општина<br>-Барање на дополнителни средства од Влада на РМ и МЖСПП | Крива Паланка, ЈП Комуналец | Континуирано | | Крива Паланка, ЈП Комуналец |
| Изработка и поставување на табли за забрането фрлање на отпад на јавни површини | -Изработка на табли (20 бр.);<br>-Поставување на табли на претходно утврдени локации | ЈП Комуналец | 2021 Контимуирано | 20.000 | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец |
| Воспоставување на соодветен мониторинг и систем на казнување | -Изработка на план за редовен и привремен мониторинг<br>-Одредување на казнени мерки за прекршителите | Општина Крива Паланка | 2021 Континуирано | / | / |

**Област 8: Мониторинг на спроведување на планот и негово ажурирање**

| Задачи | Активности | Одговорна институција | Временска рамка | Буџет (денари) | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|---|
| Спроведување на задачи на комисија | -Одржување редовни работни состаноци на комисија | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец | 2021 континуирано | / | / |
| Евидентирање | -Формирање база на податоци | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец | 2021 континуирано | / | / |
| Оценување на спроведувањето со користење на предложените индикатори | -Мерење на постигнатите резултати | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец | 2021 континуирано | / | / |
| Изготвување на годишни извештаи за спроведување на програма за управување со отпад | -Усвојување на извештаите од Советот на Општина Крива Паланка | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец | Јануари 2021 | / | / |

**Област 9: Иницијатива за покренување активности од страна на МЖСПП**

| **Задачи** | **Активности** | **Одговорна институција** | **Временска рамка** | **Буџет (денари)** | **Извори на финансирање** |
|---|---|---|---|---|---|
| Давање на иницијативи во делот на управување со разните видови на отпад | Покренување постапки, идеи , предлози и сл. до МЖСПП | Општина Крива Паланка,МЖСПП | 2021 континуирано | / | / |

Реализацијата на оваа програмата за управување со отпад на Општина Крива Паланка за 2021 година во многу што ќе зависи од одвоените средства од буџетот на Општина Крива Паланка.

Оваа програма влегува во сила со денот на донесувањето, истата ке се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“, а ќе се применува од 01.01.2021 година.

**Бр. 3365/39**
**27.11.2020 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10,08/14и 02/18),03/19 Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Програма за управување со отпад на Општина Крива Паланка за 2021 година**

1. Се објавува Програма за управување со отпад на Општина Крива Паланка за 2021 година , што Советот ја донесе на 45-та седница,одржана на ден 27.11.2020 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08-3365/40**
**30.11.2020 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02), член 14 став 1 точка 41 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08/10, 08/14, 02/18 и 03/19), член 12 став 1 точка 4 и став 2, член 14 став 2 и 3 и член 42 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/04, 139/08 , 99/09, 149/14, 150/15 и 37/16), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 27.11.2020 година, ја донесе следната

**П Р О Г Р А М А**

**за превентивна дезинсекција и дератизација во**

**Општина Крива Паланка за 2021 година**

## 1. ВОВЕД

Како резултат на глобалното затоплување и климатските промени постои можност за зголемување на бројот на заразни заболувања и појава на заболувања кои веќе се искоренети или биле присутни во минатото, како и појава на заболувања кои не се карактеристични за нашето подрачје.Како резултата на глобалното затоплување и климатските промени постои можност за појава на тропски и субтропски болести кои ги пренесуваат комарците и други вектори. Поволните природни услови и микроклиматски погодности обезбедуваат постојано присуство на бројни популации на комарци и други штетни инсекти . Присуството на комарците, крлежите и другите штетни инсекти, како и присуството на глодарите е перманенто присутен проблем кој мора да се решава и со тоа да се придонесе за обезбедување на поставената општествена цел - заштита на населението од од штетните влијанија на овие биолошки врсти.

## 2. ЦЕЛИ

Целта на оваа Програма е интегрирано сузбивање на заразните болести предизвикани од микроорганизми, штетници и глодари. Заради заштита на населението во Општина Крива Паланка од заразни болести, штетници и глодари потребно е превземање на превентивна дезинсекција и дератизација во Општина Крива Паланка.

Со оваа Програма:

- Се регулира потребата од сузбивање на штетниците и глодарите;
- Се утврдува територијата на која ќе се спроведе дезинсекција и дератизација ( површина и објекти);
- Се утврдува правното лице кое ќе ја спроведува дезинсекцијата и дератизацијата;
- Се утврдува начинот на финансирање.

## 3. АКТИВНОСТИ

| **Реден број** | **Мерки и активности** | **Место (локација)** | **Надлежна институција** | **Планирани средства** | **Временски период на активност** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Дезинсекција (предвидени се две авионски прскања) | Крива Паланка (градско подрачје) – предвидени 330 ха | Општина Крива Паланка | 300.000 денари (без ДДВ) | Мај – Јуни 2021 година и Јули-Август 2021 година |
| 2. | Дератизација | - диви депонии<br>- јавни површини (парк, плоштад, зелени површини)<br>- канализациона мрежа | -Општина Крива Паланка<br>-ЈП Комуналец | 30.000 денари (без ДДВ) | 12 месеци (Јануари – Декември 2021) |

## 4. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Спроведувањето на оваа Програма Општина Крива Паланка ќе ја реализира во соработка со ЈП Комуналец – Крива Паланка, како и во соработка со Центар за јавно здравје – Куманово.

За реазлизирање на активноста за превентивна дезинсекција предвидена со Програмата, Општина Крива Паланка ќе спроведе јавна набавка за избор на правни лица кои ќе ја спроведат превентивната дезинсекција.

За реализација на активноста за превентивна дератизација ЈП Комуналец ќе изврши евидентирање на површините за третирање, точките во канализационит систем каде ќе се врши дератизација, отстранување на дивите депонии од јавните површини пред почеток на процесот на дератизација, како и спроведување на јавна набавка за избор на правно лице кое ќе ја спроведе превентивната дератизација. За текот на спроведување на активностите, како и за датумите во кои е предвидено спроведувањето на превентивната дезинсекција и дератизација, населението на општина Крива Паланка ќе биде известувано преку веб страницата на Општина Крива Паланка (www.krivapalanka.gov.mk).

## 5. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Со реализација на оваа Програма се очекуваат следните резултати:

- Спроведување на редовна годишна превентивна дезинсекција и дератизација;
- Унапредување на здравјето на граѓаните на Општина Крива Паланка и заштита од заразни заболувања;
- Ставање под контрола на размножувањето на штетниците и глодарите.

## 6. ФИНАНСИРАЊЕ

Активноста за вршење на превентивната дезинсекција утврдена со оваа Програма ќе се реализира со средства од Буџетот на Општина Крива Паланка, додека активноста за вршење на превентивната дератизација утврдена со оваа Програма ќе се реализира со средства од Буџетот на ЈП „Комуналец“ Крива Паланка.

## 7. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа програма влегува во сила со денот на донесувањето, истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“, а ќе се применува од 01.01.2021 година.

**Бр.09-3365/41** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**27.11..2020 год.** **Претседател,**

**Крива Паланка** **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10,08/14и 02/18),03/19 Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Програма за превентивна дезинсекција и дератизација во Општина Крива Паланка за 2021 година**

1. Се објавува Програма за превентивна дезинсекција и дератизација во Општина Крива Паланка за 2021 година , што Советот ја донесе на 45-та седница,одржана на ден 27.11.2020 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08-3365/42**
**30.11.2020 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 22 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02), член 28 од Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на Република Македонија“ бр. 149/14, 149/15 и 53/16) и член 14 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08/10, 08/14, 02/18 и 03/19), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 27.11.2020 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**

**за решавање на проблемот со кучиња скитници на подрачјето на Општина Крива Паланка за 2021 година**

## 1. ВОВЕД

Програмата за решавање на проблемот со бездомните животни – третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот, е во согласност со членовите 26, 27, 28, 29 и 30 од Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на Република Македонија“бр. 149/14, 149/15 и 53/16) и обврските на општините кои произлегуваат од истиот закон.

Со оваа Програма се утврдуваат активностите за третирање на бездомните животни, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот; условите, организацијата и обемот на извршувањето, како и начинот на финансирањето.

За решавање на проблемот поврзан со зголеменото присуство на бездомните животни, односно за контрола на нивниот број, од страна на Светкста здравствена организација, како единствено ефикасен и одржлив е препорачан хуманиот начин на третирање на овие животни, т.е. нивната масовна стерилизација, вакцинација и повторно враќање на територијата од која се заловени, што е уредено во Одлуката за комунален ред на подрачјето на Општина Крива Паланка бр. 07 – 1835/1 од 27.06.2013.

Поточно Програмата подразбира заловување и масовна стерилизација/кастрација и вакцинација на бездомните животни, т.е. сите животни дефинирани како слободни на одредена територија. По стерилизацијата/кастрацијата и вакцинацијата на животните истите се враќаат на територијата од која што биле заловени и каде што продолжуваат да живеат. Поради порастот на популацијата, за најбрз загарантиран ефект препорачливо е 70% од кучињата во одредено географско подрачје да се стерилизираат/кастрираат во рок од 6 месеци. Со 75% стерилизирани/кастрирани едники, процентот на напредок на популацијата станува 0%, по што бројот на кучиња природно почнува да опаѓа.

По стерилизација/кастрација сите животни се вакцинирани, обележани (ушна маркичка или чип), фотографирани и регистрирани.

## 2. ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ

Општините во Република Северна Македонија како основни носители на оваа Програма и релевантни субјекти во решавање на проблемот со бездомните животни на својата територија, се раководат од следните принципи:

***2.1. Принципи на континуитет*** – Програмата се разгранува на подпрограми, стратегија, се надоврзува на проекти кои се претходно направени, усвоени и применувани во оваа област (или алтернативно кои ќе бидат направени).

***2.2. Универзален принцип*** – Програмата се надоврзува на сеопфатно третирање и надминување/решавање на проблемите во врска со чувањето на животни, неодговорен однос кон животните, нивно неадекватно чување и неконтролирано размножување, како напуштање и занемарување, проблеми кои се во голема мерка главен причинител за зголемување на бројот на напуштени животни. Од тие причини е клучно да се превземат мерки кои ќе резултираат со зголемување на одговорноста на сопствениците на животни.

Комуналната редарска служба ќе врши контрола на терен за спроведување на обврските на граѓаните согласно Одлуката за комунален ред. Воедно е неопходно да се изврши измена и дополнување на Одлуката за комунален ред на подрачјето на општина Крива Паланка со кое ќе се уреди:

- Обврската за идентификација и регистрација на домашни миленици;
- Нивна заштита од суровост и занемарување, начин на сместување и чување под содветни услови за секој вид на куче во сопствената дворна површина;
- Ќе се забрани непречено размножување на сопственичките кучиња освен во услови на регистрирана одгледувачница; и
- Ќе се предвидат санкции за напуштање на миленик.

Општината Крива Паланка во соработка со локалните образовни и социјални институции ќе ги запознава најмладите категории на граѓани со етичките и законските обврски на сопствениците на миленици, преку едукативна кампања.

***2.3. Принцип на одржливост*** – Програматавоспоставува систем за контрола и со самото тоа намалување на популацијата на бездомни кучиња од населението во општините, со кој трајно ќе се реши овој проблем, односно ќе има постојана контрола на него.

***2.4. Принцип на соработка*** – Програмата се реализира преку заеднички напори и соработка на релевантните државни и локални власти, ветеринарните организации, комуналните претпријатија и здруженијата за заштита на животните.

## 3. ОСНОВНИ ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

***3.1. Цели*** – Главна цел на Програмата е контрола над популацијата на бездомните кучиња во општина Крива Паланка, ефикасно, одговорно, хумано, трајно надминување на проблемот со што ќе се гарантира здравствена заштита и јавната безбедност на населението и спречи создавање/прилив на нови кучиња на улица преку:

1) спроведување на стратегијата „залови – стерилизирај – вакцинирај – врати“ на бездомните кучиња и сите кучиња кои се затекнати слободни на улица; и

2) комплементарност со друг вид мерки предвидени во рамки на Одлука за комунален ред и/или друг вид правни акти во надлежност на општината, со кои ќе се поттикне и дефинира одговорното чување на домашни миленици (забрана за неконтролирано размножување на милениците освен во услови дефинирани со Законот за заштита и благосостојба на животните и забрана за нивно напуштање)

Спроведувањето на оваа Програма воспоставува т.е. гарантира минимална и контролирана бројка на напуштени кучиња на јавните места кои ја штитат локацијата од прилив на нови единки (непознати на населението, репродуктивно способни), со што се избегнуваат непријатности и потешки последици за граѓаните и самите животни.

Контрола на популацијата на бездомните кучиња првенствено се постигнува со стерилизација/кастрација, вакцинација, обележување и повторно враќање на животните на територијата од која што биле заловени и е метода од суштинска важност за контрола на прекумерната бројност. Се превентираат несакани раѓања, нема непотребни трошоци за долготрајно стационирање на животните во прифатилиштата, се избегнува нехуманото усмртување кое проблемот само го продлабочува. Стерилизираните – кастрираните кучиња повеќе не се размножуваат, се разбива појавата на глутници, се урамнотежува хормоналниот статус на животните, случаите со каснување опаѓаат за 95%. Кучињата се вакцинирани, прочистени од внатрешни и надворешни паразити и се здрави. Се воспоставува контрола на терен при што се изклучува можноста за појава на беснило. Обележаните кучиња се познати на населението и имаат поголеми шанси да се вдомат. Вратени на локацијата од која се заловени ја чуваат локацијата од миграција и други единки со што се превенираат болести и зарази. Трошоците се еднократни и разумни, нема непотребни трошоци за доглотрајно стационирање на животните во прифатилиштата.

Со позитивни законски акти кои ќе го опфатат одговорното сопственииштво и примена на системска стерилизација/кастрација, проблемот се решава ефикасно, хумано и трајно.

„Залови – стерилизирај – вакцинирај – врати“ е востановена како единствена ефикасна стратегија и од страна на Светската Здравствена Организација.

Напореден сегмент битен за постигнување на правилна контрола на популацијата на бездомни животни е едукација на населението и промовирање мерки за стерилизација на кучињата од страна на нивнисте сопственици во согласност со важечките законски прописи и мерки против напуштање на животни (трајно обележување, чиповање и регистрација на сопственици на кучиња, едукација на сопствениците, казнување на неодговорните сопственици).

Изградба на систем за трајна контрола и мониторинг за намалување на бројот на бездомни кучиња, со активно и одговорно учество на сите општествени фактори, особено на здруженијата за заштита на животни.

## 4. ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ

Активностите за хумано третирање на бездомни животни на подрачјето на Општина Крива Паланка подразбира:

- заловување на животните;
- нивен транспорт до стационар;
- прием и преглед од овластен ветеринар;
- лабараториско испитување на животните на одредени болести;
- идентификација и водење евиденција;
- овариохистеректомија и орхиектомија;
- постоперативно сместување, лекување и нега;
- вакцинација и дехелментација;
- веб сервис за објавување на заловените животни и поттикнување на вдомувањето;
- повик кампања за домување;
- повторно враќање на животните на локацијата од каде биле заловени;
- еутаназија на многу болни и екстремно агресивни животни по средината.

### 4.1. Заловување и транспорт

Процесот на заловување на бездомните кучиња престставува првата процедуракоја е директно изложена на судот на јавноста. Квалитетот на заловувањете, однесувањето на персоналот кон јавноста и особено кон заловените животни може да даде позитивна слика за целата активност, но од друга страна, некоректно сработено, може да ги трауматизира животните, изложи на физичка и психолошка болка, а последователно и да предизвика многу несакани реакции од лицата во непосредна околина кои се грижат за кучињата и случајните минувачи. Заради тоа, изборот на персоналот треба да биде соодветен на самата процедура. Лицата треба да бидат обучени и сертифицирани за користење на методите за хумано заловување, но пред се да не чувствуваат анимозитет и предрасуди кон бездомните кучиња, како и да се способни да контактираат со луѓето на начин кој нема да ја компромитира акцијата. Поради евиденција, да се сними како тече заловувањето. Работниците ангажирани за заловување на бездомните животни се опремени со соодветна униформа и средства за лична заштита, како и опрема: соодветно возило и приколка, јамки и мрежи за заловување, пушка (сафари) за привремено успивање со средство за времена парализа – успивање, корпи – кафези за транспорт, околувратници и водилки, соодветни средства и опрема за евиденција и идентификација на заловените животни. Транспортот од местото на заловување до стационарот се врши со специјално возило опремено со соодветна опрема за сместување на животните. Униформите и возилото се видно обележани со натпис: Служба за хуман третман и контрола на бездомни животни.

### 4.2. Стационар и медицински третман

Секое заловено животно се носи во центар за третирање на бездомните кучиња, каде треба да подложи на клинички преглед, хируршки зафат – стерилизација/кастрација, вакцинација, прочистување од внатрешни и надворешни паразити. Неопходно е и секое животно да биде евидентирано/регистрирано во дата база на податоци, како и обележано (со ушна маркица, чипирање или пластифициран колан) на начин кој нема да му причинува никаква болка или траума. Севкупниот наведен третман (стерилизација/кастрација, дехелминтизација, вакцинација, обележување со ушна маркица или микро чип) за секое животно е на терет на општината.

За да постои центар за привремен престој на животните или прифатилиште, неопходно е овој објект да ги задоволува пропишаните норми во Правилникот за техничките услови за прифатилишта, условите за чување на животните во прифатилиштата, постапките за еутаназија, начинот за водење евиденција и начинот за вршење надзор, форма и содржина на регистарот и начинот на регистрација, како и информации потребни за регистрација.

Стационарот е објект од тврда градба, лоциран на одредено место во општината, опремен со содветни простории за медицински третман, како и кафези – боксови за сместување на животните.

Заловените животни се транспортираат до стационарот каде се врши клинички преглед, вакцинација и дехелментизација. Сите клинички здрави животни се пренесуваат во болничкиот дел. Теренската идентификација за секое заловено животно веднаш се евидентира и се заведуваат и други податоци за животното како раса, пол, старост, особени знаци, место на заловување и др.

Се напоменува дека со животните можат да работат само ветеринарни лица и стручни лица, лица кои поминале соодветни обуки и припадници од здруженија за заштита на животните. Тие со животните се обврзани да постапуваат грижливо и хумано, задоволувајќи ги стандардите пропишани со Законот за заштита и благосостојба на животните. За животот на животните може да се оценува само ветеринарно лице. Односот кон животните може да биде предмет на мониторирање од страна на здруженијата за заштита на животните, со цел, при евидентирање на одредени нерегуларности, да се укаже помош за нивни надминување (согласно европските најдобри практики во овој домен).

### 4.3. Стерилизација (овариохистеректомија и орхиектомија)

Стерилизацијата е најефикасната мерка која, спречува неконтролирано размножување, намалување на бројот на напуштени кучиња на јавни површини и регулација на бројката на популација и прифатилишта. Исто така воспоставува контрола и репродукција на сопствениците на кучиња, така што во наредните 3-4 години целосно би се решил проблемот со напуштените кучиња.

Стерилизацијата на женските и машките животни се врши после детален клинички преглед. Сите животни кои по мислење на ветеринарот, ги исполнуваат критериумите за операција се оперираат – стерилизираат.

По завршената операција, оперираните животни се сместуваат во болничко одделение каде што престојуваат до зараснување на оперативната рана. Во постоперативниот период животните се сместуваат во наменски кафези, односно боксови, се врши редовно хранење и се под постојан надзор од соодветни стручни лица. Боксовите во стационарот редовно се чистат, се врши дезинфекција и дезинсекција, а по потреба и соодветна дератизација на целиот простор на стационарот.

Непосредно пред напуштање на стационарот над животните се врши вакцинација против

беснило и дехелментизација. Животните обележани со ушна маркица, се враќаат на истата локација каде што претходно биле заловени.

### 4.4. Посвојување и вдомување

Посвојување и вдомување е најхуман начин за згрижување на напуштените животни. Сите животни кои се вдомуваат, мора да бидат вакцинирани, стерилизирани и да имаат микрочип, а оваа постапка важи и за сопственикот кој веќе имал вдомено животно.

Со цел да се олесни и промовира вдомувањето на бездомните животни, стационарите треба да соработуваат со здруженијата за заштита на животни како и заинтересираните граѓани.

Задолжително е редовно фотографирање на сите животни и нивно објавување на наменски отворени веб портали, со цел да биде олеснет и поттикнат процесот на вдомување миленик.

### 4.5. Еутаназија

Еутаназијата е во целост неефикасен метод за контрола и решавање на проблемот со напуштените животни на долгорочно ниво и препорачано од страна на Светската Здравствена Организација може да се спроведе само и исклучиво како хумана еутаназија на болни животни, кои се смртно болни или повредени и кога е невозможно да се елиминира болката. Во тој контекст, а во рамки на оваа програма, еутаназијата смее да се изведе само како последна опција во случаи кога не постои друг начин на едно животно да му се помогне или кога нема никој заинтересиран да го превземе понатамошното лекување на многу болно животно, како и во случај кога станува збор за екстремно агресивно животно за кое нема можност за ресоцијализација. Одлуката за извршување на еутаназија може да ја донесе само ветеринарно лице, при комисиско оправдување на одлуката од 3 ветеринарни лица. Неопходна е детална аргументација на ваквиот чекор во регистарот на еутанизирани животни. Еутанизираните животни се отстрануваат согласно законските пропишани начини и се закопуваат во специјално изградени гробни јами.

## 5. ВКЛУЧУВАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ВО ПРОГРАМАТА – ВОВЕДУВАЊЕ НА СТАТУС„СТАРАТЕЛ НА БЕЗДОМНИ ЖИВОТНИ"

Физичко лице кое доброволно со сопствени средства, обезбедува храна и ветеринарна помош и грижа на напуштени животни, континуирано го следи статусот, се смета како СТАРАТЕЛ на бездомни животни. Со својот волонтерски ангажман и пружени информации овие лица ја помагаат Општината да поквалитетно ги врши дејствијата од областа на зоохигиената на територијата на општината и се сметаат, во смисла на оваа Програма за важна компонента во процесот на контрола на бездомните животни кои се наоѓаат на јавните површини од градот. Овие лица се грижат за напуштени животни во согласност со важечките законски прописи во областа на ветеринарната медицина и благосостојбата на животните и во исто време не го загрозуваат мирот и безбедноста на граѓаните и животната средина. Освен што директно и помагаат на општината преку грижа и хранење на животните, при што директно и индиректно придонесуваат кон колективната здравствена заштита и контрола на популацијата на бездомни животни, нивниот ангажман помага и во обезбедување на информации (бројка на

стерилизирани/нестерилизирани животни, бројка на починати животни и сл.) на општинските служби. Во интерес на општината е да одржува интензивна соработка меѓу државните институции, ЕЛС и старателите, се со цел здравствена заштита на луѓето, животните, општата безбедност и хуман третман кон бездомните животни. Светските искуства покажуваат дека ангажирањето на овие граѓани кои се грижат за животните е незаменлива и од суштинска важност (обезбедува бесплатна волонтерска помош) за контролата на бездомните животни по нивното враќање на улица.

Лица кои се грижат за напуштени животни се евидентираат во Општина Крива Паланка. Старателот на бездомните животни пријавува и може да пружа асистенција на службата за заловување со цел животните кои не се стерилизирани да бидат заловени и да подложат на третман на овариохистеректомија и орхиектомија, дехелминтизација, идентификација и повторно враќање на локацијата на која биле заловени, како и да помогне во процесот на вдомување на што поголем број на животни.

Старателот на бездомните животни треба да ја извести надлежната служба при општината за исчезнување или смрт на бездомно животно за кое се грижи, по што тој податок се евидентира. Старател на бездомно животно е лице кое врши општествено корисна дејност и со своето волонтерско дејствување и помага на заедницата во која живее. Старателот на бездомни животни во ниту еден случај не одговара материјално ни кривично за штета (по одредбите за објективна одговорност на ЗОО) што евентуално би ја направиле бездомните животни за кои се грижи.

## 6. ЕДУКАЦИЈА И ИНФОРМИРАЊЕ

Образованието е едно од долгорочните позитивни решенија за контрола на бездомните животни, па затоа од фундаментално значење е промовирање на едукативни кампањи насочени кон промовирање на непречена и конструктивна коегзистенцијамеѓу луѓето и животните и одговорен однос кон животните. За да се постигнат споменатите резултати, потребно е во овие кампањи покрај сопствениците на животни истарателите на бездомни животни, да се вклучат сите граѓани (возрасни, млади и деца) со вклучување на сите релевантни чинители (на пример, училиштата и медиумите) како и луѓето кои работат со животни. Главните аспекти се однесуваат на следново:

- Да се воведе концептот на одговорно сопственишство, важноста од стерилизација, вакцинација, идентификација и регистрација;
- Да се поттикнат сопствениците да ги стерилизираат, вакцинираат, да ги идентификуваат и да ги регистрираат своите миленици;
- Да се поттикнат и промовираат најдобрите практики од соседните земји;
- Да се промовира одговорна грижа за „маалските“ бездомни животни;
- Да се едуцираат граѓаните и да се промовира почитувањето на биолошките, психолошките и етолошките потреби на милениците;
- Да се поттикнат волонтерството во прифатилиштата за кучиња и одговорното вдомување;

- Да се обесхрабри купувањето на домашни миленици;
- Да се поттикнат луѓето да пријават малтретирање, злоупотреба и убиство на животни до соодветните органи;
- Да се обучат луѓето кои работат со животни (како во прифатилиштата, така и на улиците).

## 7. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Финансирањето на програмата ќе се врши од средствата предвидени со Буџетот на Општина Крива Паланка за 2021 година. Потребните средства за реализација на програмата за заловување и третирање износуваат околу 300.000,00 денари.

Потребните средства се предвидени за заловување и третирање на околу 50 кучиња скитници на територијата на општина Крива Паланка, и тоа во урбаниот дел на општината како и во руралните подрачја на општината.

Плаќањето на избереиот економски оператор за ваква намена ќе се врши врз основа на извршената реализација поткрепена со записник од комунален инспектор.

## 8. НОСИТЕЛ И ИЗВРШИТЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Носител на активностите од оваа програма ќе биде Одделението за урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина врз основа на претходна согласност на Советот на Општина Крива Паланка.

Извршител на програмата ќе биде економски оператор кој поседува лиценца на вршење на наведените активности издадена од соодветен државен орган, а истиот ќе биде избран по пат на јавен оглас за јавна набавка согласно законските прописи.

Носителот на активностите од оваа програма годишно доставува извештај за реализација на програмата на крајот од годината до Советот на Општина Крива Паланка.

## 9. НАДЗОР

Надзор на извршување на програмата врши Одделението за урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина, во соработка со Агенцијата за храна и ветеринарство и Здруженијата за заштита на животните.

Инспекциски надзор над спроведувањето на работите од страна на економскиот оператор врши Одделението за инспекциски надзор преку Овластен комунален инспектор.

## 10. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа програма влегува во сила со денот на донесувањето, истата ке се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“, а ќе се применува од 01.01.2021 година.

По усвојување на програмата од страна на Советот на Општина Крива Паланка истата се доставува до Агенцијата за храна и ветеринарство. По усвојување на програмата на предлог на носителот на програмата Општина Крива Паланка ќе спроведе постапка за избор на економски оператор за собирање и третирање на кучиња скитници.

Одредени делови од *Програмата за решавање на проблемот со кучиња скитници на подрачјето на Општина Крива Паланка за 2021 година* во принцип се родово сензитивни, активностите насочени кон решавање на проблемот индирекно придонесуваат за создавање на услови за безбедно движење во извршување на своите секојдневни активности на граѓаните, посебно жените и децата во општината.

**Бр.09-3365/43**
**27.11.2020год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10,08/14и 02/18),03/19 Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Програма за третирање на кучиња скитници на подрачјето на Општина Крива Паланка за 2021 година**

1. Се објавува Програма за третирање на кучиња скитници на подрачјето на Општина Крива Паланка за 2021 година , што Советот ја донесе на 45-та седница,одржана на ден 27.11.2020 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08-3365/44**
**30.11.2020 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 22 став 1 алинеа 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 20 став 1 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Р.С.М.“ бр.32/20) и член 14 од Статутот на општината Крива Паланка („Службен гласник на општината Крива Паланка“ бр.8/2010), Советот на општината Крива Паланка на седницата одржана на 27.11.2020 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**

**За изработка на урбанистички планови во општината Крива Паланка за 2021 год.**

Годишната програма за изработка на урбанистички планови претставува своевидна рамка на приоритетите во областа на урбаното живеење, а пред се таа е произлезена од потребите и проблемите на локалната заедница, како и развојната стратегија на општината Крива Паланка.

Навременото донесување на планска документација за потребите на урбаното и руралното подрачје е неопходно и приоритетно во развојниот процес на општината Крива Паланка. Во спротивно се иницираат и создаваат низа урбани и социјално-економски негативни последици врз целокупниот живот на заедницата.

Урбанистичкиот план е јавен документ со кој се уредува организацијата, намената, формата и начинот на употреба на просторот и земјиштето, како и просторните и функционалните услови за изградба и употреба на планираните градби.

Урбанистичкиот проект е планско-проектна документација што се изработува за разработка и спроведување на урбанистички план.

**VI. Преглед на урбанистички планови кои се во фаза на изработка и донесување:**

**1. Генерален урбанистички план за Крива Паланка:**

- Нов Генерален урбанистички план за Крива Паланка со површина на опфат од 659,06 ха во К.О. Крива Паланка, К.О. Конопница, К.О. Мартиница, К.О. Варовиште, К.О. Дрење, К.О. Лозаново, К.О. Градец Општина Крива Паланка. (финансиран од Влада на РСМ)

**2. Детални урбанистички планови за Крива Паланка:**

- Изработка и донесување на ДУП за урбан блок 1-Д;
- Изработка и донесување на ДУП за урбан блок 4-А;
- Изработка и донесување на ДУП за урбан блок 7-А;
- Изработка и донесување на ДУП за урбан блок 13-В.

Горенаведените урбани блокови се со следните опфати и површини:

- **ДУП за урбан блок 1-Д**

Границата започнува од вливот на долот во спротивска маала во Крива Река, оди кон североисток узводно по течението на Крива Река, доаѓа до границата со К.О. Дрење, оди кон север по границата и доаѓа до трасата на железничката пруга кон југозапад и оди покрај трасата на железничката пруга и доаѓа до долот во спротивска маала кон југоисток и оди низводно по долот и доаѓа до вливот на долот во Крива Река.

Површината на овој опфат изнесува 16,19 ха.

- **ДУП за урбан блок 4-А**

Границата започнува од вливот на Дурачка Река во Крива Река и се движи узводно по Дурачка Река, доаѓа до к.п.бр.1759 и к.п.бр.1760 и свртува по границата на парцелата и излегува на ул.„8-ми Октомври“, преминува преку улицата и доаѓа на кракот на ул.„8-ми Октомври“ (кај скалите), продолжува по кракот на ул.„8-ми Октомври“ и доаѓа до ул.„Калин Камен“, продолжува по оваа улица и излегува на ул.„Св. Јоаким Осоговски“ (пред тениското игралиште), свртува кон запад и оди по улицата и доаѓа до „Осички мост“ каде што излегува кај Крива Река, се движи по течението на Крива Река и доаѓа до вливот на Дурачка Река во Крива Река.

Површината на опфатот изнесува 11,67 ха.

- **ДУП за урбан блок 7-А**

Границата започнува од вливот на долот „Единство“ во Крива Река и се движи узводно по долот и доаѓа до мостот на долот и ул.„Св. Јоаким Осоговски“, поминува преку улицата и оди по границата со нас. „Единство“ и доаѓа до ул.„Пиринска“ кај „ловечки дом“ каде што свртува кон исток и доаѓа до ул.„Св. Јоаким Осоговски“, продолжува по улицата кон североисток и доаѓа до новиот крак и излегува на мостот со мостот Нимулија каде што свртува низводно по долот и доаѓа до вливот на долот Нимулија во Крива Река, свртува низводно и оди по коритото на Крива Река и доаѓа до вливот на долот „Единство“ во крива Река.

Површината на опфатот изнесува 7,62 ха.

- **ДУП за урбан блок 13-В**

Границата започнува северозападно од магистралниот пат А2 кај долот кај бензинска пупма во населба Грамаѓе продолжува јужно по долот до улица „Пролетерска“ каде свртува источно по улица „Пролетерска“ до КП7128 каде продолжува југо-источно по граници на КП до дол кај КП7125

каде по долот продолжува северно, ја пресекува улица „Пролетерска“ на север по долот до магистралниот пат А2 каде свртува западно по осовина на магистралниот пат А2.

Површината на опфатот изнесува 7,01 ха.

**VII. Преглед на локални урбанистички плански документации кои се во фаза на изработка и донесување:**

4 Изработка и донесување на ЛУПД за комплекс „Старо Школо“ со намена В3-култура во с.Градец КО Градец, Општина Крива Паланка.

**III. Урбанистички планови за кои треба да започне изработка и донесување:**

**1. Генерален урбанистички план за Крива Паланка:**

- Измена и дополна на важечки Генерален урбанистички план за Крива Паланка со површина на опфат од 615 ха во К.О. Крива Паланка, К.О. Конопница, К.О. Варовиште, К.О. Градец Општина Крива Паланка во Синхронична постапка кога се усогласува ДУП со ГУП што се во постапка за измена и дополнување и кога изменувањето и дополнувањето на ДУП е условено со измена и дополнување на ГУП. (финансиран од Општина Крива Паланка)

**2. Детални урбанистички планови за Крива Паланка:**

**-** Детални урбанистички планови за Крива Паланка кој ги опфаќа блоковите 9-А, 10-А и 20-А со површина од 33,83 ха.

Горенаведените урбани блокови се со следните опфати и површини:

- **ДУП за урбан блок 9-А**
  Границата започнува од западно од регулација на Крива Река, продолжува јужно по „Дол Житен склад“, ја пресекува ул.„Св. Јоаким Осоговски“ до населба по ул.„Гоце Делчев“ до КП3618 каде свртува источно по ул.„Гоце Делчев“ на запад до КП3510, продложува на север до КП3488, потоа свртува источно кон КП3490 кон „Дол Единство“, каде продолжува северно по „Дол Единство“ ја пресекува ул.„Св. Јоаким Осоговски“ се до регулација на Крива Река, свртува западно по регулација на Крива Река.

  Површината на опфатот изнесува 8,94 ха.

- **ДУП за урбан блок 10-А**
  Границата започнува од вливот на долот „Скрљавски дол“ во Крива Река и оди кон југ узводно по долот и доаѓа до ул„Св. Јоаким Осоговски“, свртува кон исток и оди по ул.„Св. Јоаким Осоговски“ и доаѓа до долот кај житен склад каде што свртува кон север и оди по течението на долот до вливот на долот во Крива Река каде што свртува кон запад и оди по течението на Крива Река и доаѓа до вливот на „Скрљавски дол“ во Крива Река.

  Површината на опфатот изнесува 11,89 ха.

- **ДУП за урбан блок 20-А**
  Границата започнува северно од магистралниот пат Крива Паланка-Куманово, продолжува јужно низ „Даглин Дол“ по граница со КО Конопница, ги обиколува Градските гробишта, свртува источно по граница на КО Конопница до дол кај „Црвеница“ во населба „Грамаѓе“, освртува северно по дол кај „Црвеница“ во населба „Грамаѓе“ до магистралниот пат, свртува западно по магистралниот пат се до почетната точка.

  Површината на опфатот изнесува 13,00 ха.

**IV. Урбанистички план вон населено место за кои треба да започне изработка и донесување:**

5 Изработка и донесување на УПВНМ за изградба на викенд населба за м.в. „Крива нива“ КО Бс, Општина Крива Паланка.

**V. Изработка на урбанистичка планска документација**

-Урбанистичка планска документација ќе се изработува по одобрена иницијатива поднесена од страна на правно или физичко лице за градот Крива Паланка каде што нема ДУП и за останатите населени места во општината Крива Паланка за кои нема урбанистички планови;

-Границата и содржината на урбанистичките планови се утврдуваат со планска програма.

**VI. Ревизија на урбанистичка планска документација**

-Изработка на Ревизија за урбанистичка планска документација од страна на правно лице што ги исполнува условите за вршење на работите за изработување на ревизија согласно законот за урбанистичко планирање.

**VII. Финансирање на изработка и донесување на урбанистички планови**

- За изработка на нов ГУП за Крива Паланка за површина од 659,06 ха средствата за финасирање ќе се обезбедат од буџетот на Република Северна Македонија.
- За Измена и дополна на важечки ГУП за Крива Паланка за површина од 615 ха во синхронична постапка за донесување на ДУП за урбан блок 10А со попвршина од 11.89 ха, средствата за финасирање ќе се обезбедат од буџетот на Општина Крива Паланка во вредност од 800.000,00 денари.
- За изработка и донесување на Деталните урбанистички планови дадени во глава I на оваа програма, потоа локална урбанистичка планска документација за комплекс „Старо Школо“ со намена В3-култура во с.Градец КО Градец - Општина Крива Паланка во глава II на оваа програма потребни се средства во износ од 1.000.000,оо денари. Средствата ќе се обезбедат од буџетот на Општина Крива Паланка.
- За изработка на Детални урбанистички планови за Крива Паланка за површина од 21.94 ха од глава III на оваа програма потребни се средства во износ од 504.750,оо денари. Средствата ќе се обезбедат од буџетот на Општина Крива Паланка.
- За ревизија урбанистички планови од точка VI се потребни сретства во вредност од 100.000,00 денари кои ќе се обезбедат од буџетот на Општина Крива Паланка.

- Вкупно потребни стретства за реализација на Програмата за урбанистички планови за 2021 година се во вредност од 2.200.000,оо денари и иститe ќе се обезбедат од буџетот на Општина Крива Паланка а останатите сретства кои се потребни за изработка и донесување на урбанистички планови започнати по поднесени иницијативи од страна на физички и правни лица ќе се обезбедат од нивна страна.

**Бр. 09-3365/45**
**27.11.2020год.**

**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10,08/14и 02/18),03/19 Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Програма за изработка на урбанистички планови и локални урбанистички плански документации во општина Крива Паланка за 2021 година**

1. Се објавува Програма за изработка на урбанистички планови и локални урбанистички плански документации во општина Крива Паланка за 2021 година , што Советот ја донесе на 45-та седница,одржана на ден 27.11.2020 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08-3365/46**
**30.11.2020 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 а во врска со член 22 став 1 точка 10 и 11 од Законот за локалната самоуправа („Службен Весник на Република Македонија“бр.5/2002), член 49 и 51 од Законот за пожарникарство („Службен весник на Република Македонија“ бр.67/04, 81/2007 и 55/2013, 158/2014, 193/2015, 39/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.152/19), член 2 став 1 од Законот за управување со кризи („Службен весник на Република Македонија“ бр.29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18), член 4 став 2 и член 9 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18) и член 14 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.08/10, 08/2014, 02/2018 и 03/2019), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 27.11.2020 година, донесе:

# П Р О Г Р А М А

## за активностите на Општина Крива Паланка во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и управување со кризи во 2021 година

Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и управувањето со кризи ги утврдува заедничките интереси и активности во овие области, кои претставуваат активности од јавен интерес. Според законските одредби, Општина Крива Паланка во 2021 година овие активности ќе ги остварува, насочува и координира преку :

- Општинскиот штаб за заштита и спасување
- Просторни сили за заштита и спасување,
- Комисијата за процена на штета од елементарни и други непогоди на територијата на Општина Крива Паланка
- Територијалната противпожарна единица која ќе дејствува на територијата на Општина Крива Паланка.

**I. Цели:**

-заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди, пожари во населени места, во шуми, отворени простори, поплави, сообраќајни несреќи и др;

-заштита и спасување на луѓето, животната средина, материјалните добра, природните богатства, животинскиот и растителниот свет и културното наследство од природни непогоди и други несреќи во мир и вонредна состојба;

-создавање на услови и можности за организирано остварување и реализација на заштитата на луѓето и материјалните добра;

-обезбедување на навремено истакнување на опасноста, благовремено откривање и елиминирање на причините за настанување на пожари и други видови непогоди;

-обезбедување на услови и можности за соодветна организација, опременост и координираност на силите за заштита и спасување, справување со кризи и противпожарната заштита.

**II. Активности:**

За реализација и остварување на основните цели на оваа Програма, активностите на Општината и Советот ќе бидат насочени кон создавање на максимални услови за реализирање на програмските определби во доменот на противпожарната заштита и спасувањето, како и заштитата и спасувањето во услови на разни видови непогоди, кризни состојби и други несреќи во мир.

Во оваа насока, активностите претежно ќе бидат насочени кон обезбедување на услови за квалитетна, брза и во законски рамки реализирана активност. Општина Крива Паланка во рамките на своите материјални можности ќе обезбеди услови потребни за квалитетна и технички стручно подготвена единица за противпожарна заштита, која ќе може брзо и ефикасно да дејствува на целото подрачје на Општина Крива Паланка. Создавање на услови за воспоставување, развој и зајакнување на доброволната противпожарна организација со подеднакво учество на жените и мажите во истата на својата територија како и непречено функционирање на останатите субјекти од областа на заштитата и спасувањето на територијата на општината.

**III. Финансирање**

Финансирањето на активностите од областа на заштитата и спасувањето, справувањето со кризни состојби и дејствувањето на Територијалната противпожарна единица, утврдени според оваа Програма ќе биде реализирано од:

- Средства од Буџетот на Општина Крива Паланка;
- Средства од Буџетот на РМ;
- Наплатени премии за осигурување на моторни возила (КАСКО) и осигурување од одговорност од употреба на моторни возила;
- Приходи од сопствени извори за извршени услуги од страна на Територијалната противпожарна единица

**IV. Распоредување на финансиските средства:**

Приходи за противпожарна заштита, заштита и спасување и управување со кризи:

**Приходи**

| | |
|---|---|
| 1. Наменска дотација | 8.474.000,00 |
| 2. Наплатени премии од каско осигурување | 500.000,00 |
| 3. Буџет на Општина Крива Паланка | 1.040.000,00 |
| 4. Приходи од сопствени извори на ТППЕ | 20.000,00 |
| 5. **Вкупно** | **10.034.000,00 денари** |

**А.) Расходи за противпожарна заштита**:

| | |
|---|---|
| 1. Плати,наемнини и надоместоци за вработените | 8.474.000,00 |
| 2. Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 400.000,00 |
| 3. Поправки и тековно одржување на возила | 290.000,00 |
| 4. Набавка на гуми и резервни делови за ПП возила | 70.000,00 |
| 5. Набавка на техничка и заштитна опрема | 70.000,00 |
| 6. Регистрација на возила | 30.000,00 |
| 7. Обука- договорни услуги (трибини, обуки) | 70.000,00 |
| 8. Учество во проекти и програми | 30.000,00 |
| **Вкупно** | **9.434.000,00 денари** |

**Б). Расходи за заштита и спасување:**

| | |
|---|---|
| 1. Трансфер на средства | 50.000,00 |
| 2. Набавка на опрема и средства | 250.000,00 |
| **3. Вкупно:** | **300.000,00 денари** |

**В). Расходи за управување со кризи:**

| | |
|---|---|
| 1. Трансфер на средства | 50.000,00 |

2. Набавка на опрема и средства 250.000,00

**3. Вкупно: 300.000,00 денари**

**Вкупно расходи А, Б + В: 10.034.000,00 денари**

**V. Други форми на активности за поддржување и помагање на ТППЕ**

Активностите на Територијалната противпожарна единица – Крива Паланка, кои ги надминуваат границите на територијата на Општина Крива Паланка, освен со финансиски средства, Градоначалникот и Советот на Општина Крива Паланка ќе ги помагаат и стимулираат и со:

-одбележување на Денот на пожарникарите;

-учество на Градоначалникот и претставници на Советот на средби и настани организирани од страна на ТППЕ Крива Паланка по разни поводи и прослави

-поддршка и учество во проектни активности

**VI. Завршни одредби:**

За спроведување на оваа Програма се грижи Советот, Градоначалникот на Општина Крива Паланка и вработените во Општина Крива Паланка.

Во соработка со Општинскиот штаб за заштита и спасување, Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за управување со кризи и другите надлежни органи и тела, вработените во одделенијата и територијалната противпожарна единица при Општина Крива Паланка, ќе го следат спроведувањето на оваа Програма и активно ќе учествуваат во нејзината реализација, како и во покренувањето на иницијативи, давање на мислења и поднесување на предлози во врска со остварувањето на програмските цели и активности.

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, истата ќе се објави во Службен гласник на општина Крива Паланка, а ќе се применува од 01.01.2021 година.

**Бр.09-3365/47**
**27.11.2020 година**
**Крива Паланка**

**Советот на Општина Крива Паланка**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10,08/14и 02/18),03/19 Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Програма за активностите на Општина Крива Паланка во областа на заштитата и спасување ,противпожарна заштита и управување со криза за 2021 година**

1. Се објавува Програма за активностите на Општина Крива Паланка во областа на заштитата и спасување ,противпожарна заштита и управување со криза за 2021 година, што Советот ја донесе на 45-та седница,одржана на ден 27.11.2020 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08-3365/48**
**30.11.2020 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), член 14 став 1 точка 30, 40 и 41 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10, 08/14, 02/18 и 03/19), а во врска со економските мерки на Владата на РСМ за справување со кризата од COVID-19, Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на 27.11.2020 година, донесе

## О Д Л У К А

### за ослободување од плаќање на 50% од надоместокот по основ на закуп на јавни површини и комунална такса за урбана опрема

**Член 1**

Со оваа Одлука се ослободуваат од плаќање на 50% од надоместокот по основ на закуп на јавни површини (претпростор) и комунална такса за урбана опрема, сите угостителски објекти кои ќе поднесат барање за користење на јавни површини (претпростор) за поставување на урбана опрема за период од најмалку 1 (една) година, заедно со целокупната придружна документација, доколку барањето го поднесат најдоцна до 31.12.2020 година.

Сите угостителски објекти, кои согласно став 1 од овој член ќе бидат ослободени од плаќање на 50% од утврдениот надоместок, плаќањето на обврската по изготвените пресметки ќе мораат да го извршат најдоцна до 31.12.2021 година.

**Член 2**

Оваа одлука се донесува како дел од економските мерки на Општина Крива Паланка за справување со кризата од COVID-19.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

Оваа Одлука има важност до 31.12.2021 година.

**Бр. 09 – 3365/49**
**27.11.2020 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НАОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10,08/14и 02/18),03/19 Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за ослободување од плаќање на 50% од надоместокот по основ на закуп на јавни површини и комунална такса на урбана опрема**

1. Се објавува Одлука за ослободување од плаќање на 50% од надоместокот по основ на закуп на јавни површини и комунална такса на урбана опрема, што Советот ја донесе на 45-та седница,одржана на ден 27.11.2020 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08-3365/50**
**30.11.2020 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправни објекти („Сл.весник на РМ“ бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/2017) и член 14 од Статутот на општината Крива Паланка („Сл.гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/2010, 8/14, 2/18 и 3/2019), Советот на општината Крива Паланка на седницата одржана на ден 27.11.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши usoгласување на намените за к.п.бр.5095/26 во КО Жидилово,**

**Општина Крива Паланка**

**Член 1**

Се утврдува дека ќе се донесе урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши usoгласување на намените.

**Член 2**

Локалитетот за кој се врши утврдувањето за донесување на урбанистичко-планска документација се наоѓа во село Жидилово на к.п.бр.5095/26 во КО Жидилово, Општина Крива Паланка сопственост на Благој Костовски.

**Член 3**

На овој локалитет нема урбанистички план за село Жидилово.

**Член 4**

Со изработка на урбанистички план за село Ќидилово за овој локалитет ќе се предвиди намена А1-домување во станбени куќи.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крива Паланка.

**Бр.09-3365/51**
**27.11.2020 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10,08/14и 02/18),03/19 Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п бр.5095/26 во КО Жидилово,Општина Крива Паланка**

1. Се објавува Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п бр.5095/26 во КО Жидилово,Општина Крива Паланка , што Советот ја донесе на 45-та седница,одржана на ден 27.11.2020 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08-3365/52**
**30.11.2020 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправни објекти („Сл.весник на РМ“ бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/2017) и член 14 од Статутот на општината Крива Паланка („Сл.гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/2010, 8/14, 2/18 и 3/2019), Советот на општината Крива Паланка на седницата одржана на ден 27.11.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.5098/3 во КО Жидилово,**

**Општина Крива Паланка**

**Член 1**

Се утврдува дека ќе се донесе урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените.

**Член 2**

Локалитетот за кој се врши утврдувањето за донесување на урбанистичко-планска документација се наоѓа во село Жидилово на к.п.бр.5098/3 во КО Жидилово, Општина Крива Паланка сопственост на Цветко Младеновски.

**Член 3**

На овој локалитет нема урбанистички план за село Жидилово.

**Член 4**

Со изработка на урбанистички план за село Жидилово за овој локалитет ќе се предвиди намена А1-домување во станбени куќи.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крива Паланка.

**Бр.09-3365/53**
**27.11.2020 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10,08/14и 02/18),03/19 Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п бр.5098/3 во КО Жидилово,Општина Крива Паланка**

1. Се објавува Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п бр.5098/3 во КО Жидилово,Општина Крива Паланка , што Советот ја донесе на 45-та седница,одржана на ден 27.11.2020 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08-3365/54**
**30.11.2020 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправни објекти („Сл.весник на РМ“ бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/2017) и член 14 од Статутот на општината Крива Паланка („Сл.гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/2010, 8/14, 2/18 и 3/19), Советот на општината Крива Паланка на седницата одржана на ден 27.11.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр. 176/4 во КО Крива Паланка,**

**Општина Крива Паланка**

**Член 1**

Се утврдува дека ќе се донесе урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените.

**Член 2**

Локалитетот за кој се врши утврдувањето за донесување на урбанистичко-планска документација се наоѓа на ул.„Партизанска“ на к.п.бр.176/4 во КО Крива Паланка сопственост на Иво Миленковски.

**Член 3**

На овој локалитет според постојниот Генерален урбанистички план за Крива Паланка е предвидено намена домување во станбени куќи.

**Член 4**

Со изработка на Детален урбанистички план за Крива Паланка за овој локалитет ќе се предвиди намена домување во станбени куќи.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крива Паланка.

**Бр.09-3365/55**
**27.11.2020 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10,08/14и 02/18),03/19 Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п бр.176/4 во КО Крива Паланка,Општина Крива Паланка**

1. Се објавува Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п бр.176/4 во КО Крива Паланка,Општина Крива Паланка , што Советот ја донесе на 45-та седница,одржана на ден 27.11.2020 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08-3365/56**
**30.11.2020 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

**Ред.бр** **С О Д Р Ж И Н А** **страна**


| | | |
|---|---|---|
| 1. | Одлука за усвојување на Програма за работа на ЛУ,,Градски музеј’’Крива Паланка за 2021 година ........................................................................................ | 1 |
| 2. | Заклучок за објавување на Одлука за усвојување на Програма за работа на ЛУ,,Градски музеј’’Крива Паланка за 2021 година............................................ | 2 |
| 3. | Програма за активности на Општина Крива Паланкаво областа на образование за 2021 година ........................................................................................ | 3 |
| 4. | Заклучок за објавување на Програма за активности на Општина Крива Паланка во областа на образование за 2021 година....................................................... | 7 |
| 5. | Одлука за распределба на средства за блок дотација за 2021 година................ | 8 |
| 6. | Заклучок за објавување на Одлука за распределба на средства за блок дотација за 2021 година........................................................................... | 10 |
| 7. | Програма за активности на Општина Крива Паланка во областа на развој на информатичка технологија за 2021 година......................................................... | 11 |
| 8. | Заклучок за објавување на Програма за активности на Општина Крива Паланка во областа на развој на информатичка технологија за 2021 година................... | 13 |
| 9. | Програма за активности на Општина Крива Паланка во областа на спорт за 2021 година ........................................................................................ | 14 |
| 10. | Заклучок за објавување на Програма за активности на Општина Крива Паланка во областа на спорт за 2021 година................................................................. | 18 |
| 11. | Програма во областа на културата и културните манифестации за 2021 година... | 19 |
| 12. | Заклучок за објавување на Програма во областа на културата и културните манифестации за 2021 година........................................................................ | 29 |
| 13. | Програма за активностите на Општина Крива Паланка во областа на Локалниот економски развој за 2021 година...................................................................... | 30 |
| 14. | Заклучок за објавување на Програма за активностите на Општина Крива Паланка во областа на Локалниот економски развој за 2021 година.................. | 46 |
| 15. | Програма за социјална,детска и здравствена заштита во Општина Крива Паланка за 2021 година.......................................................................... | 47 |
| 16. | Заклучок за објавување на Програма за социјална,детска и здравствена заштита во Општина Крива Паланка за 2021 година............................................ | 59 |
| 17. | Програма на Општина Крива Паланка од областа на соработка со здруженија на граѓани и фондации за 2021 година..................................................................... | 60 |
| 18. | Заклучок за објавување на Програма на Општина Крива Паланка од областа на соработка со здруженија на граѓани и фондации за 2021 година........................ | 63 |
| 19. | Одлука за усвојување на Локален акциски план за родова рамноправност Општина Крива Паланка за 2021-2023 година....................................................... | 64 |
| 20. | Заклучок за објавување на Одлука за усвојување на Локален акциски план за родова рамноправност Општина Крива Паланка за 2021-2023 година................... | 81 |
| 21. | Програма за активностите на Општина Крива Паланка во областа на еднаквите можности за 2021 година.......................................................................................... | 82 |
| 22. | Заклучок за објавување на Програма за активностите на Општина Крива Паланка во областа на еднаквите можности за 2021 година................................. | 91 |
| 23. | Програма за изградба,реконструкција и одржување на локалната водоводна и канализациона мрежа во Општина Крива Паланказа 2021 година....................... | 92 |

| | | |
|---|---|---|
| 24. | Заклучок за објавување на Програма изградба,реконструкција и одржување на локалната водоводна и канализациона мрежа во Општина Крива Паланказа 2021 година.................................................................... | 103 |
| 25. | Програма за уредување на градежно земјиште во Општина Крива Паланка за 2021 година............................................................................ | 104 |
| 26. | Заклучок за објавување на Програма за уредување на градежно земјиште во Општина Крива Паланка за 2021 година.............................................. | 129 |
| 27. | Програма изградба,реконструкција и одржување и заштита на локалната патна мрежа во Општина Крива Паланказа 2021 година.......................... | 130 |
| 28. | Заклучок за објавување на Програма изградба,реконструкција и одржување и заштита на локалната патна мрежа во Општина Крива Паланка за 2021 година............................................................................ | 136 |
| 29. | Програма за изградба,реконструкција и одржување на јавното осветлување во Општина Крива Паланка за 2021 година......................... | 137 |
| 30. | Заклучок за објавување на Програма за изградба,реконструкција и одржување на јавното осветлување во Општина Крива Паланка за 2021 година........................................................................................... | 142 |
| 31. | Програма за јавна чистота во град Крива Паланка за 2021 година............. | 143 |
| 32. | Заклучок за објавување на Програма за јавна чистота во град Крива Паланка за 2021 година............................................................................. | 164 |
| 33. | Програма за уредување на и одржување на градско зеленило во Крива Паланка за 2021 година............................................................................. | 165 |
| 34. | Заклучок за објавување на Програма за уредување на и одржување на градско зеленило во Крива Паланка за 2021 година................................. | 197 |
| 35. | Програма за изработка на техничка документација документација – Основен сообраќаен проект за режимот на сообраќај на улиците во Општина Крива Паланка и нивната реализација за 2021 година.............. | 198 |
| 36. | Заклучок за објавување на Програма за изработка на техничка документација документација –Основен сообраќаен проект за режимот на сообраќај на улиците во Општина Крива Паланка и нивната реализација за 2021 година........................................................................................ | 201 |
| 37. | Програма за управување со отпад на Општина Крива Паланка за 2021 година........................................................................................ | 202 |
| 38. | Заклучок за објавување на Програма за управување со отпад на Општина Крива Паланка за 2021 година.................................................. | 217 |
| 39. | Програма за превентивна дезинсекција и дератизација во Општина Крива Паланка за 2021 година........................................................................... | 218 |
| 40. | Заклучок за објавување на Програма за превентивна дезинсекција и дератизација во Општина Крива Паланка за 2021 година......................... | 221 |
| 41. | Програма за третитање кучиња скитници на подрачјето на Општина Крива Паланка за 2021 година................................................................. | 222 |
| 42. | Заклучок за објавување на Програма за третитање кучиња скитници на подрачјето на Општина Крива Паланка за 2021 година.............................. | 231 |
| 43. | Програма за изработка на урбанистички планови и локални урбанистички плански документации во општина Крива Паланка за 2021 година............ | 232 |
| 44. | Заклучок за објавување на Програма за изработка на урбанистички планови и локални урбанистички плански документации во општина Крива Паланка за 2021 година................................................................ | 237 |

| | | |
|---|---|---|
| 45. | Програма за активностите на Општина Крива Паланка во областа на заштитата и спасување ,противпожарна заштита и управување со кризи за 2021 година........................................................................................ | 238 |
| 46. | Заклучок за објавување на Програма за активностите на Општина Крива Паланка во областа на заштитата и спасување ,противпожарна заштита и управување со кризи за 2021 година...................................................... | 242 |
| 47. | Одлука за ослободување од плаќање на 50 % од надоместокот по основ на закуп на јавни површини и комунална такса за урбана опрема........... | 243 |
| 48. | Заклучок за објавување на Одлука за ослободување од плаќање на 50 % од надоместокот по основ на закуп на јавни површини и комунална такса за урбана опрема.......................................................................................... | 244 |
| 49. | Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п бр.5095/26 во КО Жидилово,Општина Крива Паланка.............................. | 245 |
| 50. | Заклучок за објавување на Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п бр.5095/26 во КО Жидилово,Општина Крива Паланка | 246 |
| 51. | Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п бр.5098/3 во КО Жидилово,Општина Крива Паланка................................ | 247 |
| 52. | Заклучок за објавување на Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п бр.5098/3 во КО Жидилово,Општина Крива Паланка | 248 |
| 53. | Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п бр.176/4 во КО Крива Паланка,Општина Крива Паланка......................... | 249 |
| 54. | Заклучок за објавување на Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п бр.176/4 во КО Крива Паланка,Општина Крива Паланка........................................................................................... | 250 |